МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ – СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

СТУДИСКА ПРОГРАМА: Деловно право

Магистерска работа

ТЕМА: Компаративна анализа на правното регулирање и економското влијание на трудовата миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија: пристапи во контекст на меѓународните економски односи

Ментор:
проф. д-р Јулиа Атанасовска

Кандидат:
Сања Димитрова
бр. на индекс: М247001

Свети Николе, 2026 година

АПСТРАКТ i

Секој од нас има цел да живее подобро – едни да имаат подобро образование, други да имаат подобро место за живеење, подобра култура или поразлична култура од нашата, но многу од нас имаат цел да пронајдат подобро место каде што ќе работат.

Трудовата миграција претставува единствената можност за луѓето да пронајдат подобра работа и со тоа да имаат и подобри услови за живот.

Во мојот труд, прво ќе дадам теоретски осврт за тоа што е всушност трудовата миграција и нејзините причини поради кои таа се појавува и е многу честа особено во последните десет години во нашата држава, но и во земјите во Европа, со посебен акцент на Република Словенија и Сојузна Република Германија. Понатаму ќе се осврнам за тоа кои се нејзините позитивни и негативни страни, услови како таа е поврзана и како делува во нашето општество.

Дополнително ќе се направи компаративна анализа на правното регулирање и ќе се види економското влијание на трудовата миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија, односно пристапите во контекст на меѓународните економски односи, и со тоа ќе погледнеме како трудовата миграција се зголемува, како влијае во нашето општество, и ќе дојдеме до заклучок дека миграцијата претставува еден многу познат феномен кој влијае врз сите нас и не треба воопшто да се занемари, туку, напротив, треба општеството да влијае за да не се зголемува трудовата миграција во наредниот период.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: трудова миграција, работа, општество.

ABSTRACT **ii**

Each of us has a goal to live better, some to have a better education, some to have a better place to live, a better culture or a different culture than ours, but many of us have a goal to find a better place to work.

Labor migration is the only opportunity for people to find a better job and thus have better living conditions.

In my paper, I will first give a theoretical overview of what labor migration actually is and its reasons why it appears and is very common, especially in the last ten years in our country, but also in countries in Europe, which are the Republic of Slovenia and the Federal Republic of Germany. I will then address its positive and negative sides, conditions, how it is connected and how it works in our society.

Additionally, a comparative analysis of legal regulation will be made and the economic impact of labor migration in the Federal Republic of Germany and the Republic of Slovenia will be seen, that is, the approaches in the context of international economic relations, and thus we will look at how labor migration is increasing, how it affects our society and we will come to the conclusion that migration is a very well-known phenomenon that affects all of us and should not be neglected at all, but on the contrary, society should influence so that labor migration does not increase in the coming period.

KEYWORDS: labor migration, work, society.

СПИСОК НА ТАБЕЛИ **iii**

Табела 1: Правен пристап, сличности и разлики меѓу Република Словенија и Сојузна Република Германија.....96

СОДРЖИНА **iv**

АПСТРАКТ……i

ABSTRACT……ii

СПИСОК НА ТАБЕЛИ……iii

ВОВЕД.....1

I. Меѓународна миграција на работна сила во светот и нејзиното влијание на светскиот пазар на труд.....3

1.1. Поим и причини на меѓународна миграција на работна сила.....4

1.2. Видови трудова миграција.....7

1.3. Позитивни и негативни страни на трудовата миграција.....8

1.4. Економски ефекти од трудова миграција..... 9

1.4.1. Демографска состојба како фактор во формирањето на миграциските текови на пазарот на трудот.....12

1.4.2. Проценка на обемот и структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила.....17

1.4.3. Социјални последици од мигациски процеси во светот.....18

1.5. Економски ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Сојузна Република Германија.....24

1.6. Економски ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Република Словенија.....27

1.7. Трудова миграција во Република Северна Македонија и надвор од неа.....29

II. Политика на регулирање на миграциски текови како алатка за надминување на миграциска криза.....31

2.1. Причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција.....34

2.2. Модели на политика за миграција во европските земји.....41

2.2.1. Национална политика за интеграција на трудови мигранти во Сојузна Република Германија.....76

2.2.2. Национална политика за интеграција на трудови мигранти во Република Словенија.....78

2.3. Проблеми на европската миграциска политика и начини за нивното надминување.....84

III. Правно регулирање на трудова миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија.....87

3.1. Национално законодавство и институционални механизми во Сојузна Република Германија.....91

3.2. Национално законодавство и институционални механизми во Република Словенија.....95

3.3. Употреба на правните пристапи: сличности и разлики.....96

ЗАКЛУЧОК.....99

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....101

ВОВЕД

Миграцијата претставува една од најпознатите работи која го одбележува денешното живеење на човекот, а истата таа миграција потекнува уште од минатото кога луѓето барале подобро место на живеење и можност да пронајдат соодветна работа за себе и за своето семејство.

Луѓето порано се населувале на места каде што имаат добри услови за живот, најчесто покрај реките каде имале чиста вода, можност да ги наводнат своите поседи, можност да имаат чиста вода за пиење, можност каде нивните житни култури ќе може да успеат да се одгледуваат, а кога веќе ги одгледувале, имале можност да ги продаваат или разменуваат со други житни култури во тој период. Доколку на луѓето во тој временски период не им успевала некоја житна култура поради временски услови или најразлични други причини, тие се преселувале во други места каде нивните житни култури имале поволни услови за да се одгледуваат.

Луѓето кога веќе имале подобри услови за живот на одредено место, тие таму останувале и ги пренесувале најчесто целите свои семејства кои својот живот го пренесувале таму и со нивните преселби се зголемувале условите тие луѓе да пронајдат нови подобри услови и можност за подобра работа, а со можноста за работа се зголемувала можноста за отворање и пронаоѓање и на други нови професии и нови работни места.

Миграцијата покрај тоа што носи нови работни места, нови подобри услови, таа ја носи и можноста одредени народи да донесат нови култури, да користат свој јазик, можноста тие народи да користат свои обичаи, некои свои знаења, свои верувања за животот и многу нови работи на тие територии. Некои луѓе полесно може да ги прифатат веќе донесените нови обичаи, јазик, култури од другите народи, а други може да предизвикаат конфликти, па дури и војни со другите народи со цел да ги присвојат територииите кон своите држави.

Најпознатата миграција која ја одбележува и историјата и има големо значење за сите нас е Големата преселба на народите[1] каде се преселиле голем број на народи, подоцна

[1] Hans-Joachim Diesner „The Great Migrations > The Movment of Peoples Across Europe, p: 1-15, 1982.

Првата светска војна и Втората светска војна кои биле исто така голема причина за миграција на голем број население поради лошите услови на живот по војната.

Миграциите можат да бидат поделени на повеќе видови, како на пример: привремени или трајни, каде најчесто населението подолг временски период не се враќа во своите домови.

Привремените преселби или дневните миграции ги означуваат дневните движења на населението од своите домови и местата каде што работат или од училиштата или факлутетите каде учат до своите домови. Привремени миграции се исто така миграциите каде луѓето го напуштаат своето место каде живеат и се преселуваат во ново место на живеење заради работа или образование, меѓутоа тие се враќаат во своето место на живеење по извршување на своите обврски.

Една од најзастапените миграции денес е трајната миграција, или позната како иселување, каде учествуваат луѓе кои го напуштаат своето место на живеење трајно и не се враќаат назад.

Трајната миграција често се поврзува со трудовата миграција бидејќи најголем број на луѓе го напуштаат своето место на живеење поради немање доволно работни места или неможноста да се пронајде соодветното работно место за тие лица и затоа овие две миграции често зависат една од друга и се многу слични една меѓу друга.

Миграцијата е тесно поврзана со другите земји каде што луѓето мигрираат, но во овој магистерски труд ќе се даде поголем акцент на економското влијание на трудовата миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија.

I. Меѓународна миграција на работна сила во светот и нејзиното влијание на светскиот пазар на труд

Меѓународната миграција на работна сила е една од најпознатите појави во последните години бидејќи секој работник ги бара своите подобри услови за свое работно место и некои од нив кои се наоѓаат во големи градови каде има услови. Сепак, секој работник оди во друга држава каде мисли дека е побезбеден и каде му се овозможува да ја искористи својата работна сила слободно, без ничија присилба, туку со своја сопствена волја.

Меѓународната миграција на работна сила во светот влијае на многу фактори. Најпрвин влијае на зголемување на населението и кога веќе се зголемува населението, со тоа се зголемува и светскиот пазар на труд и потребата од повеќе работни места за луѓето односно идните работници кои би можеле да се пронајдат во одредени работни места.

Кога би се зголемил светскиот пазар на труд, тогаш би довело и до зголемен број на луѓе кои имаат одредени професии и местото за работа на тие професии би се зголемило, пример во еден помал град или помало село потребата од стоматалог е голема и идните стоматолози кои би се преселиле во тој град може ќе ја пронајдат соодветната работа поради тоа што е зголемен пазарот на трудот за професијата стоматолог, додека секој сака да работи во поголем град или држава, а во големите градови често има многу стоматолози и со тоа конкурецијата е голема, а во малите градови или села може да има само еден или воопшто да нема, па затоа некои од ваквите типови на професии во мали места може да бидат причина за миграција, но и можност за работа, иако ретко кој би се навикнал да живее од голем град во село, но зошто да не се проба кога би се појавила можноста – тоа лице понатаму може само да се развива во тоа место без дополнителна конкуренција, без многу пациенти и презафатеност од работа, а и би помогнало на тие луѓе кои ќе му бидат пациенти, а себеси би си помогнало со можноста за добра работна средина и живот. Но сепак ова е обичен пример со кој некои би се согласиле, некои не, затоа што некој кој студира во големи градови, често и во други држави, секогаш има познајници во тие градови, сака таму да работи, сака да отвори ординација во своето место за да помага на тие луѓе, поврзан е со неговата околина и не би се согласил да работи на друго место кое е мало и со непознати луѓе, но имало и примери каде некои луѓе кои не може да пронајдат работа поради конкуренција, трошоци за изнајмување на место за ординација, често порано прифаќале да

работат во селските болници и да мигрираат дневно или, пак, засекогаш, но сепак ова е пример и секој има свој избор како и на кој начин ќе се одлучи во врска со својата професија, но главно професијата и работните места се клучот за миграцијата во денешно време бидејќи многу луѓе кажуваат дека човекот може да се пронајде во многу места каде може да оди, да прошета, да живее, но не и да работи, бидејќи секој од нас не е за која било работа. Секој е предодреден за конкретна работна позиција и на тој начин се разликуваат и професиите кои ги работат луѓето, а тоа е поврзано со нивниот карактер бидејќи секој од нас е поразличен; иако можеби имаме брат или сестра со кои сме крвно поврзани, сепак сме различни и уште како мали одговараме различно на прашањата. На прашањето „Што ќе бидеме кога ќе пораснеме?“ одговорот го имаме во своите детски фантазии – од професии на нашите родители, од тоа што ќе ни кажат другите, дали нè бидува за една работа или не, и така ние го градиме тој карактер и на крај кога доаѓаме до возраст да бираме што всушност ќе студираме, го гледаме светскиот пазар на трудот кој влијае на сето останато што можеби го сакаме, што можеби ние би го работеле или не, а трудовата миграција на некој начин помага во тој светски пазар на труд кога во нашето место нема доволно, на пример: економисти, правници, доктори, инженери, медицински сестри и многу други професии кои ги сакаме или не ги сакаме и си мислиме дека можеби кога би завршиле, веднаш би се вработиле и би биле успешни како некои други луѓе кои ги работат тие професии или гледаме каде во други земји се бараат некои професии за да работиме некаде надвор од земјата во која живееме или сме студирале. Сепак, светскиот пазар на труд се менува со меѓународната миграција на работна сила и со самиот напредок на сè околу нас влијае со што ќе се занимаваме ние во животот.

1.1. Поим и причини на меѓународна миграција на работна сила

Меѓународната миграција е една од најпознатите миграции со која се соочува Балканот, но и Република Северна Македонија во последните неколку години.

Под поимот трудова миграција се подразбира миграцијата во која учествуваат млади луѓе, деца или цели семејства за да пронајдат поголеми услови за работа и поголема можност за подобар животен стандард на целото семејство.

Иселувањето на младите и проблемот со „одлив на мозоци“ во последните десет години, познато и како меѓународна трудова миграција, во Република Северна Македонија

носи и свои обележја, свои добри страни за населението кое си оди, но и лоши страни за самата држава, примарно во интензитетот, желбата и мотивите за иселување коишто стануваат поголеми кај помладите генерациии во нашата држава.

Иселувањето и трудовата миграција како општ поим секој од нас ги знае и се базираат врз основа на статистиката, податоците и истражувањата за „одливот на мозоци“ во изминатиот период. Тие се резултат на индивидуалните напори на истражувачите, универзитетските професори, наставниците, докторите, правниците и сл. Секојдневните бројки кои ги гледаме на сите интернет-страници ни покажуваат дека трудовата миграција е многу застапена и е поголема од кои било други миграции кои ги имаме како видови. Главно ние секојдневно се соочуваме со тие бројки и можеме и од разговори со наши блиски роднини или соседи да забележиме само колку семејства не се во своите земји или, пак, работат во други градови, а не каде што се родени.

Постоењето на податоците, литературата, и сè што е можно луѓето да го дознаат, а и самиот пристап до информации за „одливот на мозоци“ се релативно ограничени за младите или истите податоци се достапни, но сепак не се проверени, па затоа секој од нас треба да се базира на податоци кои се веќе дозволени, податоци кои веќе се проверени, а не податоци од обични разговори кои секојдневно може да ги правиме со некои луѓе доколку сакаме да имаме некоја реална бројка[2].

Причините за меѓународна миграција на работна сила се најчесто економски, но и социјални заради подобар живот на луѓето.

Кога станува збор за економските причини, овде најчесто како главна причина за меѓународна миграција се парите кои ни се потребни за да живееме поради тоа што секој од нас има потреба како прво да јаде, да пие, да обезбеди куќа или стан за да живее секојдневно, му треба автомобил за да патува, пари за да се школува и едноставно за да купи сè што му е потребно и сè што сака да има за добар живот, почнувајќи од облека па до големи луксузи кои може да си ги овозможиме доколку имаме повеќе пари, а парите ќе ги добиеме доколку работиме на некое работно место или, со друг збор, ќе го наплатат нашиот

[2] Меѓу другите, истражувањата од Центарот за истражување и креирање политики (2004 и 2018), Група 484, Центар за миграција (2013), Институт за стратешки истражувања и едукација (2017), Платформа за мултикултурализам (2017), УСАИД и Наванти Група (2019).

труд на работното место и често луѓето сакаат многу повеќе пари од тоа што имаат, или гледаат од другите каде патуваат, каде одат, каде работат и си велат: „Зошто да не пробаме и ние да ја работиме таа работа?“ или „Зошто да не мигрираме таму?“ и во сите други прашања кои се слични на овие се наоѓа единствената причина за миграција, а таа е економската, или со други зборови – парите кои би можеле да ги заработат.

Втората најпозната причина е социјалната причина, можноста да живеат на друг начин во смисла од она што веќе го живеат и согледале дека можеби не се вклопуваат во тој начин на живот, да живеат со други култури, да имаат поголеми можности од досегашните, можности да се развијат повеќе, да учествуваат во различни културни манифестации, да имаат услови за подобро образование, здравство и многу други работи кои ги нуди секоја држава во која секој од нас може да се пронајде. Социјалните причини се поразлични од земја до земја, но сепак зависат од луѓето, од нивните карактери, од тоа што сметаат за добро, а што за лошо, и многу луѓе кои мигрирале често не се пронаоѓаат и во други земји и велат подоцна дека и тие земји каде мигрирале имале лоши социјални последици или, пак, обратно – велат дека имаат многу подобри социјални можности на нивните деца за развој и напредок, но реално социјалните причини на сите нам ни помагаат да растеме, да се развиваме и да станеме луѓе, прво за самите себе, подоцна за нашите родители, и на крај тие социјални последици кои ние ги впиваме во нас од секаде прават да бидеме добри граѓани за нашата земја и да останеме добри во себе доколку се одлучиме за меѓународна трудова миграција бидејќи често тие социјални причини се однесуваат на тоа како други народи нас нè гледаат. Секој од нас може да биде прашан за своето потекло од некое лице кое не е од нашата земја и кога ние би одговориле, веќе кај лицето кое нас не нè познава, може да има слика во главата или некоја претстава за тоа каков сме ние народ по тоа што има слушано од други за тоа како функционира општеството од каде доаѓаме, а сето тоа како функционира доаѓа од склопот на социјалните причини во една држава и доколку има одлична социјална поставеност на една земја, тоа би резултирало со големи напредоци и би ја поттикнала меѓународната миграција на начин што луѓето во таа добро ситуирана земја би гледале дополнителна сигурност која во својата држава не е толку многу истакната.

1.2. Видови трудова миграција

Миграциите имаат свои поделби во зависност од многу причини во нашата држава и надвор од неа, но не значи дека човек треба да се базира само на тие поделби.

Кога станува збор за тоа дали луѓето мигрираат внатре за да пронајдат подобра работа, се нарекува *внатрешна трудова миграција*[3] каде се селат во поголеми градови или индустриски развиени региони во рамките на својата земја, со цел да пронајдат подобри и посоодветни услови за работа. Ова појава е многу позната денес бидејќи ретко кој не мигрира од една на друга страна во својот град или надвор од него во својата држава за да работи, ретко кој човек денес не одвојува пола час или час за да може да пристигне на своето работно место, а тоа е всушност времето кое е одредено за да се мигрира од домот до работа или обратно.

Кога станува збор за трудовата миграција врз основа на други држави надвор од нашата држава или на меѓународно ниво, се нарекува *меѓународна трудова миграција* каде работници заминуваат во странски земји за подобро платена работа, за подобри работни позиции, можност повеќе да ги развијат своите знаења и да успеат да се изборат за подобри услови за живот надвор од својата родена земја.

Кога станува збор за трудовата миграција врз основа на привремена работа, таа миграција ја нарекуваме *привремена миграција* која кај работниците е попозната каде тие се преселуваат на одреден временски период, како на пример: сезонски работници, работници кои се договорени да работат само една работа на една територија, како на пример во Италија за време на одгледувањето или берење на овошки каде работниците само во одреден временски период таму работат, а во својата држава кога ќе се вратат може да работат друга работа.

Кога станува збор за трудовата миграција врз основа на трајно живеење на одредени други територии надвор од нашата земја, таа миграција се нарекува *трајна миграција* каде луѓето заедно со нивните семејства се преселуваат трајно во друга држава каде што работат,

[3] Johnson, R. Salti, J. Labour Migrations The Internal Geographical Mobility of Labour in the Develop World, p: 1-15, 2018.

се образуваат и некои од нив воопшто не се враќаат или доаѓаат во посета само на своите роднини и пријатели повремено, најчесто за време на празниците.

1.3. Позитивни и негативни страни на трудовата миграција

Трудовата миграција како општествен феномен секогаш е составна компонента од животот на луѓето колку и да сакаме или да не сакаме ние да прифатиме. Уште како мали кога сме оделе во градинка или училиште, сме мигрирале дневно за да стигнеме таму од својот дом па сè до градинката или училиштето и затоа можеме да кажеме дека изразот трудова миграција сме го слушале како мали и уште како мали сме биле еден вид учесници во него, но не сме ја разбирале неговата суштина бидејќи трудовата миграција претставувала движење или преселување на населението од еден во друг географски регион поради лични потреби на самите луѓе.

Едно од најпознатите права кои се донесени во согласност и со нашиот Устав, како и насекаде низ светот, е слободното движење на сите луѓе во земјата, но и надвор од неа со цел да пронајдат подобри услови за работа, образование и со еден збор подобар живот. Тие имаат право да мигрираат без никој да ги попречи во својата лична донесена одлука за одење или мигрирање каде било.

Правото на слободно движење на луѓето претставува и нивна можност, можност за движење од едно место во друго, како и од една држава во друга согласно со потребите, желбите и можностите. Специфична карактеристика која е својствена за трудовата миграција е можноста луѓето да побараат и се вработат во останатите земји кои им нудат услови кои работниците би ги прифатиле.

Процесот на движење на луѓето во одреден период е и поради одредени причини кои ги имаат луѓето во себе – некогаш се одвива со поголем, а некогаш со помал интензитет, иако во последните две децении може да се забележи постојан тренд на зголемување на бројот на раселени лица во светот поради условите на работата кои ги нудат останатите земји за разлика од некои други земји каде има не толку добри услови за работење на една иста работа.

Во последните две децении големиот тренд на иселувањето се забележува и со статистички податоци, па така во 2000 година биле евидентирани нешто повеќе од 173

милиони мигранти, додека, пак, за претходната година оваа бројка е далеку поголема, поради што и се проценува дека имало околу 281 милион мигранти во светот лица кои мигрирале поради меѓународната трудова миграција.

Во 2020 година, ова би значело дека 3,6 % од вкупната светска популација биле мигранти[4].

1.4. Економски ефекти од трудова миграција

Европската Унија има многу приоритети, а еден од главните е намалување на невработеноста, бидејќи на тој начин кога луѓето се вработени имаат поголеми средства за да се издржуваат самите и да не паѓаат на товар на државата, особено после економската криза во 2008 година, чии реперкусии и последици во Европа го достигнаа својот максимум во 2012 година[5].

Пазарот на труд[6] е тесно поврзан со политиката за намалување на невработеноста поради која се намалува и трудовата миграција, со појава која значително влијае на пазарот на трудот во ЕУ во овој момент, а тоа е мобилноста на работната сила со отворањето на границите.

Вработеноста на населението е многу битна за да не мигрира надвор од својата земја или од една земја во друга. Таа има суштинско значење за повеќе фактори кои општеството го прават социјално и економски стабилно доколку луѓето имаат свои сопствени средства и тие имаат доволно за да имаат стабилен живот, а тоа е и стабилен пензиски систем и формирањето на човековиот капитал во дадената земја[7].

Постојат повеќе дефиниции за *пазар на трудот*:

- Пазар каде работниците наоѓаат платена работа, а работодавачите наоѓаат соодветни работници кои може да ја работат таа работа;
- Понуда на расположлива работна сила наспроти побарувачката на соодветна работна сила од страна на стопанството;

[4] World migration report 2022, International Organization for Migration, страна 23, достапен на: https://worldmigrationreport.iom.int/wmr 2022-interactive/, последен пат посетено на: 25.3.2025.
[5] http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/about_eurostat/introduction
[6] Anne Green, Ian Shuttleworth, p. 25-30, (2015).
[7] http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/about_eurostat/introduction.

- Бројот на лица кои се на располагање за работа, наспроти расположливите работни места во однос на струката и висината на платата[8].

Класификацијата на вработените според економскиот статус се базира на Меѓународната класификација за економскиот статус, и гласи:

- Работодавци се луѓе кои управуваат со сопствени деловни субјекти или се сопственици кои работат во сопствен дуќан или се сопственици на свој земјоделски имот и вработуваат други лица кај нив со цел да ја завршат работата и да добијат надомест за таа завршена работа наречен плата;
- Вработени се сметаат луѓе кои работат во државни институциии, кои работат во приватни фирми и ја вршат работата за која добиваат надомест наречен плата;
- Вработени за сопствена сметка се луѓе кои имаат сопствен деловен субјект, бизнис, самостојно вршат дејности и работат на земјоделски имот со цел да остварат приход, а притоа не вработуваат други лица сами си ја вршат целата работта која е определена;
- Неплатени семејни работници се луѓе кои работат без плата во некој деловен субјект, дуќан или земјоделски имот (во својственост на некој член на домаќинството, најчесто се деца или, пак, сопруги кои помагаат, пример во семејни продавници неколку часа, или бутици, но немаат за ова надомест наречен плата, немаат здравствено осигурување и немаат никаква здравствена заштита како што може да има некој вработен кој би бил пријавен на тоа работно место како продавач)[9].

Вработените се класифицирани според дејностите коишто ги вршат, во согласност со Националната класификација на дејностите[10]. Вработените се класифицирани според занимањата што ги вршат во својата активност и во согласност со Националната класификација на занимањата[11] според која секој вработен има своја класификација, свое

[8] Анкета за работна сила 2011, Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, октомври, (2012), Скопје.

[9] Ibid. Стр. 10, 2011–2012.

[10] Националната класификација на дејности е официјален систем за групирање и категоризација на економските активности во една земја.

[11] Се мисли на активностите кои ги имаат и прават вработените.

занимање согласно со она што го има завршено и согласно со работното место на кое работи.

Пазарот на труд е многу комплексен и комплициран систем каде се сретнуваат образованието, стопанството и човековиот капитал и токму затоа, како креатори на овој стратешки документ, е неопходно да се дефинира што е всушност пазарот на труд. Тоа е систем кој е исклучително динамичен и променлив кој директно влијае на меѓународната трудова миграција и секојдневно благодарејќи на него сè се менува насекаде во светот.

За да може пазарот на труд да функционира непречено, поставени се стандарди за ажурирање на промените во одреден временски период од бази на податоци на национално, регионално или локално ниво или, пак, комбинација на сите или некои од нив, во зависност од тоа што е потребно да се добие како резултат или во зависност од тоа што се бара и на кој начин е потребно истото тоа да биде изведено во реалноста.

Активните политики на вработување во Република Северна Македонија сами по себе не ги даваат потребните резултати, бидејќи најчесто се секторски изолирани, секој не дознава за одредени огласи за работа, некои огласи за вработување гласат само за одредена група на луѓе во тие сектори кои се застапени само во одредени места, непостоење на континуиран систем на следење и евалуација на пазарот на труд кој на одреден дефиниран временски период би ги ажурирал податоците од министерствата и агенции во земјава каде ќе се види кој невработен има таков вид на образование кој е потребен во моментот на некои места, вклучувајќи ја и Агенцијата за вработување на РСМ, со цел функционирање на продуктивен пазар на труд и помагање на лицата кои не се вработени да се вработат[12].

Од друга страна, сивата економија е широко распространета и според многу анализи учеството на работната сила во неформалниот сектор изнесува 38,3 % од вкупниот број лица регистрирани како невработени, каде најчесто се среќаваат нискоквалификувани работници, што значи немаат високо образование, најчесто се со средно, а некои од нив и со основно образование, особено од руралните средини, кои заради тешката социјално-економска состојба се принудени да работат „на црно“ или кои поради нивните тешки

[12] Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука и Државен завод за статистика на РСМ.

социо-економски состојби не се запишале на факултет или се запишале и не го завршиле, а имаат потенцијал за да работат на високи позиции како други луѓе кои имале можности да завршат образование, а им недостасува знаење или практична работа за да ја работат добро својата професија[13].

Трудовата миграција е директно поврзана со невработеноста бидејќи трудовата миграција е единствениот „виновник“ за нејзиното намалување и овозможува човекот да има подобар живот доколку се одлучи да мигрира заради работа.

1.4.1. Демографска состојба како фактор во формирањето на миграциските текови на пазарот на трудот

Од денешна гледна точка миграцијата е многу застапена, а знаеме дека постојат многу видови на миграции кои се поврзани меѓу себе една со друга, но трудовата миграција е една од најповрзаните миграции со останатите. Трудовата миграција е поврзана со меѓународната миграција на работна сила, а работната сила е поврзана со правата и обврските кои ги имаат двете страни, а тие две страни се работниците и работодавачите кои учествуваат во процесот на трудовата миграција.

За да се разбере трендот и состојбата на денешната трудова миграција, треба подлабоко да се разгледа суштината на тој работен однос и самата меѓународна миграција која меѓу себе е поврзана и ги носи последиците.

Под поимот работна сила се подразбира силата, односно вештината која секој човек од нас ја вложува и употребува за да биде дел од работната организација односно од претпријатието за да може и самото претпријатие да функционира. Секој од луѓето, односно работниците во кое било претпријатие ја вложува работната сила и за тој свој вложен труд добива надоместок наречен плата. Работниот однос за таа работна сила која ја вложува работникот, неговите права, неговите обврски се подетално опишани во колективните договори[14] и законите, а и двете страни (работникот и работодавачот) се должни да ги

[13] Center for Research and Policy Making. 2008. Migration and Development: Creating Regional Labor.
[14] Roger Blanpain, Michele Colucci „Europian Labour Law“, 2014.

почитуваат своите права и обврски, но и да ги исполнуваат согласно со колективните договори и законите[15].

Кога одредено лице работи и го вложува својот труд во нашата земја во одредено претпријатие, тоа лице очекува дека за тоа ќе добие надоместок и со тој надоместок ќе може да купува одредени работи кои повторно ќе го подигнат и поддржат нашиот домашен пазар. Секој од нас купува основни работи за живот како што се: храна, облека, средства за хигиена и слични работи кои му се потребни секојдневно, а зависат од самата индивидуа. Доколку купува производи, тие производи ќе се трошат и на тој начин претпријатието кое ги произведува истите, ќе има добивка и повторно производство. Со развојот на претпријатието се развива економијата, а со развој на економијата се развива државата; ова едно меѓу друго е поврзано и затоа е важно во нашата држава да има работна сила, но тековната состојба на работната сила денес е многу важна токму поради недостигот на работна сила на одредени работни места кои се прилично тешки и за младата генерација невозможни бидејќи тие не се научени на начинот на животот на еден сточар, земјоделец, рудар кој станува рано и работниот ден му почнува во зори, а завршува во ноќ и поради таа причина се губи моќта и трендот на одредени работни позиции кај нас, но се зголемува трендот на трудовата миграција кај другите земји.

Луѓето кои не сакаат или не се пронаоѓаат во одредени работни позиции, се одлучуваат за меѓународната миграција каде се бара работна сила, која реално ја има и овде, но не е толку многу платена, а парите се единствениот „виновник“ за меѓународна миграција, кој е денес во тренд и работниците сметаат дека би можеле да опстанат да ја работат истата работа која ја работат и овде, но во друга земја каде е поплатена. Одредени позиции се повеќе платени денес, тоа е точно, но сепак тоа зависи од стандардот и развиеноста на секоја држава, а не од одредени други причини како што си замислува секој човек и честопати сме сведоци на разговори на луѓе кои велат дека во Република Северна Македонија не би бил земјоделец или сточар, а во Италија или Швајцарија би бил. Единственото нешто за таа меѓународна миграција во повеќе развиените држави која е тренд денес се паричните

[15] Ibid. Стр. 12, 2014.

средства односно платата која им се нуди на работниците за вршење и вложување на трудот во тие земји.

Тековната состојба за меѓународната миграција е голема бидејќи многу лица се одлучуваат на меѓународната миграција од неразвиените земји или земјите во развој и поради тоа Република Северна Македодонија е помеѓу десетте земји која е во тренд за иселување на населението поради зголемена потреба на работна сила во други меѓународно развиени земји.

Демографската состојба ја покажува состојбата на населението во некоја земја. Демографијата е една од најстарите науки на статистиката која се грижи за проучувањето на населението во секоја земја, но сепак секое население има своја историја, сегашност и иднина која исто така е важен фактор за тоа како тоа насление настанало, како се развивало, колку тоа наслеление е образовано, кое верување го има населението, кои професии се застапени меѓу населението, во какви услови живее, за да се види понатаму дали некои од населенијата од земјите се преселувале во минатото, како стигнале токму тие да живеат во одредени места, односно градови или држави, па сè до денес, зошто и како некои населенија се преселуваат, а ги имаат барем основните услови и многу повеќе од тоа за живот во своите држави.

Демографската состојба е состојбата каде се проучува квантитативната смисла за населението, неговиот развој, бројно движење и структура. Таа е и наука која се поврзува со тековните пазари на трудот.

Во минатото многу филозофи, како што се Аристотел, Платон, Тукидит, Хипократ и многу други, поради тоа што биле барани како познати мислители и во тој временски период биле многу познати луѓе кои ги советувале останатите за животот, науката и многу други работи, често мигрирале со цел да го задоволат пазарот на трудот токму поради големата застапеност за потреба од работна сила во одредени држави. Во минатото немало доволно статистички податоци за демографска состојба како фактор во формирањето на миграциските текови на пазарот на трудот, но во денешницата постојат бројни организации, постојат повеќе демографски институти како што се агенции, заводи, фондови, бироа,

центри, друштва и слични организации на државно и регионално ниво кои реализираат сериозни теоретски и емпириски демографски истражувања за пазарот на трудот[16].

Обединетите нации претставува организација каде работи посебен Фонд за население (United Nations Population Fund)[17] кој започнал со работа во 1969 година како Фонд за активностите на населението на Обединетите нации и се грижи за демографската структура на населението којашто подоцна ја покажувала бројката на мигрирано население поради труд во друга држава, а во 1987 година името им било променето во УНФПА. Овој Фонд е под раководство на Фондот за развој на ОН[18].

Постојат други субјекти, организации и агенции кои се грижат за населението во ОН и имаат свои одредени надлежности за демографската структура и за иселувањето кое влијае врз пазарот на трудот, а такви се Комисијата за население и развој и Одделение за население на Обединетите нации. Ова Одделение за население се наоѓа во рамките на Одделот за економски и социјални прашања на Секретаријатот на Обединетите нации. Исто така, во рамките на УНЕСКО егзистира посебен Институт за статистика, со седиште во Монтреал, Канада, каде статистички се гледа демографската структура на населението кое ја напушта својата држава и тоа како самата миграција влијае врз другите држави[19].

Миграцијата и тоа како луѓето одат во другите земји зависи и од бројното движење на населението, а бројното движење на населението зависи од многу услови. Еден од условите е пазарот на трудот и од разликите спрема степенот на развиеност на самата земја, секоја земја нема ист начин на развој. Иако некои држави започнале да се развиваат во ист период, сепак сите не се исто развиени и никогаш нема да може тој степен на развиеност да се измери во целост и да се спореди со некоја друга држаав, туку се споредува само во главите на луѓето и во очите на политиката на политичарите. Така, развиените региони, односно Европа и Северна Америка имаат послаб пораст на бројот на населението, а со тоа има недостиг од работници на пазарот на трудот, а недоволно развиената Африка, Латинска

[16] Доц. д-р Никола В. Димитров. „Демографија“ – авторизирани предавања, Штип, 2022, стр. 5.
[17] A Concise Encyclopedia of the United Nations, p: 560, 2010.
[18] United Nations Population Fund (UNFPA), History and Madate, United Nations Development Programme (UNDP), New York.
[19] UNESCO - Institute for Statistick (UIS), Montreal, Canada. Достапно на: https://uis.unesco.org.

Америка со Карибите и Азија имаат зголемен или експоненцијален пораст на населението кое заминува во многу други европски земји каде има потреба од работна сила[20].

Постојат различни варијанти на пораст. Во овој момент на пораст како најобјективна би била средната варијанта, која покажува дека светот во 2050 година би имал 9,3 милијарди, а за да во наредните педесет години бројот на население се зголеми, па така во 2100 година би изнесувал 10,1 милијарда жители, а сите тие жители би работеле одредена работа согласно со развиеноста на пазарот на трудот во тој период кој ќе следи. Од денешна гледна точка не може да се претпостави која побарувачка на работни места би било тоа, но може да се каже дека пазарот би го очекувал недостиг од работна сила во одредени делови, а во други делови би имало пренатрупаност на пазарот на труд, но професиите кои тогаш би се работеле не може да се дефинираат уште сега бидејќи секојдневно се променува пазарот на труд и неговата побарувачка[21].

Покрај тоа што во иднина би имало презаситеност на одредени работни позиции, во иднина демографијата на население ќе биде важен фактор и за тоа какви бизниси ќе се отвораат и дали тие ќе опстојуваат како денешните развиени бизниси од многу развиени држави, бидејќи тие земји денес имаат и демографски планови како да го прошируваат бизнисот и од други земји каде живеат и луѓе кои немаат исто верување, не се иста националност, што исто така демографски влијае на развојот на пазарниот труд денес, а тие планови во иднина можеби нема да успеат, па затоа е потребно да се мисли секогаш и да се има план барем во наредните неколку години како би се развивал одреден бизнис.

Миграциските текови со бројни истражувања се докажува дека се формираат со текот на годините и со тоа како одминуваат годините – многу бизниси се отвораат, многу луѓе заминуваат на работни места во други земји, а многу бизниси поради развиеноста на пазарот и поголем профит се преместуваат во поразвиени земји; некои од нив се затвораат, а во иднина може многу од бизнисите или работните позиции воопшто да не постојат, да бидат заменети со машини или алати.

[20] Ibid. Стр. 15, 2022.
[21] Ibid. Стр. 15, 2022.

1.4.2. Проценка на обемот и структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила

Проценка на обемот и структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила претставува многу сложен процес бидејќи пред да се сумираат сите тие податоци, потребни се претходни истражувања за да се види колку од луѓето се движат во други држави, колку од тие луѓе работат во државите каде имаат мигрирано, колку од тие луѓе се мажи, а колку се жени, колку од нив имаат високо образование, колку од тие луѓе мигрираат како мигранти без потребни документи за извршување на работата, колку од нив доаѓаат од сиромашни земји и многу други работи кои се потребни за да се види точната проценка односно точната бројка и обем на меѓународните миграциски текови на работна сила. Но, сепак, според одредени организации може да се процени барем приближната бројка, ако не вистинската проценка на обемот и структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила, бидејќи секоја земја на своето население гарантира заштита на неговите лични податоци и сè она што е поврзано со неговиот идентитет.

Кога станува зборот за обемот и меѓународната миграција на работна сила, се проценува дека над 170 милиони луѓе се мигранти кои работат во другите земји во 2023 година[22].

Најголемиот обем на работници кои учествуваат во обемот и структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила доаѓаат од Азија и Африка, и најмногу од држави како Индија, Пакистан, Египет, Нигерија, а се одлучуваат да мигрираат во Западна Европа, заливските земји и Северна Америка[23].

Во однос на структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила според демографските текови, околу 42 % од работниците се жени кои најчесто се на возраст од 25 години до 45 години и работат најчесто во медицинскиот сектор, ИТ-секторот, сервисен сектор, здравствен сектор и многу други во зависност од образованието[24].

[22] Според податоците од Обединетите нации (ОН) и Меѓународна организација на трудот (МОТ) од 2023.
[23] Ibid. Стр. 17, 2023.
[24] Ibid. Стр. 17, 2024, врз основа на мерења од 2022–2023.

Кога станува збор за тоа кој пол повеќе е застапен во меѓународните миграциски текови на работна сила, сè повеќе се забележува дека е застапен женскиот пол за разлика од машкиот пол бидејќи реално за женскиот пол има многу повеќе работни позиции во многу европски држави, а најмногу во Сојузна Република Германија и Република Словенија, каде на пример има потреба од готвачки, фризери, шминкери во салоните за убавини, хигиеничарки, докторки и многу други професии, за разлика од машкиот пол кој доколку нема високо образование за одредени позиции, ќе мора да работи во градежништво или некоја друга фирма во која работните позиции за работно место секојдневно може да се пополнат, а за женскиот пол, пример во салоните за убавини или фризерските салони, е потребно посебно знаење и вештини кои реално не се учат веднаш како што би се научиле кај професиите од машкиот пол. Затоа може да се каже дека на машкиот пол во последните години во меѓународната миграција му е потребно повеќе време за да се пронајде, да се приспособи, за разлика од женскиот пол кој многу повеќе има познавање од многу работи бидејќи секое девојче од мало готви, чисти и реално е пол што многу повеќе сака да презема ризик и да излезе од комфорната зона за да успее во некој свој зацртан сон, оди на различни курсеви и многу повеќе се залага, додека мажите само ја учат работата која треба да ја работат, не се разбираат многу од домашни обврски кои кај женскиот пол се предност за одредена професија. Со ова заклучуваме дека женскиот пол многу почесто се одлучува и полесно пронаоѓа работа во европските земји и со тоа има голем процент во обемот и структурата на меѓународните миграциски текови на работна сила, што не значи дека машкиот пол не може да пронајде работа во која било друга земја само затоа што е малку поограничен во погледот на своите способности.

1.4.3. Социјални последици од мигациски процеси во светот

Миграцискиот процес е многу сложен процес бидејќи опфаќа многу сложени работи и многу субјекти кои директно учествуваат во истиот тој процес. Сите тие субјекти директно учествуваат во процесите на миграцијата во светот, но истите тие луѓе се растени на различни подрачја – некои уште како деца посетуваат различни училишта во кои се надоградуваат, како на пример: часови за пијано, часови за гитара, часови за танцување, цртање и слично, а некои од луѓето немаат ниту основно образование бидејќи живееле далеку од училишта, немале превоз до град за да се образоваат или немаат доволно парични

средства. Многу од тие луѓе имаат свое верување во поглед на некој свој бог каде веруваат во одредена религија, прават одредени одредби кои ги наложува самата религија, се молат, празнуваат одредени празници кои им ги наложува нивното верување, а некои од луѓето просто не прават никакви обреди и не веруваат во одредени религии и богови, а истите тие луѓе имаат одредени карактерни особини кои ги градат со текот на времето и секој човек благодарејќи на тие карактерни особини се разликува од другите луѓе, што во денешниот живот е сосема нормална работа.

Сите овие работи како што се карактерни особини, верувања, образование, имаат влијание врз миграциските процеси во светот во земјата каде луѓето мигрираат, но и во земјите од каде луѓето се одлучуваат за миграција.

Образовниот процес е една од социјалните последици од миграциските процеси во смисла дека малите деца кои веќе овде учат и се, пример, четврто одделение, во одредена друга држава доколку заедно со нивните родители мигрираат, истиот тој ученик или ученичка кој во нашата земја оди во основно образование и е во четврто одделение, во одредена друга држава ќе биде едно одделение наназад, односно би бил во трето одделение според примерот погоре, најчесто поради непознавање на јазикот, социјализацијата со останатите ученици, привикнување на средината и останати други последици кои ги носи самото образование во другата земја каде се мигрира[25]. Со ова последиците на малите деца во образованието во друга држава се многу комплексен процес кој ги носи своите социјални последици на самите лица од миграцискиот процес; поголеми ученици кои веќе се во средно образование или се веќе на факултет, имаат друг процес на социјализација, иако и тие можеби не го знаат јазикот, своите соученици или колеги од факултет. Сепак, тие се повозрасни лица кои се привикнуваат подобро бидејќи ги гледаат работите од друга перспектива, за разлика од малите дека кои како ученици се пронаоѓаат во истата таа средина малку тешко токму поради непознатите работи со кои се соочуваат.

Образованието при миграциските процеси во светот носи последици и врз луѓето кои веќе си го завршиле своето образование и се одлучуваат на трудовата миграција. Последици има и во земјата која ја напуштаат бидејќи го напуштаат своето претходно работно место и

[25] Хипотетички пример за дете кое е ученик во нашата држава, а поради миграција оди да го продолжи образованието во друга држава.

истата фирма може да се соочи со недостиг од работник на работното место кое е веќе напуштено и последица има и во земјата каде веќе лицето оди во смисла дека ќе се вработи некој странец и ќе ја намали можноста да се прими друго лице или ќе се вработи лице кое има соодветни квалификации за тоа работно место или образование, а не според младоста, брзината на работење и сл. Пример: доколку се работи за постара жена од 45 години, која физички не е многу брза, која се вработува во администрација во фирма во Германија, притоа има завршено високо образование, со познавање на германски јазик, а е државјанин на Република Северна Македонија, на тоа работно место ја губи можноста да се прими некоја млада девојка од 30 години, која е помлада од претходната кандидатка, побрза е и е државјанин на Република Северна Македонија, не поседува високо образование и не го познава германскиот јазик, и е девојка која ќе ја изгуби работата поради тоа што нема соодветно образование и не е државјанин на некоја европска земја[26].

Кога станува збор за образовниот процес, лицата кои се одлучуваат за да се образоваат во други земји како што се Сојузна Германија и Република Словенија и остануваат таму, ја намалуваат младата и работоспособна популација во земјата од каде мигрирале и тоа е многу битен фактор од социјални размери кој со себе подоцна повлекува многу социјални последици како што се: работа таму, можноста да се омажат/оженат таму за странци, понатаму нивните семејства да не знаат каде се наоѓа земјата на нивните родители кои заминале млади, непознавање на родниците во земјата од каде мигрирале и многу други вакви слични работи кои во нашата држава се секојдневие. Кога станува збор за непознавање на роднини од земјите каде се мигрира, доколку некое дете од мало си замине од државата, покажува и друг феномен кој се поистоветува и е многу близу, а има огромна социјална последица од миграциски процеси во светот – тоа е *стареењето на населението*, каде одредени држави, меѓу кои и нашата земја, се сметаат за држава на стари, бидејќи секое работоспособно население ја напушта својата држава. Многу од државите каде има многу постаро население се и Република Словенија и Германија кои реално се многу поразвиени, но сепак тие и од демографски аспект имаат многу повозрасно население, а нивното младо население мигрира во САД, Австралија и многу други држави.

[26] Хипотетички пример за две лица кои барале работа за миграција.

Религијата е уште една од социјалните последици од мигациски процеси во светот бидејќи секое население има своја религиска определба која при мигрирање ја носи во себе и доколку се слават одредени празници, а таа религија не е застапена во земјата каде луѓето мигрирале, ќе има дополнителни проблеми во работата бидејќи на секое работно место се бара одредена опрема за работа, а одредени религии тоа не го дозволуваат. Пример, кај жените на одредени работни места не се дозволува носење на здолништа, а знаеме дека претежно муслиманките носат здолништа, па затоа секое работно место е потребно да има предвид од кои религиски определеби се работниците за да им се овозможат истите услови како на останатото население или, пример, кога има одредени празници како Божик, Бадник, Рамазан Бајрам и сл., треба да се овозможи во согласност со верувањето и религијата слободни денови на работниците без никаква дополнителна дискриминација или омаловажување. Друг пример е кога во некои држави има најголема застапеност на православната христијанска вера и почитување на православната црква, не значи дека работници кои се муслимани и работат во некоја од православните фирми нема да бидат ослободени за некој христијански празник, а истото е и за празнувањето на празникот Рамазан Бајрам каде работници од Босна и Херцеговина кои работат најчесто во Словенија во која имаме најголема застапеност на муслиманската вероисповед, работниците нема да добијат слободен ден за нивниот празник, па затоа верувањето носи последици. Така, секој работодавач мора да го знае верувањето на својот вработен за да нема негативности меѓу која било држава, како и социјални последици. Кога е во прашање вероисповедта, се доаѓа до потребата од градење на повеќе верски објекти, пример: повеќе цркви или џамии и во одредени градови бидејќи има поголем број на население кое верува во одредени религии, но сепак тоа се надоместува и со градење за свое сопствено здравје и среќа на одредени верски објекти како што се цркви и џамии, и на тој начин оваа негативна последица се намалува со текот на времето бидејќи луѓето во последниот период се свртеа кон своите верски објекти, кон почитувањето на своите верски празници и со тоа забележуваме огромно почитување и кога станува збор за луѓето кои се од друго верска определба. Затоа и многу од празниците кои ги слават поголем дел од наслелението насекаде во светот се прогласени за државни празници, па така се олеснува и работата на работодавачите да не се грижат за несаканите последици во смисла дека би се соочиле со недостиг на работна сила во одредени денови. Криза би постоела само во смисла ако едни од лицата кои се друго

верување би оделе на работа додека другите би празнувале, и од тие причини денес во светски рамки многу од празниците се слават рамноправно за секој народ.

Социјална последица од мигациските процеси во светот претставува и *одливот на мозоци* од не толку развиените земји во многу повеќе развиените, со тоа што квалификуваниот кадар оди и пополнува работни места во други земји, а во нашата земја истите тие работни места се празнат. Кога веќе родителите одат и заедно со себе ги преселуваат и своите деца, една исто така битна работа која носи со себе социјална последица во светот е вдомувањето. Многу семејства се соочуваат со недостиг на куќа и живеат во места кои ги одредува државата или изнајмуваат куќи и престојуваат многу семејства, најчесто две во една куќа (делат заеднички кујни и тоалети во една куќа, иако живеат на два ката, бидејќи така е поставен распоредот, а немаат избор) бидејќи становите и куќите во светот варираат и речиси е невозможно да си дозволат да купат веднаш поради високите цени, и најчесто изнајмуваат. Изнајмувањето е многу скапо, а во последните 5 години се зголемени цените поради преголемата бараност на станови и куќи насекаде во светот. Во многу европски земји во светот се плаќаат две кирии однапред за сопствениците да знаат дека ќе се изнајми станот или куќата, а доколку најчесто се случи одредена штета во станот или куќата во врска со ентериерот, парите од киријата која однапред се зема не се враќа[27].

Друга лоша социјална последица е неможноста веднаш да се пронајде градинка за малите деца или неможност самите мали деца да одат на училиште. Најчесто ова се случува во Република Словенија и во Сојузна Германија, па многу од старото население баби и дедовци заминуваат заедно со своите деца за да им помагаат во процесот на миграција кој дополнително го отежнува процесот бидејќи бабите и дедовците се старо население и имаат дополнителни проблеми како странско население кои имаат само престој, а не и работа во одредена друга земја, како и за лекување, здравствена заштита, приспособување во друго место, имаат проблеми со јазикот за да остварат основна комуникација во која било институција во другата земја, а поврзаното нешто кое исто така има своја социјална врска е разделеноста на децата од родителите кои се постојано на работа. Некои од родителите во

[27] Република Словенија и Сојузна Република Германија се најчестите европски земји каде се случува ова.

другите држави работат и по дванаесет работни часа на ден и така децата растат со своите баба и дедовци и на тој начин се чувствува нивниот недостиг кој подоцна може да се соочи и со распад на целата семејна структура[28] и на тој начин се прават дополнителни социјални проблеми со кои се соочува секое второ семејство кое мигрира насекаде во светот.

Една од подобрите социјални последици е влијанието врз вредносниот систем, односно адаптација на одредени европски стандарди и навики кои едноставно треба да се почитуваат секаде, но во нашата земја не се практикуваат многу, па луѓето кои мигрираат е потребно да се адаптираат на тие навики кои се едноставни од типот на: фрлање на ѓубрето во корпата за отпадоци, паркирање на место каде има обележан паркинг-простор, чекање на ред во банка, пошта, маркет, отстапување на место во автобус на постар од нас, поздравување на постари и многу вакви навидум обични работи за кои во одредени држави би се добило многу големи казни. Пример, ако паркираме непрописно, казната за тоа непрописно паркирање во некоја европска држава, како во Република Словенија, би била како една просечна месечна плата во некоја земја каде платите се многу помали , затоа тие навики кои можеби на почетокот се тешки да се остварат поради нашиот тежок менталитет, сепак доколку веќе во државата каде сме мигрирале паркираме на обележано паркинг-место, тоа се навики кои веќе ги прифаќаме, ги применуваме и во земјата од каде сме мигрирале[29].

Како негативни социјални последици од миграциските процеси во светот е притисокот кој се прави на институциите во земјите каде мигрираат луѓето. Кога станува збор за притисок врз институциите не се разбира буквално овој збор, туку се мисли дека многу институции не можат да постигнат да ги задоволат потребите на луѓето кои бараат одредена помош, пример бараат здравствена помош во многу болници, бараат социјална заштита, бараат правна заштита од државите каде мигрираат и тоа значи дека системот на целата држава која веќе има население се обврзува согласно со својот устав и своите закони и подзаконски акти да им обезбеди безбеден живот на сите лица кои живеат, работат, се образоваат или привремено се на нејзината територија.

Во светот постојат и многу дополнителни организации кои вршат социјална заштита и ги оттргаат негативните последици од миграцискиот процес или на некој начин тој

[28] Хипотетички пример за лоша социјална последица од миграција.
[29] Хипотетички пример за адаптација.

миграциски процес го ублажуваат и луѓето кои работат во друга земја, а пример не го познаваат добро јазикот или студенти кои почнуваат со своите студии, а исто така не го познаваат јазикот на државата каде мигрирале, би се соочиле со социјална потешкотија во смисла дека не го знаат јазикот и во целиот тој процес тешко би се пронашле на својата работа, тешко би комуницирале со своите колеги, тешко би ги разбрале своите задачи кои треба да ги извршат на своето работно место кои се дадени од менаџерот на самата организација и на тој начин други организации би помогнале во тој процес на подобра социјална заштита и адаптација во смисла дека тие би организирале други професори кои го познаваат јазикот на државата каде мигрираат и јазикот на кој веќе зборуваат луѓето и би им предавале нешто слично како курс или дополнителни часови за совладување на јазикот кој им е потребен, со цел да се почувствуваат сигурно, да се почувствуваат дека може да научат многу повеќе, да почувствуваат дека може да напредуваат во работата, во образованието и на тој начин самата држава со тие организации ќе им помогне да го надминат лошиот социјален процес или, со еден збор, државата каде луѓето мигрирале ќе се погрижи да им ги оттргне лошите социјални последици од миграциските процеси кои реално постојат. Истите се зголемуваат доколку навреме не бидат третирани и на тој начин доколку и државата каде луѓето се одлучуваат за миграција и самите луѓе „соработуваат заеднички“, сите негативни социјални последици од миграцискиот процес би ги снемало и само позитивните социјални последици од миграцискиот процес, како што се добро образование, добро однесување, многу нови добри навики, би ги пренеле во земјата од каде имаат мигрирано.

1.5. Економски ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Сојузна Република Германија

Економските ефекти на миграцијата врз пазарот на трудот заедно со економскиот раст во Сојузна Република Германија претставува битна работа во државата затоа што на тој начин се развива и самата држава, ја прави постабилна, многу помоќна од претходно и многу повеќе развиена.

Пазарот на трудот во Сојузна Германија зависи од работната сила бидејќи таму државата е многу поголема кога би ја споредиле со Република Северна Македонија и се соочува со

недостиг на работна сила. Најмногу има недостиг на физички работници, но и на многу работници кои имаат високо образование и работат многу други поспецификни работи.

Луѓето кои мигрираат од другите земји во Сојузна Република Германија најчесто ги прифаќаат работните места кои населението што веќе живее таму никогаш не би ги прифатило не поради платата – некои од тие работни места се прилично платени – но поради специфичноста која таа професија ја бара. Пример, ретко луѓето кои веќе се население или се државјани и се родени во Сојузна Германија сакаат да работат во рудници, негователи на стари лица и сл. Ваквите дејности не им одговараат ниту на оние кои доаѓаат од други земји, особено поради непознавањето на јазикот. Работата на чистачите исто така им изгледа прилично тешка поради тоа што се работи најчесто во хотели или ресторани со странски туристи или најчесто се работи трета смена во ресторанот или хотелот, што е многу тешко доколку работниците немаат превозно средство до своите живеалишта, а не знаат да возат автомобили и затоа од вакви причини одредени професии ретко се работат од населението кое веќе живее таму, а тие како нација се навикнати да живеат многу помирно од балканските народи кои постојано некаде брзаат и може да работат дури две работи, да не спијат со цел да се заработи повеќе, а се бараат такви работни позиции кои бараат доста вложување и одземање на време и за нив има доста поголем недостиг на пазарот, па работниците кои веќе се одлучиле да мигрираат останууваат и на некој начин се приморани доколку не пронајдат други работни места да ги работат и со тоа пазарот на трудот за одредени професии се потполнува и со потполнувањето на работното место имаме развој на економијата и со тоа се чувствува економскиот раст во самата држава.

Економските ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Сојузна Република Германија влијае и врз зголемената продуктивност и потрошувачката бидејќи доаѓа поголем број на население, со тоа се зголемува домашната потрошувачка, како што се зголемените потреби од храна, зголемените потреби од домување и со самото тоа расте и БДП[30], а лицата кои веќе се потенцијални работници придонесуваат во многу претпријатија да успеат, односно да се произведат многу работи или производи кои целото население ги користи.

[30] Diane Coyle-GDP, „A Brief but Affectionate History“, 2016.

Во Сојузна Република Германија има многу големо производство бидејќи таа е една од државите каде има високо развиена индустрија и производство. Предничи во производство на автомобили, лекови, прехранбени производи, облека, градежни материјали, производи за лична хигиена и затоа станува збор за широк пазар кој бара многу голем број на работна сила, а кога доаѓа до поголем број на работна сила, самото претпријатие е во голема добивка бидејќи може да произведе повеќе, а со тоа и да продаде, да ги задоволи потребите на купувачите, со што тие ќе бидат задоволени, а самиот пазар ќе расте. Така ќе може да произведуваат повеќе производи кои може ќе ги извезуваат и со ова се доаѓа до заклучок дека доколку пазарот е економски многу силен, ќе успее и самата држава, а за да биде економски силен, вработените се клучен фактор. Доколку нема доволно вработени, луѓето кои трудово мигрираат и ги потполнуваат на некој начин тие места за кои има недостиг, имаат лични придобивки, но и самата држава и нејзиниот пазар на труд заедно со економскиот раст.

Плаќањето на даноците на државата од луѓето кои трудово мигрираат и се сметаат како вработени лица во Сојузна Република Германија исто така го зголемуваат економскиот раст бидејќи тие таму живеат, плаќаат домување, плаќаат секојдневни работи, како паркинг за автомобилите, плаќање на автобус, воз или многу други работи кои ги плаќаат месечно како сметки за електрична енергија, сметки за вода, сметки за ѓубре и многу други месечни даноци во зависност од лицето кое го поттикнува растот на буџетот на државата, а кога државата има стабилен буџет, има и многу подобар развој на пазарот на трудот затоа што со добар буџет се одвојуваат доволно средства на места кои се потребни на луѓето доколку, пример, плаќаат данок за ѓубре – со тоа ја поддржуваат општината која од тој буџет може да им направи соодветни корпи за отпадоци или многу поубави зелени паркови од постоечките и со тоа го стимулираат населението да плаќа даноци заради нивно добро и раст и развој на пазарот на трудот. Доколку направат нови паркови, ќе се отворат работни места како одгледувачи на зеленилото на паркот, чистачи, одржувачи, наводнувачи и слични вакви професии во зависност од површината, а со вработувањето го поттикнуваат пазарот на трудот и ја „затвораат“ невработеноста во неколку семејства, а со намалување

на невработеност се намалува можноста тие луѓе да го намалат веќе постоечкиот успех на економската сила на целата држава[31].

1.6. Економски ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Република Словенија

Секоја држава се соочува со економските ефекти врз пазарот и економскиот раст бидејќи економската активност која ја вршат вработените во кое било претпријатие, без разлика дали е мало или големо, без разлика на тоа дали се занимава со производство или услужна дејност или се работи за друг вид на организација, активностите кои ги прават вработените резултираат со успех на самата органицазија, а доколку има поголема потреба од работна сила, пазарот на трудот и економскиот раст во која било држава се зголемува.

Економските ефекти влијаат добро и позитивно врз развојот на миграцијата и врз пазарот на труд и економскиот раст во Република Словенија, а се вели дека економскиот ефект и намалувањето на невработеноста во Република Словенија е директно поврзано со технологијата.

Технологијата во глобала во светот има огромно значење бидејќи секој од нас не може да го замисли животот без дигитализација бидејќи секојдневно сме опкружени со технологијата и кога наутро стануваме за да одиме на факултет или работа, се будиме со алармот од нашиот телефон кој е дел од оваа технологија или се будиме на звукот на дигиталниот часовник, за разлика од порано каде луѓето се буделе на звукот на нивните животни и со самото станување, во нашите раце се зема телефонот на кој се отвораат социјалните мрежи за да се комуницира со пријатели, да се прочита нешто што било актуелно вчерашниот ден или како започнало утрото. На тој начин понатаму ни продолжува денот со одење на факултет или работа со автомобил на кој, барем кај оние посовремените, самото отворање на далечина е технологија, екранот кој го има во новите автормобили, поврзувањето на телефонот со автормобилот е исто така дел од современата технологија. На факултет за предавања се користат табли на допир, најнови таблети и лаптопи за истражување на материјалот кој се изучува; доколку станува збор за работа, таму има понови машини и алатки со кои се работи, за разлика од порано, работници кои работат во

[31] Пример за поттикнување луѓето да ги плаќаат даноците и нивното понатамошно влијание.

информатичката технологија секојдневно се во допир со најнови технологии за да направат многу нови програми за луѓето да може да ги користат. Секој од нас барем еднаш во денот на камера се гледа со свои пријатели, што исто така е дел од технологијата и многу вакви примери кои ни покажуваат дека ние едноставно не можеме да живееме без да имаме допир со технологијата[32].

Технологијата покрај тоа што е дел од нашиот живот, кога станува збор за економскиот раст, самата технологија помага за вработувањето, бидејќи секој од нас има пристап до секое работно место во друга држава, може да ги прегледа страниците на другите фирми во странство, може електронски да конкурира за работно место, може да се консултира преку технологијата со роднини и пријатели за во Република Словенија и работни места, и на тој начин луѓето кога веќе добро се информираат за каква работа станува збор и доколку имаат добри услови, се одлучуваат да мигрираат и затоа самата технологија која ги поврзува луѓето со светот им помага да пронајдат подобар начин на живот од порано затоа што порано луѓето, кога ја немало технологијата, не ги знаеле толку работите од близу и ретко се одлучувале да одат и лично да погледнат дали им се допаѓа работата или не, а вака со технологијата осознаваат и анализираат од далеку, одлучуваат дали е добра таа работа за нив или не и не прават дополнителни трошоци да одат до таму и да ја прават анализата која можеби ќе биде неуспешна.

Како позитивна страна на тоа како технологијата влијае е тоа што технологијата директно помага во процесот на миграција и со тоа ги зголемува економските ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Република Словенија. Пример: луѓето од друга држава преку компјутер се „запознаваат“ со претпријатието каде што сакаат да работат во Република Словенија , тие од компјутерот може да добијат безброј информации за тоа како се живее во таа држава, како луѓето може да дојдат до виза, како може да аплицираат за работа и сл.

Другата позитивна работа е тоа што благодарејќи на технологијата луѓето може да работат од далечина во Република Словенија само доколку ги исполнуваат соодветните услови за работа. Најчесто тоа се програмерите кои прават програми, луѓе кои се занимаваат

[32] Хипотетички пример за тоа како ние секојдневно живееме заедно со технологијата.

со продажба на производи преку интернет, промоција и правењето реклами преку интернет и самата технологија. На овој начин се подобрува и комуникацијата меѓу луѓето, а може и самите да се снабдат со производи од друга држава, како на пример: ако живееме во некоја друга држава, можеме да си нарачаме, благодарејќи на виртуелната продажба, блуза од Република Словенија или која било земја која не е сосед на нашата земја, а тоа ќе го направиме преку страницата на бутикот кој ја продава и ќе искомуницираме на некој начин со луѓето кои ја продаваат преку интернет благодарејќи на технологијата, а со таков вид на продажба го зголемуваме економскиот ефект на пазарот во државата во која порачуваме и ја намалуваме привремената миграција која може да се случи заради купувањето на производот, во овој случај блузата[33].

Преку висококвалитетните кадри кои одат да работат во Република Словенија има поддршка на растот на БДП[34] бидејќи тие висококвалификувани кадри ги зголемуваат иновациите во самите фирми и на тој начин се доаѓа до реалните приходи кои луѓето ги остваруваат.

Економските ефекти на миграцијата врз пазарот на труд и економскиот раст во Република Словенија имаат свои предизвици и ограничувања бидејќи со миграцијата на повеќе луѓе има потиснати плати кај нискоквалификувани работници, се чувствува зголемена дискриминација кај одредени групи луѓе, се зголемува зависноста од миграцијата, се поставуваат бариери меѓу населението како негативен ефект бидејќи многу малку луѓе одлично не го владеат јазикот, но сепак оваа земја ја намалува невработеноста и го зголемува развојот заедно со економските ефекти бидејќи се работи за прилично поразвиена земја од сите земји кои порано биле во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, и затоа пазарот на трудот е и многу поголем, но со текот на времето може да се промени поради развојот на целиот свет.

1.7. Трудова миграција во Република Северна Македонија и надвор од неа

Трудовата миграција во Република Северна Македонија е многу важна поради тоа што се покажува со колку работни места располага државата, покажува кои работни места се

[33] Хипотетички пример како луѓето може да си купат преку интернет и да го поттикнуваат економскиот пазар, а да ја намалат привремената миграција.
[34] Ibid. Стр. 25, 2016.

ослободени доколку работниците се одлучат на трудовата миграција во некоја од другите земји или, пак, во некој друг град од нашата земја, и со тоа гледаме како трудовата миграција влијае и на другите земји во кои мигрира нашето население.

Трудовата миграција во Република Северна Македонија е застапена исто како и во многу други држави на Балканот кои се во период на развој и кои се стремат да се развијат како многу други европски држави и најчесто трудовата миграција е застапена во земјите кои сè уште се развиваат, а луѓето мигрираат најчесто во развиените земји каде може да пронајдат подобри услови за живот.

Кога станува збор за трудовата миграција надвор од Република Северна Македонија, таа се одвива во многу земји каде луѓето сами по своја сопствена желба, потреба, според своите работни способности, квалитети, според тоа каде им е убаво или каде најчесто имаат роднини или пријатели мигрираат. Според искуствата, ние можеме да заклучиме дека многу луѓе мигрираат и во скандинавските земји, не само во познатите балкански земји, многу луѓе од Република Северна Македонија мигрираат и во САД, мигрираат дури и во Австралија, иако ја сметаме како многу далечна од Република Северна Македонија, но сепак луѓето кои се одлучуваат за миграција, бараат соодветно место за живеење според нивните потреби. Се претпоставува дека во наредните години трудовата миграција би можела да се зголеми во Република Северна Македонија, но сепак статистички колку тоа ќе се развие, останува да се види со тек на годините кои доаѓаат. Тоа не значи дека не е можно трудовата миграција и да се намали во годините кои следуваат од причина што секојдневно се менуваат условите за работа во секоја држава, се менуваат условите за престој во многу држави и поради сите тие услови и околности потребно е времето да покаже како би било или дали би се намалила или зголемила трудовата миграција во Република Северна Македонија.

II. Политика на регулирање на миграциски текови како алатка за надминување на миграциска криза

Во секоја држава мора да има стабилна политика за да се регулираат сите работи во државата, па на тој начин потребно е да се регулираат и миграциските текови со цел да се надмине миграцискатa криза која во овој период е особено многу застапена.

Многу од државите секојдневно се борат со голем број на мигранти кои нелегално ја приминуваат границата. Дел од луѓето кои неправилно ја минуваат границата покрај мигранти се и туристи кои прво како на одмор заминуваат кај свои најблиски, а подоцна најчесто наоѓаат работа во некои кафулиња, хотели и нелегално работат. Постојат и исклучоци каде луѓето ја пронаоѓаат работата, па подоцна одат да работат, но најчесто наши државјани, млади лица кои се средношколци или студенти, заминуваат на работа кај свои роднини во Словенија и Германија и работат за време на летниот одмор, а претходно од овде заминуваат како туристи и работат без претходно пријавување од страна на работодавецот или се пријавени, но со нецелосно работно време, што исто така го отежнува целиот процес на функционирање во кафулето, хотелот или која било друга организација каде би се нашле да работат луѓето.

Секој млад човек треба да се труди да си пронајде работа според своите квалификации, образование, квалитети, со своја важечка документација, а не да работи без пријавување, без потребна документација за во странство[35].

Потребната документација го отежнува процесот и благодарејќи на невалидни документи како што се пасоши, лични карти, немање дозвола за работа, немање дозвола за престој во европските земји, се отежнува процесот да се надмине кризата од пренатрупаност и се зголемува мигрантската криза која го зафаќа нашето општество бидејќи системите на земјите не се подготвени за преголема оптовареност од многу работници, а особено земјите кои се многу развиени и кои секојднево на некој начин се борат со мигрантската криза.

[35] Се мисли дека е потребно да има дозвола за работа и дозвола за престој во друга земја доколку лицето не е европски државјанин.

Политиката на регулирање на миграциски текови како алатка за надминување на миграциската криза дополнително помага за да се надмине истата на начин што секоја држава за себе одредува заштитни мерки за да се спречи преголемиот број на мигранти и лица кои на нелегален начин престојуваат, работат во одредени држави, па затоа некои држави ја зголемуваат контролата на своите гранични премини во смисла дека таму се проверуваат лицата кои ја поминуваат границата, го гледаат престојот на лицата кои одат и работат, им ги бараат нивните документи за да се види дали тие на легален начин престојуваат во некоја земја. Граничните премини соработуваат и со други институции како што се Министерството за економија, Министерството за образование, Центарот за социјални грижи и многу други институции со цел да се открие за кои лица станува збор кога ја преминуваат границата. За лицата кои бараат престој во одредени држави, се гледа дали тие се деловно способни, образовани, неосудувани, сè со цел да им се даде престој и можноста подоцна да работат во тие земји. Доколку не се направи детална проверка, може да се даде дозвола за престој на некое лице кое претходно има кривично досие или лице кое е деловно неспособно за вршење за одредена физичка работа и затоа сите институции треба меѓу себе да соработуваат за да се намали можноста од одредени дополнителни кризи и несакани дејства во другите земји каде тие личности мигрираат поради престој, работа, образование или други лични причини.

Кога одредено лице ќе се појави во некоја земја, треба веднаш да му се одреди статусот кој е тој во таа земја, дали таму се наоѓа како турист, странец без државјанство, мигрант, азилант, студент, работник во одредена фирма, личност која ќе врши истражување за одредена област за цел на државата или слично, со цел државата во која ќе се наоѓа да биде сигурна дека лицето ќе ја врши должноста односно работата за која пристигнало во земјата без да ја оптоварува државата за плаќање на одредено издржување како социјална помош и слично, што исто така ја ослабнува економијата на државата каде лицата мигрираат и со тоа кога слабее економијата поради други лица кои не се државјани, на тој начин се прави криза која го отежнува животот на државјаните.

Кога станува збор за отежнатиот живот кога има поголем број луѓе на одредена територија и поради населени лица државата доживува мигрантска криза во смисла дека луѓето кои се преселуваат, а не наоѓаат веднаш сместување и работа, на тој начин тие паѓаат

на товар на државата која може да доживее криза од преголемиот одлив на средства од државната каса за обезбедување на сместување, храна, пијалаци, бесплатно образование, социјална заштита и многу други основни потреби на човекот кои директно влијаат на државата и доколку државата располага со доволно средства и е доволно развиена, таа може да си дозволи да ги издржува и да ја надмине кризата, но доколку се работи за земји во развој или посиромашни, тогаш тешко дека државата би им помогнала на лицата кои мигрираат и тешко дека самата држава би излегла од кризата поради миграцијата, па затоа секој човек се одлучува да мигрира во европски или други прилично развиени земји токму поради тоа што европските и развиените земји се во можност да ги надминат миграциските кризи со кои би можеле да се соочат доколку се јави голем наплив на луѓе кои мигрираат од свои лични причини, без разлика дали е работа, образование, подобар живот и слично.

Миграциската криза во денешно време се надминува благодарејќи на многу организации кои ги имат државите и најчесто се грижат за општото добро на сите луѓе во светот. Регионалните и меѓународните соработки помеѓу државите кои ги водат заедно се со цел луѓето во светот да имаат подобар живот.

Една од тие организации е и Европската Унија, која ја спроведува европската миграциска политика каде земјите членки на Европската Унија прават заеднички систем за азил каде се овозможуваат правата на луѓето без да им бидат претходно попречени во кој било поглед од државата. Постојат многу договори кои ги прават земјите, сè со цел да се заштити политиката и да се надмине миграциската криза и да се спречи нерегуларната миграција на луѓе преку морињата или океаните. Најчеста држава преку која нелегално се преминувало е Турција, бидејќи како држава се протега на европско и азиско тло. Многу лица преминувале без важечки или фалцификувани документи во изминатите 10 години, но сепак државата во последните неколку години, со цел да ја надмине кризата на мигранти, бегалци или лица кои имаат фалсификат документи, ја засилува безбедноста и контролата на документи, но и прави разни договори со други држави за да нема нелегален престој во државата.

Многу од бегалците мигрираат во развиените држави токму заради можноста да имаат добри услови за живот и безбедност, без да ја почувствуваат миграциската криза.

2.1. Причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција

Актуелната криза на меѓународната економска миграција носи со себе многу работи кои се поврзани. Во себе ги носи и причините, своите последици кои ги имаме на крај и резултатите кои се многу важни и со кои секој од нас се соочува секојдневно.

Многу од тие причини може да се групираат, поделат, но сепак како главни причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција може да ги изделиме: социјални причини, економски причини, политички причини, еколошки причини, општествени причини, социјални причини, а може да бидат и лични причини кои се дополнителни и зависат од лицата кои мигрираат.

Нашата држава, но и целиот Балкан, има сериозна историја на миграции со која се соочува со миграциска криза уште од големите преместувања на народите за време на многу војни, а една од тие војни е и Балканската војна[36].

Во последните децении има многу бегалски кризи, меѓу кои беа и косовската и сириската, чии последици сè уште се чувствуваат, оставајќи неизбришливи траги и трауми кај сите луѓе и семејства бидејќи некој дел од нив ги оставиле своите домови, пријатели, некој своето семејство, и затоа овие луѓе имаале доста причини зошто да го напуштат своето место на живеење и се одлучиле да мигрираат[37].

Постојат многу причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција, а некои од тие се:[38]

1. Економската нееднаквост меѓу луѓето;
2. Глобализацијата;
3. Политичката нестабилност и мешањето на политиките;
4. Климатските промени;
5. Подобар живот во другите европски земји.

[36] Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска, проф. д-р Олга Кошевалиска. „Миграција и азил: Национални, Меѓународна европска рамка“ – Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021.
[37] Ibid. Стр. 34, 2021.
[38] Edvard Elgar. Publishing Globalizatons and Inguality, 2012.

Кога станува збор за економската нееднаквост кај луѓето како една од главните причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција, станува збор за големите разлики во животниот стандард помеѓу развените и неразвиените држави каде луѓето од неразвиените земји најчесто се соочуваат со помали примања, се соочуваат со невработеност и затоа тие се одлучуваат да мигрираат и да го зголемат својот животен стандард и да имаат своја економска еднаквост со останатите луѓе од другите развиени држави.

Глобализацијата директно помага за сите млади луѓе да разберат во каков свет живеат, каде живеат, која е земјата во која живеат, дали таа земја во која живеат ќе им овозможи одредени работи кои тие млади луѓе ги замислуваат, и останати прашања на кои глобализацијата самата им одговара бидејќи денес технологијата е толку современа што секој млад човек може да види каде живее, да разбере како другите живеат во развиените земји преку видеа, снимки, разни написи на странски весници, преку најразлични книги и секојдневни вести на телевизија за другите земји или преку свои роднини во странство каде може да разберат како самата глобализација влијае и како тие може да се "спасат" од глобализацискиот систем. Со разбирањето на светот околку себе, тие одлучуваат за себе дали сакаат да живеат живот кој на некој начин им се наметнува или избираат друг живот во друга држава, работа во друга држава, образование и едноставно подобар живот од животот кој го живееле. Глобалниот пазар директно влијае како причина на глобализацијата и компаниите преку различни реклами за работна сила, различни промоции на своите производи помагаат за развојот на економската сила која на некој начин ја поттикнува државата за раст и развој.

Политичката нестабилност и мешањето на политиките се исто тако причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција бидејќи политиката се вмешува во целиот систем на државата и доколку има стабилен политички систем кој не се вмешува во целокупното општество и во работните места на луѓето кои конкурираат на различни работни места би било многу подобро, но мора да се признае дека во последните години политиката го зазема централното место во државата и на некој начин таа претставува огромна причина за миграцијата и прави дополнителни политички проблеми во државата и дополнителни несогласувања во државата, дополнителни разочарувања на младите.

Всушност, секоја политичка партија кога доаѓа на власт има свои цел, предиспозиции кои ги остварува, а не на секој му се допаѓаат работите кои ги остварува одредена политичка партија бидејќи секој од нас е различен карактер и има различни идеали. Нормално е секој човек да поддржува некоја политичка партија, одредена личност од таа политичка партија, а да не поддржува друга политичка партија, друга политика, и на тој начин се формираат некои политички нестабилности во државата кои дополнително влијаат и прават криза и се причина за актуелната криза на меѓународната економска миграција.

Климатските промени се многу битен фактор на секоја држава и се причина за актуелната криза на меѓународната економска миграција бидејќи тие се чест повод за миграција од причина што лицата кои се занимаваат со риболов, земјоделство или сточарство најчесто одат од град во град, од град во село, од село во град, заминуваат во далечни држави. Најчесто живеат на местата каде ги одгледуваат своите растенија доколку станува збор за земјоделски култури или доколку станува збор за земјоделство, доколку, пак, станува збор за риболов, луѓето мигрираат каде има водени површини како што се реки, езера, морија, океани, доколку станува збор за сточарство, одат на места каде ги одгледуваат своите животни, поточно одат на места каде има услов тие животни да живеат бидејќи секој вид на животни не поднесува многу топло или ладно, секое животно не јаде ист вид на храна и тие се некогаш и приморани да одат на места каде за тие животни има соодветна храна, (пример, за да одгледуваат крави, треба да има штала, местото да е оградено за да не побегне животното, подот да е сув, да се храни со сено, зелена трева, житарици, редовно да се вакцинира и носи на прегледи, а не да се одгледува во лоши услови без соодветна храна на многу топли краеви, пример пустина, каде што не би преживеале кравите поради топлината, т.е. таа ја бара средната топлина за живот)[39] и затоа мигрираат. Некогаш тие не сакаат да мигрираат во одредени места бидејќи можеби во некои места нема целосни услови, но поради работата тие мора да живеат таму.

Подобар живот во другите европски е исто така една од многуте причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција бидејќи останатите европски земји уште од мали децата во градинките ги учат за основните нивни потреби како што се јадење, пресоблекување, одење во тоалет, цртање, дружење со останатите другарчиња и многу

[39] Пример за одгледување на животно во сточарството.

основни работи со кои понатаму се гради една личност. Во нашата земја многу деца се чуваат и растат со своите баби и дедовци кои дома немаат соодветни услови да ги учат, дел од нив и не знаат како тоа да го направат, а во европските земји децата и да не сакаат да одат во градинка, тие се приморани, бидејќи нема со кој да остануваат кога нивните родители се на работа и со тоа тие навиките таму ги стекнуваат уште од мали, а преку градинките ги носат на различни настани – во театар, кино, игротеки, за да се дружат и да стекнат навики како треба да се движат во сообраќајот. Во многу европски земји доколку детето е мало и оди во градинка, како што веќе спомнав, тие од државата имаат право на детски додаток кој дополнително е на товар на државата, доколку тие се болни и бидејќи поради болест не смеат да одат во градинка и мора да останат дома, најчесто нивните родители остануваат од работа и не одат, а за тој период треба да бидат платени 70 % од својата плата (боледувања или слободни денови од одмор), иако не е целосната плата, сепак тие паѓаат на товар на претпријатието каде работат, а претпријатието и понатаму има потреба од работникот за тоа време кога тој не оди на работа. Претпријатието е приморано да го плаќа работникот кој зема боледување или денови од својот одмор за своето дете кое е мало, болно или нема кој да го чува во одредени денови, а не може само да се чува, а претпријатието е приморано и да пронајде привремена замена за таа позиција за да се изврши работата во дадениот рок, затоа што ако се работи за производствен процес на прехранбени производи или други видови на производи кои се трошат секојдневно, мора да биде исполнета бројката на готови производи во текот на денот и месецот.

Децата кои одат на училиште исто така имаат право на стипендии коишто се доделуваат од училиштата кои се во рамките на општините, а некои стипендии се доделуваат и од владите на државите каде има истакнато конкурси со одредени критериуми кои треба учениците да ги исполнат и на тој начин и учениците од други земји кои ги исполнуваат условите, а учат во тие земји, може да се стекнат со тие стипендии за кои државата одвојува средства. Најчесто кога државата отвора конкурси за средношколски стипендии, го прави тоа на основа на успехот на учениците или врз основа на која држава припаѓаат тие ученици, пример ученици кои се државјани, ученици кои учат и живеат во таа земја, а немаат

државјанство и ученици на трети земји кои учат имаат право да конкурираат и најчесто тоа паѓа на товар на државата[40].

Државата најчесто одвојува од својот буџет за стипендиите и најчесто средствата кои ги одвојува ја намалуваат силата на економијата на државата, но вложува во своите ученици, идни студенти, за да бидат дел од државата за одреден период кога тие ќе го завршат своето школување. Тоа е битен фактор за сите ученици и кои не се државјани на таа држава за да ги стимулира да живеат понатаму, но стипендиите кои понатаму се случуваат со исти постапки и во студирањето на студентите, нивни размени во други земји да се образоваат, нивната студентска работа ги стимулира за понатаму, но сепак државата потребно е тие средства да ги исплати до датумот до кој е наложено дека треба да се исплатат бидејќи ниту еден ученик, ниту еден студент не се грижи како тие средства односно како таа стипендија ќе дојде во негови раце и дали тие парични средства би можело државата да ги вложи во други работи за животот. Учениците и студентите имаат право да бараат надомест за нивното школување, потребни им се средства, но не секоја држава е подготвена да дава соодветни средства во вид на стипендија за своите ученици и студенти бидејќи не секоја држава е финансиски моќна за плаќање на сите ученици и студенти и затоа се прави таа селекција. Иако во многу европски земји сите ученици и студенти земаат стипендии, сепак во многу има поделби и услови кои треба да се исполнат, а доколку не се исполнат, тогаш нема да земаат, и тоа е оправдано од проста причина што треба да се наградат најдобрите и оние кои се трудат, за разлика од оние кои не се залагаат доволно.

Моќта на средствата кои се земаат во европските земји, како плати или стипендии, претставуваат причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција бидејќи секои парични средства се многу важен дел од државата затоа што сите тие средства ја претставуваат државната каса која ја поседува државата, а е битен фактор за тоа каква ќе е државата во иднина. Тука се мисли на тоа дали државата ќе се одлучи и дали според претставниците на државата[41], избрани од народот, ќе бидат одвоени повеќе парични средства за ученици и студенти бидејќи тие во европските земји се на некој начин нивната иднина, што не значи дека учениците и студентите во другите земји кои не се членки на

[40] Ученици кои најчесто учествуваат во стипендиите.

[41] Се мисли на претседател на држава, премиер, пратеници, градоначалници и многу други лица кои се на функција во државните органи.

Европската Унија не се иднината, но сепак европските земји поинаку размислуваат за стипендиите за учениците и студентите, за разлика од другите земји.

Европските земји размислуваат на начин што доколку учениците или студентите учат, се знае дека понатаму би добиле соодветна работа во нивните земји и нема да бидат на товар на државата како невработени лица. Тие лица не би мигрирале и не би ја поддржале трудовата миграција во друга земја доколку им се дава одлична плата и доколку она што го имаат завршено – го работат. Пример, ако имаат завршено медицински факултет, работат како доктор и имаат одлична плата, не би се одлучиле на трудовата миграција поради тоа што во одредени европски земји платите на квалификуваниот кадар со високо образование е ист[42]. Доколку не си одат, миграциското салдо ќе се намалува бидејќи нивните деца за одреден временски период ќе станат ученици или студенти и ќе земаат одредени стипендии од државата како нивните родители. Кога нивните деца би го завршиле образованието, истите тие ученици и студенти кои биле, а сега се работници, ќе имаат свое работно место, ќе земаат плата и нема да се на товар на државата, па на тој начин државата во европските земји ги поттикнува да учат, да бидат независни од државата на начин што кога ќе ја земат стипендијата, нема да бараат од своите родители за ужина, книги, потребни материјали, туку самите од државата ќе може да си ги вложат тие пари во своето образование, а со тек на време кога завршуваат, ќе пронајдат соодветна работа со која нема да бидат невработени лица и лица кои ќе бидат на социјална помош од државата. Поради ова, многу е подобро државите да вложуваат во младите ученици и студенти и ќе ги поттикнуваат да имаат свои пари, да си овозможат свои услови без преголема поддршка од родителите и најважното – ќе ги научи да имаат понатамошен почит кон државата, бидејќи таа вложила кога биле ученици и студенти и на тој начин ги поттикнува да не мигрираат надвор од својата земја.

Моќта на средствата кои се земаат во европските земји како плати или стипендии претставуваат причини за актуелната криза на меѓународната економска миграција затоа што платите кои ги земаат луѓето од Западен Балкан и од Источна Европа се многу повисоки од платите кои ги земаме ние во нашата земја, и најчесто луѓето меѓу себе ја прават таа споредба и самите средства за работата која ја вршат го создаваат чувството на незадоволство, несигурност во својата сопствена земја и се директна причина за

[42] Пример во европските земји за високо образование.

сиромаштија доколку луѓето не можат за себе и на своето семејство да ги овозможат основните потреби како што се храна, облека, живеалиште. Со поттикнувањето на сиромаштијата, секоја економија слабее, а со слабеење на економијата, државата на некој начин пропаѓа, или со други зборови – во државата има криза која многу тешко може да се поправи бидејќи средствата се основната работа која треба да ја поседуваат луѓето за да живеат, да си купат храна, вода, да имаат куќа или стан, автомобил и сл. сè со цел да функционираат секојднево. Доколку немаат соодветни плати или се невработени, земаат социјални примања кои се плаќаат повторно од државата и на тој начин повторно се празни касата и се слабее економијата, па затоа е многу битен фактор работната сила. Луѓето кои работат, земаат плата. Платите секако не се исти за една иста професија во различни држави. Пример, за доктор во Република Северна Македонија и доктор во Германија, односно Словенија, Италија или друга европска земја висината на платата зависи од многу надворешни фактори и сепак би требало да не бидат огромни разликите за да не се прават дополнителни кризи на пазарот[43].

Луѓето кои земаат голем приход, односно тој приход го земаат од плата како награда за трудот кој го вложуваат на своето работно место и нормално е дека тие средства сакаат да ги трошат. Тие средства ги трошат на храна, пијалаци, обувки, облека, одмор, недвижности, накит итн. во согласност со приходот кој го поседуваат, но кризата со тие средства може да дојде доколку многу луѓе купуваат, пример брендирана облека, купуваат различни шалови, обувки, капи, чанти и какви било други работи за кои имаат желба или потреба, но потреба од брендирана облека се нема многу, бидејќи чанта која е обична, купена од некоја продавница, ја врши истата функција на складирање на работи како и чантата која е брендирана, но поентата е во тоа што луѓето имаат доволно приходи или просто кажано средства за да ги купуваат тие работи кои вредат многу повеќе, но доколку тие луѓе престанат да работат, автоматски ги губат и приходите кои ги имале и со тоа нема да купуваат брендирана облека или други работи кои ги купувале со претходниот приход. Тоа ќе влијае на продавниците кои нема да го остварат приходот и продажбата која им била претходно и сега може продавниците да ги доведе до затворање, стечајна постапка, а продавачите во тие продавници без работа. И сега се доаѓа до еден заклучок дека платите

[43] Пример за подеднакви плати.

се битниот фактор за да не дојде до лоша состојба во економијата и државата, а во последните години кризите на многу претпријатија дојдоа поради немање на работна сила, поради миграција, поради намален приход и зголемената невработеност во државата[44].

Доколку луѓето пронајдат работа на друго место, во друга продавница или друга земја, ќе мигрираат, ќе привлечат други купувачи во тие земји и ќе ја јакнат економијата во друга земја, а не во својата[45].

2.2. Модели на политика за миграција во европските земји

Моделите на политика за миграција во европските земји се разликуваат според пристапот на трудовата миграција во секоја европска земја затоа што секоја европска земја е различна една од друга според територијата, јазикот кој го зборуваат луѓето, вероисповедта, традицијата која ја поседуваат, своето верување, посебната култура, различните интереси, различното образование, различните потреби и интереси, и затоа миграцијата се разликува од земја во земја, но преку различни истражувања кои се направени и од Европската Унија, се доаѓа до заклучок дека миграциската политика во европските земји зависи од националните интереси и од интересите на сите лица кои се вклучени во тој миграциски процес.

Постојат многу модели кои влијаат на политиката за миграција на европските земји, а се менуваат врз основа на политичката состојба, јавното мислење на луѓето, потребите на луѓето и многу други работи кои влијаат директно врз моделите на политиката за миграцијата, а некои од тие модели се:

- Либерален модел;
- Рестриктивен модел;
- Селективен економски модел;
- Хуманитарен модел или азилантски модел;
- Интерактивен модел;
- Економски утилитарен модел;

[44] Пример за тоа како приходите (платата) влијаат врз животот на луѓето и ја формираат кризата.
[45] Појаснување на примерот погоре во случај доколку истите работници пронајдат друга работа во друга држава.

- Европски унифициран модел (ЕУ-политика)[46].

Либералниот модел[47] претставува модел кој влијае на политиката за миграција на европските земји бидејќи кај овој модел се прифаќаат мигрантите и најчесто се интегрираат во општеството. Кога се вели дека се интегрираат, се мисли дека тие се вклучуваат во образовниот процес, културниот процес, државата им овозможува да одат на бесплатни курсеви за да го совладаат јазикот, има бесплатни курсеви со кои учат одредени вештини за да почнат да работат, луѓето кои немаат доволно образование, најчесто одат на курсеви за шминкање, маникир, педикир, фризери и многу други професии кои може да се совладаат побрзо од одредени факлутети[48].

Либералниот модел[49] е модел кој влијае на политиката за миграција на многу европски земји, но најчести земји кои се дел од овој модел се: Германија, Шведска и Холандија. Овие земји се актуелни особено во последните десет години бидејќи тие се борат за човековите права, за нивната еднаквост многу повеќе од порано, бидејќи таму мигрантите се застапени уште пред да се дефинира што е всушност зборот мигрант, затоа што многу лица заминувале без лични документи поради војните, поради неможноста да пронајдат добра работа, поради неможноста да живеат подобар живот и слични причини како и во денешницата, но сепак во минатото луѓето гледале на друг начин на тие работи за разлика од сега. Тој начин мисли дека луѓето денес се многу погрижливи за тоа каде ќе работат, бараат поголеми права, тие се за сè информирани благодарејќи на технологијата и затоа често ги избираат европските земји и либералниот модел, бидејќи либералниот модел им ја дозволува слободата, им покажува на луѓето дека иако не се родени во таа земја, сепак може да ги заштити, да се грижи за нив, да им пронајде соодветна работа, културна поддршка, образовна поддршка на сите на кои тоа им е потребно.

Образованието во голема мера е поддржано во либералниот модел бидејќи на тој начин се помага и на европските земји поради тоа што се наоѓа соодветен кадар за професии за

[46] Raul Bosniak, „The Internacional Boundary Regime Typology“, 2006.
[47] Ibid. Стр. 42, 2006.
[48] Се мисли временски дека може тие курсеви да се совладаат побрзо; просечно курс за шминкер е три или шест месеци, за фризер од шест месеци до една година, но сепак варира од усовршувањето на лицата, а високото образование најчесто се завршува со четири години.
[49] Ibid. Стр. 42, 2006.

кои нема во таа земја. Доколку луѓето дојдат од друга држава, на пример доктори, а не го познаваат јазикот, самата болница преку државата им организира курсеви за да се совлада јазикот и да почнат луѓето да работат. Во почетокот за да им се среди документацијата за работењето, државата им организира преведувачи или доколку знаат некој од светски познатите јазици, како што се англискиот и германскиот, ги користат нив и сè останато им се овозможува, сè со една цел: тие луѓе да се почувствуваат како во својата сопствена земја, не како во туѓа, како што многу луѓе кои кога ќе заминат, така се чувствуваат, што е и нормално во крајниот случај. Така, доколку ги имаш сите услови како што се дом и работа, не би требало да се чувствуваш лошо таму; а да живееш со месеци или години, се случува да се чувствуваат лошо само луѓето коишто таму се имаат преселено и најчесто имаат страв од непознатото и како ќе се соочат со тоа што би ги очекувало. Затоа либералниот модел им ги олеснува тие размислувања бидејќи од старт ги заштитува и се бори за остварување на нивните основни права и слободи кои треба секој од нас да ги ужива, каде и да оди.

Рестриктивен модел претставува модел кој влијае на политиката за миграција на европските земји бидејќи кај овој модел се спречува нелегалната миграција на луѓе кои сакаат нелегално да престојуваат во одредени земји и нелегално да бидат дел од трудовата миграција, со други зборови да ја спречи нелегалната трудова миграција[50].

Поради таа причина речиси секоја европска земја воведува визи, односно воведува дозволи за работа за работници кои не се европски државјани, дозвола за престој во тие земји и потребно е целата таа документација да се прегледа пред да се даде дозволата за престој и дозволата за работа. Државата мора да биде сигурна дека се работи за добар човек кој има добра намера да живее и работи во таа земја, а не некој кој има одредени други лоши намери. Поради тие лоши намери кои често резултираат подоцна со тешки кривични дела, се спроведуваат и строги гранични контроли каде документацијата на лицата се проверува и се одредува точно дали станува збор за легална миграција или нелегална миграција.

Рестриктивниот модел се воведува во многу европски земји со цел да се спречат тешките кривични дела, да се овозможи можност да конкурираат за работни места лица кои

[50] Anna McKeever Imigrations Policy and Right-Wing Populism in Western Europe, 2021.

се способни за тоа и лица кои имаат легални документи за тоа, а не лица кои претходно имаат одредни кривични дела или не се за тоа работно место доволно квалификувани[51].

Рестриктивниот модел е дел од контролната политика бидејќи потребно е да се контролира секој во државата којшто влегува и излегува. Секој кој е странски државјанин, а конкурира за работна позиција на одредено работно место, потребно е да ги има сите соодветни документи за работната позиција за која конкурира[52].

Рестриктивниот модел е дел од контролната политика која честопати се воведува помеѓу Полска, Унгарија и Данска, бидејќи тие земји често имаат наплив на мигранти кои најчесто се одлучуваат за трудовата миграција поради недостиг на некои работни позиции, а луѓето кои најчесто мигрираат, имаат потреба од работа и затоа рестрикциите најчесто имаат безбедносен карактер за населението, односно државјаните на тие земји каде мигрантите одат[53].

Селективен економски модел се воведува во многу европски земји со цел одредени работни позиции со висок потенцијал кои се денес многу потребни и претставуваат приоритет, како што се работници во компјутерскиот сектор, обновливата енергија и многу други истражувачки работи важни за нашата планета, за останатите планети и многу други работи кои за обичниот човек се често недостижни каде има многу иновации и голем потенцијал за вработување, но во одреедени земји тие позиции кои се многу барани ја зголемуваат миграцијата токму поради фактот дека во одредени земји за некои работни позиции има премногу работници и во самата земја, а доаѓаат и од други земји луѓе кои мигрираат, но сепак од многу подрачја има голема конкуренција и сѐ повеќе се зголемува конкуренцијата на работна сила. Затоа во многу држави е потребно да се воведе селективниот економски модел со цел да не дојде до пренатрупаност за одредени позиции и недостиг за други позиции и секоја држава воведува поголеми плати за работни места за кои има недостиг, како на пример: рудари, земјоделци, сточари, за кои многу тешко и во многу држави може да се пронајдат луѓе кои ќе ја работат таа работа, а некои од тие држави се Финска, Данска и Чешка. Таму луѓето повеќе се заинтересирани за истражување и

[51] McKeever, A. „Imigration Policy and Right-Wing Populism in Western Europe, 2011.
[52] Ibid. Стр. 44, 2011.
[53] Ibid. Стр. 44, 2011.

работење на технологијата отколку истражување на рудните богатства како рудар или, пак, одгледување на земјоделски култури кои исто така се битни за една држава бидејќи секоја дејност која е дел од државата придонесува за развојот на целата економија, но сепак секоја држава се бори сама за себе да биде успешна[54].

Хуманитарниот модел[55] уште се нарекува и азилантски модел, кој воведува подобри услови во многу европски земји поради тоа што им обезбедува поголема безбедност на луѓето со цел правата на луѓето кои мигрираат да се заштитат бидејќи потребно е доколку лице се одлучи за трудовата миграција, да си ги знае своите основни права и слободи кои треба да му бидат дозволени во земјата каде мигрира, затоа што секој од нас не ги знае своите права. Мисли дека ќе оди и ќе работи во таа друга земја, ќе ја зема својата плата, ќе работи тоа што треба да го работи, а можеби нема да знае дека му следува одмор и одморот дека е потребно да му биде платен, дека е потребно да не работи недела бидејќи се смета за слободен ден за одмор, а доколку работодавачот каже дека мора да се работи и кога работникот го следува одмор и кога е недела, за да не го напушти работното место, иако има право на одмор, сепак на одредени места сè уште одморот не е регулиран. Но доколку правата си ги знаат работниците, не би дошло до многу непријатности на работното место во многу неразвиени земји и затоа хуманитарното право[56] не само што се поддржува во европските развиени земји, туку се поддржува и во многу земји кои се во развој и воопшто немаат силна економија како останатите. Важно е што главен приоритет е заштитата на економските и човековите права на работниците за кои зборува и самата историја дека многу луѓе уште во минатото се борат за работничките права, а државата ја прифаќа обврската да ги поддржи луѓето кои сакаат да работат.

Многу европски земји, како што се Хрватска, Италија, Словенија, Германија, Франција, ги прифаќаат мигрантите и се грижат за нив здравствено да им се овозможат сите услови, да имаат дом каде ќе живеат, или со еден збор каде ќе се сместат. Често организираат многу

[54] Christian Joppke, „Selectiong by Origin: Ethnic Migration in the Liberal State, 2005.
[55] Rachael Dickson Migration Law, Policy and Human Rights: The Impact of Crisis in Europe, 2022.
[56] Хуманитарно право е правото кое ги заштитува луѓето кои се појавуваат како цивили (се мисли на работници, медицински лица, доктори и многу други лица) за време на војни или вооружени конфликти кои може да се појават помеѓу земјите.

настани, пример Црвениот крст[57]. Така во други држави постојат и други организации кои им помагаат подобро да го прифатат тој живот, но сепак овој модел покрај тоа што им помага да го надминат тој период во нивниот живот каде не можат да се приспособат на сите нови предизвици во таа држава каде мигрирале, овој модел се поврзува и со нивната држава, им овозможува да им се почитува нивната култура, традиција, нивните празници и сл., со тоа што луѓето буквално се навикнуваат во таа земја каде мигрирале.

Интерактивниот модел е еден од поинтересните модели кој и ден-денес се менува и развива бидејќи е поддржан од Европската Унија и во себе содржи многу нови иницијативи кои се поддржуваат од младите луѓе кои често мигрираат[58].

Интерактивниот модел претставува нов модел на миграција и азил кој, покрај Европската Унија, се поддржува и од Европската комисија каде се прават квоти, табели, распределби каде точно младите луѓе се одлучуваат да мигрираат и зошто тоа го прават. Одговорот на ова прашање често доаѓа од тоа дека секој млад човек сака подобри услови за живот, сака да оди на места кои може да учи многу нови работи, да работи нешто ново, да се опкружи со нови пријатели, да биде опкружен со добри луѓе, да истражува многу нови места и да се развива, и затоа многу од младите луѓе го поддржуваат бидејќи тие живеат на тој брз начин на живот каде може да отидат на забава со пријатели после прва смена од работа, да откриваат многу места како што се планини, вулкани, езера во многу екстремни услови заради адреналин, што реално е поприфатлив кај помладите луѓе кои мигрираат заради работа.

Овој модел често се поврзува со развиените земји бидејќи многу луѓе таму постојано се во движење, сакаат многу нови работи, да патуваат, да работат и да го носат својот лаптоп или таблет на некоја тераса во својот хотел или плажа и од таму да работат, иако се на одмор, или да одат со своите колеги на колективно патување каде низ игра ќе ги совладаат своите проекти и слични работи кои за многу земји се нормално нешто, а за некои кои не се толку развиени претставуваат голема промена која не е баш толку пристојна. Најчесто тоа се земјите со исламска вероисповед каде луѓето тешко се приспособуваат поради храната

[57] Црвен крст е организација која се грижи за животот на луѓето особено за време на војни и природни непогоди.
[58] Springer Cham, „Between Mobility and Migration: The Multi-Level Governance od Intra-Europian Movement“, 2018.

која ја јадат на тие патувања. Пример, доколку одат, се соочуваат со неможност да ги извршуваат своите верски обреди како што е молитвата и затоа овие луѓе тешко се навикнуваат кога доаѓаат да работат во други земји, што не значи дека не можат и дека тоа им се случува само ним, туку тоа се случува и кај луѓе од христијанската и католичката вероисповед, кои исто така може да се се приспособат во тој интерактивен процес на една компанија во која има мигрирани лица поради трудовата миграција бидејќи ние како народ не сме многу отворени за да може да соработуваме со секого, да веруваме на секого и да се однесуваме со сите исто затоа што сме затворени и плашливи луѓе по природа и со тоа овој процес кој има интерактивна цел е особено поддржан во Германија, Франција и САД, за разлика од балканските земји каде се гледаат стандардите за азил и нивните нови можности доколку се случи миграција[59].

Интерактивниот модел се развива бидејќи самото општество секојдневно ни се развива и многу земји кои не се дел од Европската Унија сакаат да ги прифатат тие европски стандарди кога станува збор за работни места и за луѓето кои се одлучуваат да мигрираат[60].

Интерактивниот модел претставува модел кој влијае на политиката за миграција на европските земји бидејќи тие луѓе потешко се приспособуваат на тие интеграции и нов начин на живот; некои брзо се привикнуваат (на брзиот начин на живот), но некои не можат да живеат на тој начин и најчесто се враќаат назад и самото претпријатие каде работеле ќе се соочи со недостиг на работна сила на тоа место, државата ќе се соочи со дополнителни трошоци за лица кои имале намера да живеат, но сега го промениле мислењето во смисла на трошоци за курсеви, дополнително образование доколку било потребно, но иако има загуби, сепак се гледа тоа лице да биде задоволно и да не му се ускрати правото на слободно живеење и работење каде што сака[61].

Економскиот утилитарен модел претставува модел кој влијае на политиката за миграција на европските земји од економски аспект, па затоа државите како Германија, Франција, Канада, Австралија, каде од самата држава се прифаќаат лицата само што имаат

[59] Bettween Mobility and Migration: The Multy-level Governance of Intra-European movment. Charm: Springer, 2018.
[60] Ibid. Стр. 47, 2018.
[61] Tiziana Caponio, Peter Scholten, Ricard Zapata-Barrero, Migration and Multi-level Governance: The Missing Link in Migration Studies, 2019.

потребни квалификации, искуства и образование за тоа работно место. За одредено работно место може да конкурираат многу лица, но сепак го добива работното место лицето кое е најспособно да го работи тоа. Во Канада и Австралија го има системот на поени кога се разговара за работното место, каде секое лице кое поднесува барање за да мигрира за трудовата миграција според своите податоци кои ги доставува се гледа дали е соодветно за таа работна позиција и да мигрира или не[62].

Доколку одат во одредена држава, тие од економски аспект добиваат временска дозвола ако се економски активни и се знае за колку време тие треба да ја напуштат таа држава, доколку имаат дозвола да работат пет години, тие треба во таа држава да се економски активни пет години; секој кој мигрира во друга држава, веднаш не се здобива со автоматско право за трајно иселување или за државјанство. За да се здобие со државјанство од другата земја, има други постапки кои исто така треба да се исполнат од лицето, а не како секоја личност која не мигрирала што мисли дека кога ќе отиде и ќе работи, веднаш може да се стекне со документи од таа земја. Сепак, тоа не е толку едноставна постапка токму заради самата безбедност на државата.

Економскиот утилитарен модел е потешко прифатен бидејќи државата мисли повеќе за својата економија и им дозволува на луѓето помалку или многу мала интеграција бидејќи смета дека секој од луѓето кои мигрирале треба сами да се адаптираат без државата многу да учествува во тоа, а и реално е така бидејќи луѓето кои одат да работат и земаат плата не може да очекуваат дека станот кој им е под наем да им го плаќа државата, затоа што тие имаат примања со кои може да си го дозволат тоа. Државата им помага, но со помала намера, пример со стипендии на децата, со курсеви, но не и со огромни парични средства со кои би се привикнале луѓето да живеат само од државата без да работат.

Економскиот утилитарен модел е малку потешко прифатен и поради тоа што сите европски држави го прифаќаат само добриот кадар кој веќе има соодветно образование, а не го прифаќа кадарот кој треба дополнително со години да го обучува поради фактот дека се губи огромен временски период за да се дојде до нешто што веќе го поседува друго лице кое може веднаш тоа да го работи, и од економски аспект искрено зошто државата би

[62] John Bonner, Economic Efficiency and Social Justice: The Development of Utilitarian Ideas in Economics from Bentham to Edgeworth (London: Routledge, 1993), p: 45.

плаќала курс за човек кој не го познава јазикот, а има друг кој веќе го познава јазикот и ги има истите квалификации за работа како човекот кој не го знае јазикот и секако дека ќе го прифати човекот кој веќе може веднаш да работи без да се губи време и средства од државата за курсеви кои ќе може државата да ги вложи во други сектори. Исто така, во овој модел се поддржува младиот кадар, за разлика од постариот кадар, бидејќи младите се пофлексибилни и се приспособуваат на многу работи за разлика од постарите. Реално, младите повеќе сакаат да вложуваат на интересни и нови работи, отколку постарите кои ја гледаат нивната комфорна зона од која ретко и речиси никогаш не излегуваат и затоа за многу компании е битен младиот кадар кој сака да мигрира за да успее во своите цели. Младите луѓе отвораат разни бизниси кои се многу поинтересни и повеќе успешни за разлика од постарите кои знаат само за класични бизниси кои сите веќе ги работат[63].

Бројот на мигранти за трудовата миграција, кога станува збор за економскиот утилитарен модел, има своја динамична регулација бидејќи овде се гледа пазарот на трудот и за секоја професија секогаш нема големи потреби, па затоа зависи од времето кога луѓето ја бараат работата, во кој град одат, држава и слично, но сепак за одредени професии секогаш има многу потреба, како што се доктори, медицински персонал, работници во кафулиња, хотели и многу други професии кои во сите земји имаат недостиг од кадар токму поради трудовата миграција бидејќи токму тие работници кои треба да работат во својата земја, заминуваат надвор од неа за истите или слични работни места само поради помалите приходи и лошиот живот кој реално не зависи само од државата, туку зависи и од други фактори кои ние како луѓе ги создаваме.

Европскиот унифициран модел (ЕУ-политика) е воведен во многу европски земји со цел да се воспостави заедничкиот унифициран систем за миграција кој помага сите земји кои се членки на Европската Унија да ги балансираат своите заеднички интереси за да се овозможат добри услови за сите луѓе кои мигрираат од своите земји, а знаеме дека во денешен период тоа е многу значајна компонента за една држава, па и за луѓето кои мигрираат дека таму ги чека добра работа и живот каков што заслужува секое лице од нас. Со текот на времето, со воспоставувањето на заедничкиот унифициран систем за миграција

[63] Vincente Chetail, Phillippe de Bruycker, Francesco Maiani, „Reforming the Common European Asylum System: The New Europian Refugee Law“, 2016.

се спречуваат мигрантските кризи со кои се соочило општеството не многу одамна, туку во 2015 и 2016 година, кога многу луѓе заминаа и избраа да бидат дел од трудовата миграција и да не работат во својата земја[64].

Тоа се случи и во Република Северна Македонија, каде многу луѓе во 2015 и 2016 година се одлучуваат за трудовата миграција и многу работни места тогаш се ослободиле, а поради недостигот на работници, многу претпријатија во тој период се затвораат. Најчесто тоа беа претпријатија кои се занимаваа со производство на текстилна облека, производство на мебел и слично бидејќи истите тие претпријатија не ги давале средствата на работниците во согласност со нивните договори, и така работниците во тој период мигрирале, а претпријатијата поради недостиг на работна сила завршиле со стечајна постапка и подоцна со затворање.

Европскиот унифициран модел (ЕУ-политика) иако нема воведено целосен унифициран систем, сепак се развива според моделите кои ги дава Европската Унија, како што се: „Пакт за миграции“[65], „Пакт за азил“[66] и многу други кои доаѓаат како регулација на азилот и миграцијата. За да се регулира европскиот унифициран модел во секоја држава, потребно е многу време бидејќи многу земји немаат заеднички работи и не поседуваат одредени европски вредности кои секаде се поддржуваат, а за да се поддржуваат е потребно многу долг период или длабински систем кој во себе содржи механизам на солидарност каде некои земји може да прифатат мигранти или да направат нивна реалокација или на други држави да им помогнат финансиски за да се намали тежината на државата во тој поглед. Најчесто држави кои помагаат се земјите соседи на која било земја, но може да помогнат и некои други земји. Вакви земји во последните години се САД, Италија, Грција, Германија и многу други, но сепак овие земји најмногу помагаат кога станува збор за помош на други земји за луѓе кои мигрираат во државата која бара помош. Овие земји покрај финансиска помош, кога станува збор за земји кои излегуваат на море, честопати на своите соседи помагаат и во заштита на надворешните граници кои граничат со нив – се мисли на

[64] Ibid. Стр. 49, 2016.
[65] Пакт за миграција е донесен на 14 мај во 2024 година од страна на Европскиот парламент и Советот на ЕУ.
[66] Пактот за азил е составен дел од Пактот за миграцијата и азил на Европската Унија, усвоен е официјално на 14 мај во 2024 година во рамките на ЕУ, со цел да се заштитат луѓето, а особено бегалците и да има безбедност помеѓу луѓето.

крајбрежја и слично – бидејќи на тој начин се заштитува нелегалната миграција и се остава простор за легална миграција и во нивната земја, но и во земјата на соседите. Ваква земја која помага да се спречи крајбрежната нелегална миграција е Грција, а тука се и Италија и Шпанија, каде дневно поминуваат многу туристи и затоа е многу покомплициран процесот на заштита, но не е невозможен.

Европскиот унифициран модел или ЕУ-политиката ги поддржува партнерствата со трети земји, односно договорите со трети земји, со цел покрај нелегалната миграција да се спречи и нелегалниот увоз од земјите на Блискиот Исток, африканските земји и Западен Балкан.

Покрај нелегалната миграција, нелегалниот увоз, да се спречи и почитувањето на потеклото на стоката бидејќи многу производи се произведуваат во едни земји, па се пакуваат во други, и така се губи местото каде се произведува поради тоа што можеби пакувањето се врши во многу поразвиена држава каде има работна сила од трети земји од каде луѓето мигрирале и сето ова е како еден ланец со кој секојдневно се соочуваат сите земји од Блискиот Исток, и Западен Балкан, а европскиот унифициран модел или ЕУ-политиката придонесува да се гледаат европските вредности каде луѓето кои ќе бидат дел од трудовата миграција ќе имаат свои лични европски документи или визи за работа и престој и со тоа ќе се намали притисокот врз одредени земји. Ќе се запазува еднаквоста на луѓето, ќе се зголеми контролата и безбедноста и ќе има поголема успешност во целата земја бидејќи земјата ќе има подобра економија и ќе се соочи со своите проблеми кои може да настанат поради миграцијата, но нема тие проблеми да влијаат врз животот на луѓето, па затоа овој модел директно помага во политиката на земјите кои се дел од Европската Унија.

Сите овие модели на политиката за миграција во европските земји придонесуваат за дополнителен развој, ја заштитуваат економијата, ја заштитуваат самата трудова миграција која може да биде, и на нелегален начин носи свои последици не само врз лицата кои мигрираат, туку и врз државата. Иако меѓусебно секој модел се разликува и има свои позитивни и негативни страни, сепак овие модели на политиката за миграција на европските земји имаат многу повеќе позитивни страни за државите и им донесуваат многу подобри работи и за развојот на државата, отколку негативни, како што размислуваат луѓето кои мигрираат бидејќи сметаат дека по секоја цена треба да го добијат работното место за кое

можеби имаат конкурирано или по секоја цена треба да ја добијат дозволата за престој, но не е така и затоа често не ги сакаат моделите кои се донесени од страна на државата затоа што сметаат дека самата држава им ги ограничува можностите. Но не е така – државата им ги дозволува сите можности како и можностите кои ги имаат државјаните на таа земја, само треба да ги почитуваат правата, должностите кои се дадени од таа држава, бидејќи секоја држава на луѓето кои живеат таму им овозможува многу работи кои постојат за подобар живот на сите луѓе кои доаѓаат во нивната земја, но само се заштитуваат од несакани понатамошни дејствија од луѓето или од несакани ситуации кои би се појавиле бидејќи секој човек е живо суштество и може да направи какви било прекршоци во која било држава кои подоцна носат последици не само на луѓето, туку и на државата која треба тие прекршоци и ситуации доколку се поголеми да ги санкционира и поради тоа секој кој мигрира, треба да ги запази уставот[67], сите закони кои се дел од таа држава[68], подзаконски акти[69], одредби[70], модули на политика[71], сè со цел да нема понатамошни проблеми и да му се олесни живеењето во таа земја.

Проблемите на миграциските односи се многу големи, затоа е потребно е да се каже дека миграцијата на населението како општествен феномен треба да се разгледува од политичка и правна гледна точка, земајќи ја предвид потребата од државна интервенција во процесите на територијално движење на населението, одредувајќи ги целите, задачите, принципите, приоритетите во другите држави, бидејќи секоја држава има свои населени и ненаселени делови, секоја држава има потреба од работна сила во одреден дел, не во сите делови, секоја држава има население кое негува друга култура и верување. Овде голема улога игра и политиката затоа што честопати многу од луѓето поддржуваат една политичка партија, а други друга политичка партија и со тоа доаѓа до поделби, и кога некое друго население мигрира, не е запознаено со политиката на државата и како сè функционира во

[67] Највисок правен акт во државата.
[68] Правен акт кој го донесува државната власт, односно парламентот.
[69] Правни акти кои се донесуваат врз основа на закон и служат за понатамошно уредување и спроведување.
[70] Поединечни точки или членови од правни акти кои уредуваат конкретно прашање.
[71] Различниот пристап на државата за тоа како да се регулира миграцијата, погоре се сите детално опишани.

неа и често поддржува политичка партија која ќе му помогне во процесот на живот во државата.

Во современи услови, кога станува збор за миграциската политика, таа е една од приоритетните области во политичките и економските активности на нашата држава, затоа што од законодавните и извршните власти се бара да донесуваат избалансирани и добро основани одлуки во областа на миграцијата коишто можат позитивно да влијаат на миграциската состојба и да го промовираат развојот на територииte.

Развојот на територииte е важен за развојот и на стопанството и економијата во секоја држава. Сложеноста и повеќеслојната природа на миграциските проблеми ја диктираат потребата од создавање јасни правни и организациски механизми за регулирање на миграциските текови. Способноста за воспоставување управување со овие процеси денес е еден од главните индикатори за ефикасноста на владините агенции.

Во процесот на формирање на државната политика во сферата на миграциските односи, потребно е да се користат постојните теории за миграција, чија имплементација треба да биде обезбедена од релевантните регулаторни материјали кои дополнително ќе придонесат за позитивно гледање на миграциските процеси, а не да се цели кон негативностите на тој процес.

Земајќи ги предвид наведените елементи кои ги има напишано погоре, можно е да се разликуваат следниве модели на миграциска политика: покрај либерална, имаме и политика на „затворени врати“ (стагнација), синтетичка, конзервативна, постсоветска, националистичка миграциска политика[72].

Како друг елемент кој има директно влијание на миграциската политика е либералната, интеграциска политика која ги привлекува странските државјани за вршење работни активности, прилично поедноставена постапка за давање право на постојан престој на

[72] Christian Joppke and Hein de Haas, “The Classification of Immigration Regimes,” in Crossroads: Comparative Immigration Regimes in a World of Global Flows, ed. Christian Joppke (Cambridge: Cambridge University Press, 2016), p: 23–45.

странски државјани, вистинска слобода на движење и избор на место на живеење на територијата на државата[73].

Целта е да се привлече работна сила и економски активно население за развој и подобрување на ефикасноста на државната економија, а додека кај политика на „затворени врати“ (стагнација) имаме затворање на границите со цел да се намалат можностите за меѓународни комуникации како фактор на дестабилизација на сегашната влада или во врска со неповолна ситуација во светот (на пример, со глобална пандемија, кога се затворија границите, многу луѓе се разболеа, многу од нив починаа во 2020 година; но и во минатото имало многу глобални пандемии, но сепак луѓето не биле свесни за тоа затоа што немало толку развиена медицина како денес да може да се испитува болеста, да се предвидува како се пренесува, да им се каже на луѓето како да се заштитат и многу други работи кои реално во денешниот период се познати и развиени).

Кога станува збор за синтетичка имаме создавање избалансиран механизам за регулирање на надворешната и внатрешната миграција на работната сила, ефикасно управување со внатрешната миграција на населението и сузбивање на нелегалната (скриена) миграција која лошо влијае на секоја држава.[74]

Кога станува збор за конзервативна, имаме заострување на имиграциската компонента, вклучително и надворешната миграција на работната сила со цел да се постигне усогласеност на составот на имигрантскиот тек со основните вредности на државата, а кај постсоветска имаме недостаток на јасна дефиниција за суштината на миграциската политика, нејзините критериуми, фактичкото отсуство на државни пристапи кон регулирање на процесите на внатрешна миграција, а додека националистичкиот е изразен во тврдењето за супериорност и ексклузивност на одредена нација или раса и насочен кон поттикнување национална нетолеранција и дискриминација кон претставниците на другите народи[75].

Националистичкиот модел се изразува во тврдењето за супериорноста и ексклузивноста на одредена нација или раса и е насочен кон поттикнување на национална нетолеранција,

[73] Ibid. Стр. 54, 2016.
[74] Linda Bosniak, „Comparative Migration Studies“ (Springer Open), 2020.
[75] Christian Dustmann, Frank Fastani, Migration and the Welfare State, 2016.

дискриминација кон претставниците на другите народи и неприфаќање на сите народи во одредени земји[76].

Либералниот модел на миграциска политика е резултат на глобализацијата и се спроведува во поединечни земји членки на Европската Унија, како на пример Шпанија, Португалија, Холандија и други[77].

Политиката на „затворени врати“ или уште наречено стагнација е својствена на тоталитарните и авторитарни режими кои ги има во државите кои ги ограничуваат територијалните движења на населението и во земјата и преку нејзините граници со цел да се одржи моќта на владејачката елита. Таму не им се дозволува да се прават работи со своја сопствена волја, туку се наметнува што треба да се прави, намалувајќи ги можностите за меѓународна комуникација со останати народи[78]. Во минатото било така – на оние кои биле побогати, не им било дозволувано да ја преминуваат реката и да другаруваат, да остваруваат каков било контакт со другото население кое не е школувано, кое е сиромашно, а не им дозволувале да се дружат бидејќи богатите често оделе во други земји и доколку би се дружеле, би им кажале дека таму бараат работа или дека е подобро, и подоцна сиромашното население би си заминало и работите кои ги работат би немало подоцна кој да им ги завршува на богатите и затоа родителите на своите деца не им дозволувале да се дружат, но и повозрасните не се дружеле со нив за да немаат информации од надворешниот свет и засекогаш да ги слушаат желбите на богатите, во тоа време владејачката класа на тоа општество, а не своите желби. А доколку се противеле, завршувале лошо, со протерување, неприфаќање, без куќа, живееле во многу лоши и примитивни општества, а некои биле дури сакатени или убивани.

Оваа политика има отсуство на нелегална (скриена) миграција бидејќи луѓето кои владеат така кажано со тие општества не им дозволуваат на луѓето да си одат и да работат на друго место или во друга држава, и ова нивно сфаќање на работите е од многу одамна и затоа сиромашното население таму не оди на училишта затоа што нема да знае да чита, да пишува, нема да знае основни работи и на тој начин ќе е под целосна контрола на

[76] Cas Mudde, Nationalism and Immigration: Why the Reactionary Right Has Gained Ground in Western Europe, 2019.
[77] Engin F. Isin, Migrations and Citizenship: Legal Status, Rights and Political Participation, 2008.
[78] Anna Triandafyllidou, „The Europian Migration and Asylum Policy Cristis“, 2018.

владејачката класа и нема да се буни ниту за плата, ниту за работа, бидејќи ќе го убедат дека е така и нема да си ги знае ниту правата како работник, ниту правата како човек, што е многу лошо. Затоа секој треба да научи да чита, да пишува и да знае основни работи за да не биде измамуван. Овој вид миграциска политика е типичен за социјалистичките држави и за сите неразвиени во минатото, како што се Куба, Кина, Северна Кореа и многу други.

Синтетичкиот модел има свое ефикасно државно управување со миграциските процеси со цел решавање на економските и социјалните проблеми: приоритет на правата на домородното население во споредба со правата на мигрантите и правата на населението кое е сиромашно за разлика од она кое владее благодарејќи на своите финансии, утврдување на правниот статус на мигрантите и луѓето кои доаѓаат од други места или држави во непознати земји за нив, заштита на правата на работа за мигрантите, заштита од присилна и надворешна миграција на работна сила, создавање систем на правни и економски услови за запирање на присилната миграција[79].

Слични миграциски политики се спроведуваат во поединечни земји од ЕУ: Германија, Италија, Франција, Чешка, Словачка итн. Конзервативниот модел ги комбинира „имиграционизмот“ и „рестрикционизмот“ како модел, т. е. одржување на отвореноста и универзалноста на нацијата преку регулирање на бројот и составот на имигрантите врз основа на основните вредности на државата[80]. И им овозможува на сите да постапуваат согласно со своите волји и верувања, што е многу битен фактор во одредени држави. Овој пристап е типичен за земји со добро воспоставена практика на интеракција помеѓу миграциските, социјалните и економските политики. Овој модел е типичен за САД, Велика Британија, Австралија, Канада и многу други развиени земји каде правата на сите се исти, каде сите се еднакви и се почитуваат, без разлика на расната, верската и половата определба.

Конзервативниот модел ги комбинира „имиграционизмот“ и „рестрикционизмот“, т. е. одржување на отвореноста и универзалноста на нацијата преку регулирање на бројот и составот на имигрантите врз основа на основните вредности на државата бидејќи секоја држава цени различни вредносни нешта – за некоја големо значење има образованието, за

[79] Anna K. Boucher and Justin Gest, “The Classification of Immigration Regimes,” in Crossroads: Comparative Immigration Regimes in a World of Demographic Change, ed. Christian Joppke (Cambridge: Cambridge University Press, 2018), p. 23–45.
[80] Ibid. Стр. 56, 2018.

друга вредност е од каде сте, во што верувате, но ова не значи да не ги ценат. Овој пристап е типичен за држави со добро воспоставена практика на интеракција помеѓу миграцијата, социјалните и економските политики. Овој модел е типичен за САД, Велика Британија, Австралија, Канада и многу други земји кои имаат добра економија и развој на пазарот[81].

Посебниот постсоветски модел е поврзан со распадот на СССР, како резултат на што миграцијата добила неконтролирана природа. Порано се знаеле многу работи како и на кој начин биле регулирани, луѓето биле навикнати да живеат на еден начин, со одредени правила без многу голема слобода, контролирани од други луѓе, но со распадат се почувствувал друг начин на живот и многу големи проблеми со кои населението, вклучувајќи ги и доселените, се соочиле[82].

Покрај тоа, неговиот објект многу често не вклучува внатрешна социо-економска миграција и миграција која не може да се види. Ваков пример биле земјите како што се: Грузија, Таџикистан и Молдавија, каде воопшто не постои систем за регистрација, што укажува на обид за либерализација на миграциската политика. Овде немало регулација за тоа кое население каде живее, каде оди и што прави, а всушност на фактичко отсуство на државни пристапи за регулирање на процесите на внатрешна миграција, овој вид политика е типичен за земјите од ЗНД; како јасен пример тука е миграциската политика на Руската Федерација во 1990-тите.

Многу често ваков пример каде населението е пријавено на една адреса, а може да живее на сосема друга адреса е и во Република Словенија, а пријавите за адреса кои ги прават сопствениците на куќите или становите често се наплаќаат, иако луѓето може да се случи да не седат во тие куќи или станови, туку во други, но бидејќи таму сопственикот ја надминал бројката на пријавени лица кои живеат кај него под наем не е во можност да ги пријави, и станарите се приморани да плаќаат пријави на други луѓе со цел да престојуваат и да имаат адреса некаде, бидејќи мора да се знае каде живее лицето. Ова е во согласност со желбите, потребите на луѓето, условите кои ги поставува лицето кое го издава домувањето на лицата кои се станари и се доаѓа до заклучок дека државата за вакви случаи

[81] James Hampshire, The Politics of Immigrations: Contradictions of the Liberal State, 2013.
[82] Irina Molodikova, Transformation of Migrations patterns in post-Soviet space: Russian new migration policy od open doors and its effect on European migration flow, 2007.

нема прегледност кој каде престојува и дали лицата кои се пријавени барем еднаш се појавиле во таа околина.

Националистичкиот, или како што се нарекува „истиснувачки“ модел, се карактеризира со активирање на националните елити во државата, кои го прогласуваат националниот идентитет за највисока вредност[83]. Овде елитата живее и на некој начин ги контролира сите, најчесто не ја дозволува миграцијата на сиромашното население поради работните позиции кои отпосле би немало кој да ги извршува ако не се сиромашните. Како резултат на тоа, во државата и општеството се формира нетолеранција кон луѓето од други националности, од други верски групи, на група луѓе кои немаат доволно финансии и имот како луѓето од елитата и е во тек процес на „меко етничко чистење“. Приоритет на ваквата политика е заземањето клучни позиции во системот на државна власт и со тие позиции владеат само одредени лица кои имаат финансии и имот, а не сиромашни лица кои немаат ништо. Резултатот е недостаток на висококвалификуван персонал кога си одат луѓето коишто не сакаат да соработуваат со елитата, а се во средна класа и имаат образование, потоа криза во управувачките структури и нивно ниско професионално ниво. Во такви земји спаѓаат балтичките држави како Украина, Казахстан, Узбекистан, Таџикистан, Грузија.

Видовите миграциски политики кои ги имаме погоре се најгенерализирани, одразувајќи ги најчестите карактеристики на овој тип. Сепак, земањето предвид на постојната практика денес во реалниот наш живот има развивање на миграциски односи и управување со миграциските процеси, што е неизбежен услов за формирање на избалансирана и добро основана политика за секоја држава во оваа област бидејќи доколку им се дозволи само на едни да владеат, друго население не би постоело. Ова е така затоа што во денешно време сите имаат права, сите луѓе имаат барем средно образование и никој не дозволува да биде владеан од трето лице кое не му значи ништо бидејќи реално денес има многу комапнии, многу работни места каде може да се пронајдат себеси без никој да им наредува нешто што не сакаат.

За време на миграциската криза, политиката во земјите на ЕУ постојано се менува и приспособува на новите услови. Генерално, сите европски земји поаѓаат од принципите на

[83] Edward Elgar Publishing, „Migrations and Nationalism: Theoretical and Empirical Perspectives“, 2024.

селективна интеграција и стратегија за асимилација, а нивната миграциска политика одразува три тренда[84]:

- Премин од рестриктивна кон селективна политика на селекција на мигранти преку систем на бодови на квалификувани мигранти;
- Премин од регулирање на миграциските текови кон активна политика, вклучително и склучување на билатерални договори меѓу европските и африканските земји за соработка во борбата против нелегалната миграција;
- Формирањето на националните миграциски политики на земјите од ЕУ било под влијание на фактори како што се: демографската состојба, етничкиот состав на населението, традиционалните врски со земјите на потекло на мигрантите, зачувувањето на етничката заедница, јазикот, културата, способноста на земјата да ги интегрира мигрантите, структурата на протокот и главните мотиви за миграција, внатрешните социо-економски проблеми поврзани со мигрантите и др.

Неколку групи земји можат да се разликуваат според степенот на вклученост во миграциските процеси, развојот на законодавството и достапното искуство за интегрирање на мигрантите, вклучително и муслиманските мигранти, во европското општество. Тоа се земјите од „старото јадро“: Франција, Велика Британија, Луксембург, Холандија, Германија, Швајцарија, Белгија и скандинавските земји, земјите од јужна Европа, централна и источна Европа, балтичките држави, но последните две групи немаат големо искуство во комуникација со муслимански мигранти, а меѓу земјите од „старото јадро“ постојат значителни разлики во миграциската политика, како на пример од северна Европа главно прифаќале бегалци луѓе кои немаат свои лични документи, работа и слично, а во јужна Европа неодамна се снабдувале со работнички мигранти со земјите од „старото јадро“ и дури во 1970-тите почнувале да прифаќаат странски мигранти поради недостиг на работна сила, и тоа лица со високо образование, европски државјани и лица кои работеле на високи позиции во своите држави.

Единствениот инструмент за регулирање на приливот на работни мигранти кои ја избираат трудовата миграција од 1970-тите години е системот на работни дозволи за

[84] Hein de Haas et al., International Migration: Trends, Determinants, and Policy Effects, IMI Working Paper Series (Oxford: International Migration Institute, 2011), p: 900-910.

привлекување квалификувана работна сила за период од 1 година до 5 години во европски држави. Без работна дозвола не е возможно лице кое нема европски документи да работи во некоја од европските земји.

Во 2002 година биле усвоени програми за привлекување квалификувани и работни мигранти во оние индустрии каде што имало недостиг на персонал со ограничувања за етничка припадност бидејќи ниедна националност не треба да надминува 20 % од вкупниот број мигранти за разлика од другите народи. Во некои земји не било дозволено да се мешаат различни верувања за основање на брак, а кога луѓето мигрираат, доаѓаат во контакт со многу народи, меѓу кои може да се случи љубов, која во тие години не била прифатена и дозволена од страна на општеството. Една од тие земји во тој период била и Велика Британија каде островската позиција и посебниот став кон општата миграциска политика на ЕУ ѝ овозможиле на Велика Британија да ја одржи граничната контрола и нејзината политика за азил. Четвртиот протокол од Договорот од Амстердам ѝ го остави на Велика Британија правото да избере дали да учествува во миграциската политика на ЕУ или не, но со текот на времето Велика Британија веќе доживеала масовна миграција, според некои информации дури до 327 000 годишно до март во 2018 година, при што 180 000 мигранти беа граѓани на ЕУ, бегалците сочинувале само 7 % од вкупниот број мигранти, бидејќи околу две третини од апликациите биле одбиени[85].

Шведска ја започнала имиграцијата порано од другите скандинавски земји и отсекогаш била лојална во однос на обезбедувањето права и слободи на мигрантите и денес таа е земјата која овозможува многу мигранти и луѓе кои трудово мигрираат да се чувствуваат безбедно во државата како да живеат во своја држава. Нејзината толерантна политика довела до зголемување на нивниот број, особено по миграциската криза и зголемен број на трудовата миграција. Главната цел на законската регулатива во Шведска во областа на миграцијата е интеграција на мигрантите под еднакви услови без да се гледа националност, вероисповед, професија и многу други работи. Поддржувачите на ограничувањата за миграција го припишуваат тоа на зголемената невработеност, падот на платите за домашното население, зголемувањето на социјалните трошоци, забавувањето на

[85] Договор од Амстердам од 1997 год., а стапува на сила на 1 мај 1999 год. Станува збор за договор кој ја измени и дополни содржината на основните договори на ЕУ како што е договорот од Мастрих.

економскиот раст и многу други лоши услови во државата или со еден збор надминување на тешкиот период со кој се соочила државата. Шведска е држава која многу повеќе го прифаќа арапското население за разлика од многу други европски земји кога станува збор за миграција.

Миграцијата на земјите од јужна Европа имала голем број сличности: тие подоцна се соочиле со прилив на мигранти и самите ги снабдуваа земјите од „старото јадро“ на ЕУ. Поради високиот удел на сивата економија, има прилив на нелегални имигранти, а заедно со неквалификуваната работна сила им е потребен прилив на образовани мигранти поради ниското ниво на образование на локалната работна сила. Имало потреба и од други работни позиции за кои не треба образование, но сепак висококвалификуваните кадри имале поголемо место и значење во земјите како што се Италија и Грција, кои, пак, од друга страна страдале многу повеќе од другите земји од приливот на нелегални имигранти и присилни мигранти бидејќи мигранти кои трудово мигрирале биле многу, често ги носеле своите поширок семејства и потребно било државата да обезбеди за сите домување, работа, за дел од нивните деца образовние, здравство и сè што им е потребно, а знаеме дека на голем број луѓе тоа е тешко. Грција, поради својата географска положба, е од интерес за мигрантите „исклучиво како транзитна рута за преселба во попросперитетни земји од ЕУ“. Ова се должи на економската криза во земјата, проблемите со вработувањето и строгото миграциско законодавство и за да ги реши проблемите со мигрантите, Грција добива пари од фондовите на ЕУ со цел да се справи со кризата, кои ги презедоа поголемиот дел од трошоците за нивно враќање во Турција и со тоа се решава од дополнителните проблеми кои би можеле да се јават во тие моменти. Во Грција најмногу оделе заради развиениот туризам и хотелите за време на летните одмори и често не биле пријавувани, туку се сметале дека само помагаат на тие кои веќе биле вработени, а сепак сами учествувале во процеост на сместување на гостите во хотелите, во подготовка на храна и слично, но не ги уживале истите права како оние вработени кои се пријавени.

Во Италија, миграцијата била од супституциски карактер, и до 1980-тите години била регулирана со еден нормативен акт наречен „Општите безбедносни правила за престој на странски државјани“, и „Турско-неаполитанскиот закон“ од 1998 година бил првиот обид за сеопфатно решение за проблемите со миграцијата каде има планирање на миграцијата со

користење на квоти, интеграција на мигранти итн. „Безбедносниот пакет“ на С. Берлускони вклучувал потпишување на „Договор за интеграција“ при добивање дозвола за престој за балансирање на миграцијата по проширувањето на ЕУ во 2004 година. Многуте проблеми со кои во тој период се соочила Италија како држава понатаму ја принудило да ги заостри своите мерки и да не дозволува нелегален премин на мигранти и на луѓе кои сакаат да мигрираат[86].

Политиката во Италија исто така имала голема улога во тој период за тоа како се регулирала државата. Тогаш несистемските партии што во Италија имале влијание, исто така, се залагале за заострување на борбата против нелегалната миграција, а во тој период вицепремиер бил М. Салвини, кој ја потенцирал можноста за колапс и негативни последици на ЕУ во рок од една година не само поради проблемите со мигрантите и бегалците, туку и поради противречностите меѓу одделните групи земји и народи. И денес многу земји имаат проблеми со мигрантите, не само Италија, туку и во многу други земји блиски до Италија, но сепак таа криза за миграции во Италија каде има многу луѓе кои се преселуваат, кои мигрираат, бараат работи е исто така застапена.

Во 2019 година во Австрија имало победа на централнодесничарската Народна партија, која заземала цврст став за миграцијата и приемот на бегалци, поделбата во ЕУ се засилила, а односите на земјата со други земји станале лоши. Заедно со балканските земји, Австрија развивала стратегија за намалување на приливот на мигранти, а се утврдени и чекори за приближување на Виена кон земјите од Вишеградската група каде самата држава ќе биде заштитена од сите оние проблеми кои може да дојдат од луѓето кои сакаат да се преселат во Австрија[87].

Многу држави се залагале за својот народ и сакале да ги заштитат правата на своите државјани каде се истакнува традиционалната позиција на овие земји, залагањето за својот народ кои се државјани особено на Вишеградската четворка, а тоа биле земјите: Полска, Чешка, Словачка и Унгарија. Како држави кои се соочиле со разновидноста на моменталните ситуации во новите членки на ЕУ, погодени на различни начини од миграциската криза, ја одредиле разликата во нивните реакции на оваа криза и разликата за

[86] Договор за интеграција во Италија од 2004 година.
[87] Миграција во Австрија, поточно во Виена во 2019 година.

тоа како секоја од овие земји се справила во тој период со кризата на мигрантите како што се справува и ден-денес, секоја од овие држави се справува најдобро како што смета.

Земјите кои заеднички соработуваат и имаат ист став кој е негативен кон имигрантите надвор од ЕУ, особено во Латвија, Чешка, Словачка, Унгарија и Естонија, кои се залагаат за дополнителни мерки против нелегалната имиграција надвор од ЕУ, како на национално ниво, така и на ниво на ЕУ, секоја држава смета дека може да има многу поголеми последици од тие што се денес. Секоја земја сака да ја заштити својата територија од нелегалната миграција поради лошите последици кои подоцна се појавуваат, како што се преголем прилив на луѓе одеднаш во одреден град, побарувачка на работа, а неможност сите луѓе да се вработат, зголемена побарувачка за добро здравство, образование и многу други лични потреби кои ги имаат тие луѓе, а дополнително влијаат за уназадување на развојот на секоја од државите.

Според природата на процесите на миграциска криза во земјите, може да се разликуваат следниве групи[88]:

- Земји со висок (околу 50 % и повеќе) удел на жители од Сирија и Авганистан меѓу оние што бараат азил, голем прилив на принудни мигранти, најчесто поради лоши услови на живот, поради тоа што немаат основни работи како што се храна, облека и најчесто поради тоа имаат висок удел на барања за азил во споредба со бројот на жители (повеќе од 2 %), зголемен удел на нелегални мигранти (0,2 – 0,4 %). Овде ги имаме земјите како што се Бугарија и Унгарија чие население бара да мигрира надвор од својата земја поради работа.

- Земји со низок (не повеќе од 15 %) удел на жители од Сирија и Авганистан меѓу оние што бараат азил, зголемен прилив на принудни мигранти, незначителен удел на барања за азил во споредба со бројот на жители (помалку од 0,1 %), низок удел на нелегални мигранти (0,1 %). Најчесто доаѓаат од земјите како што се Полска и Чешка.

Новите земји членки од ЕУ за мигрантите поради нивниот социо-економски развој имаат специфична миграциска политика, бидејќи луѓето може да работат без работни дозволи и сите тие процедури за престој им се поедноставени за разлика од луѓе кои не се

[88] Hannes Weber, „Highter acceptance rates of asylum seekers lead to slightly more asylum applications in the future“, 2018.

ЕУ-државјани. Постоеле многу обиди каде ЕУ-земјите сакале да сместат имигранти од муслиманските земји во балтичките републики, но не успеале: оние што успеале да пристигнат, се соочиле најчесто со сиромаштија и агресивен третман од други народи кои веќе таму живееле, лош третман од други луѓе и политики во таа земја и најчесто се враќале или завршувале лошо во смисла дека и тоа малку што го имале го губеле или, пак, заминувале без ништо. Постои и резултат на тоа кој го имаме во земјите од Вишеградската четворка, балтичките републики и Бугарија каде има преселба на принудни мигранти во попросперитетни земји од ЕУ.

Постигнатите бројки на квотите укажувале на неефикасноста на оваа мерка, како и на користењето од страна на новите земји од ЕУ и на националното и на наднационалното ниво за регулирање на миграциските текови, други паневропски мерки за регулирање на миграцијата се соочиле со поддршка во овие земји кои налагале за враќање на луѓето, инсистирајќи на зајакнување на контролата на надворешните граници, обезбедување помош на територииите најпогодени од приливот на присилни мигранти, обезбедување специјалисти, безбедносни сили, потребна опрема, финансиска помош и други работи.

Многу држави, меѓу кои како најзначајни во тој период се Унгарија и Хрватска, биле принудени да ги затворат своите граници, а Словачка и Чешка ги ажурирале своите планови за контрола на своите национални граници. Во многу земји, претставници на агенциите за спроведување на законот, вклучително и армијата, биле донесени за да ги заштитат границите од присилна миграција или нелегална миграција.

Во балтичките републики имало преземање на координирани мерки за заштита на надворешните граници и поради тоа миграциската криза во новите земји на ЕУ открила постојни противречности помеѓу позициите на голем број членки на ЕУ и паневропската политика. Обидите на овие земји биле неуспешни, а како неефикасни се сметале мерките и предлозите од Словачка во рамките на „флексибилната“ солидарност, и Естонија, кои вклучувале основа за промена во системот на распределба на присилните мигранти и решение за проблемите во земјите кои се сметале како извори на миграција бидејќи мигрантите се луѓе кои живееле на нивната територија без разлика што тие вака не се гледаат на некои работни позиции. Сепак, тие се дел од таа држава, луѓе кои доаѓале најчесто од сиромашните земји каде нема услови и затоа на нив кога одат во некоја

поразвиена земја им е подобро бидејќи каде било може да преспијат – во некој парк или во некој трговски центар, вода може да пијат од некои фонтани во некои паркови, има места каде се продава храна која не е толку убава и е поевтина или постојат организации кои им дозволуваат бесплатна храна и пијалаци и на тој начин тие во другите земји се чувствуваат безбедни и имаат можност да се пронајдат, има кој да им помогне, за разлика од земјите каде тие живеат.

Како резултат на тоа, секоја од земјите развивала свој сет на механизми за борба против моменталните проблеми со миграцијата бидејќи секоја земја има миграциски проблеми, применувајќи паневропски механизми што се поприфатливи за нив и користејќи мерки на национално ниво.

Последиците од затворањето на границите на ЕУ се очигледни во статистиката. Во текот на првите два месеци од 2020 година, пред појавата на КОВИД-19, бројот на барателиа на азил во земјите од ЕУ, како и во Норвешка и Швајцарија, значително се зголемил во споредба со периодот од претходните две години. Така, во февруари 2020 година биле регистрирани повеќе од 61 100, што е за 14 % повеќе отколку во истиот период минатата година[89].

Најголем број барања биле поднесени од граѓани на Сирија, Авганистан, Венецуела и Колумбија, поточно бројот на барања од Колумбијци се зголемил повеќе од трипати во споредба со почетокот на 2019 година, бидејќи тие земји имале полоши здравствени услови од ЕУ-земјите[90].

На почетокот на март, ситуацијата станала уште полоша кога неколку илјади мигранти се собрале на грчко-турската граница, кои со поддршка на турските власти се обиделе да ја преминат границата и да стигнат до Грција со цел да се лекуваат таму. Но, последователно со спроведувањето на големи мерки за итен карантин низ целата Европска Унија, бројот на барања за азил се намали за 43 % на само 34 700, што е најниско ниво од почетокот на 2014 година. Анализата на податоците за одговорот на корона-вирусот покажува дека

[89] Statisticks on migration to Europe, 2020.
[90] Ibid. Стр. 65, 2020.

намалувањето на барателите на азил зависи од обемот на итните мерки преземени од земјата најчесто и затоа и варира таа бројка[91].

По присилното затворање на некои центри за мигранти поради случаи на инфекција и болести, особено во Грција, Комисијата на 16 април 2020 година објави препораки за азил, преселување и отстранување на мигранти во контекст на пандемијата. Комисијата ги повикала земјите да не одбиваат азил и да се однесуваат кон барателите со достоинство, да преземат соодветни мерки за изолација, да им помогнат да се лекуваат, иако се мисли дека доаѓаат од земји кои немаат развиен здравствен систем и со тоа да не ги дискриминираат барателите на азил и да им обезбедат пристап до здравствена заштита како на останатите граѓани на другите земји. Според Глобалниот индекс на ризик на Заедничкиот истражувачки центар (JRC) на Комисијата на ЕУ, земјите чии граѓани обично бараат азил во ЕУ имаат средна до висока ранливост на ризици (вклучувајќи инфекции и заразни болести) и не се во можност да се справат со тешкотиите и со здравствената заштита која треба да им се пружи бидејќи тие лица често не зборуваат други јазици освен својот и тешко би одела комуникацијата со докторите и лицата кои би им помогнале во врска со болеста. Ова особено важи за Авганистан, Бангладеш, Конго, Еритреја, Сомалија и Сирија[92].

Кога станува збор за болести кои се пренесуваат, во 2020 год. целиот свет се соочи со глобална пандемија. Со многу потешкотии се соочија и патниците со симптоми на КОВИД-19 откриени за време на медицински преглед на границата кои биле приведени и вратени назад во своите земји.

Комисијата, исто така, ги повикала земјите на ЕУ да ги ограничат непотребните патувања кои ги прават луѓето, како што се одмори, летувања или посети само поради проштека, не поради посериозни или итни нивни работи и потреби од надвор од ЕУ.

Поради голема потреба од заштита на сите луѓе кои живеат во европските земји, се користат различни механизми за регулирање на миграциските текови:

[91] Ibid. Стр. 65, 2020.
[92] European Commission, "Commission Recommendations on Asylum, Relocation, and Return in the Context of COVID-19", 16 April 2020.

- Развој на заеднички принципи – овде се мисли на правила и методи што ги користат земјите членки на ЕУ за регулирање на миграциските текови во еврозоната, воведување на Директивата за сина карта на ЕУ, визи за престој и визи за работа и за квалификувани мигранти, како и „директиви за враќање“;

- Развој и приспособување на националното законодавство што ги дефинира условите за добивање државјанство, статус на бегалец, слобода на движење на луѓето, давање политички азил и права на странците, репатријација на етнички мигранти, можноста за престој на луѓето кои се одлучуваат да мигрираат и друго;

- Визна политика што го олеснува влезот и безбедниот престој во земјите на ЕУ за граѓаните што ги почитуваат законите, а не се родени во некоја ЕУ-земја или немаат ЕУ-пасош;

- Квоти, ставот кон кои е двосмислен: земјите од „старото јадро“[93].

Податоците на мигранти и бегалци кои ги има само длабоко може да ја влоши состојбата бидејќи тие луѓе често немаат многу заеднички работи со веќе постоечкото население во државата и затоа податоците за луѓето е потребно безбедно да се користат без никаква злоупотреба бидејќи доколку не се согласуваат луѓето, често доаѓа до поделби во рамките на заедницата.

Позициите на крајбрежните држави најчесто имаат лоши услови затоа што има многу работа таму, но луѓето се прифатени многу поразлично од домородното население. Вакви држави се Грција, Италија и клучните земји – дестинации лоцирани подалеку на север, кои изразуваат загриженост за недоволно фер поделба на одговорноста меѓу земјите членки на ЕУ за регулирање на тековите и обработка на барањата за азил. Честопати на овие лица не им се прифаќаат барањата и не им е дозволено да работат, или ретко може веднаш да се пронајдат во средината каде се иселиле, а доколку има внатрешни немири во земјата, последици ќе имаат и некои други земји и самата земја ќе бидат критикувана од други земји

[93] David Cook-Martin, David Scott FritzGerlad, „How Their Laws Affect Our Laws: Mechanisms of Imigrations Policy Diffusion in the Americas“, 1790-2010.

членки кои истакнуваат дека властите во крајбрежните земји честопати не успеваат правилно да ги регистрираат новодојдените бидејќи може да се случи да работат на еден остров, а да спијат на друг остров, или, пак, доколку работат на брод, да престојуваат на бродот, дозволувајќи им на бегалците да ја напуштат земјата и да бараат азил на друго место доколку не може да се пронајдат на тоа место на кое дотогаш работеле.

Постојат многу причини за намалување на мигрантите и бегалците кои во моментов бараат да влезат во државите на Европската Унија бидејќи сметаат дека таму условите се многу подобри за разлика од која било неевропска земја, и затоа се мисли дека миграцискиот тек што веќе пристигнал во некоја европска држава ќе предизвика сериозни политички и социјални последици затоа што и тоа население ќе учествува во сè што е поврзано со државата. Дури и оние кои добиле статус на бегалец, стануваат „економски товар“ за земјите домаќини, бидејќи немаат ниту соодветно образование, ниту потребни вештини, ниту желба да се приклучат кон редовите на работниците. Иако се способни за работа, тие мислат дека е подобро да не работат и да паѓаат на товар на државата отколку да работат секој ден и да имаат одмор за време на викенд.

Високиот животен стандард е токму причината што може да се пронајде азил и работа за секој кој доаѓа од некоја сиромашна земја и некој кој воопшто нема работа, а е работоспособен. Меките миграциски политики кои не се толку строги како во минатото и социо-економската поддршка од земјите домаќини остануваат привлечни за мигрантите и можност тие да имаат подобар живот. Постојат многу фактори кои, од една страна, придонесуваат за активирање на миграциските текови, а од друга страна го зголемуваат растојанието помеѓу владата и општеството затоа што општеството се залага за луѓето како и владата, но владата ги почитува мислењата на политичарите кои секогаш ја гледаат државата како битен фактор и своја институција и дел од народот, а народот себеси се гледа како дел од неа и затоа доколку не се пронајдат во таа држава, си бараат спас некаде надвор од својата држава. Секоја миграциска криза која може да дојде во која било држава каде што некое население бара спас за да може да го надмине тешкиот период преку соодветни реформи во областа на миграциската политика, што ќе ја направи Европската Унија подобро место каде луѓето ќе може да веруваат и да се обратат за секаков проблем доколку се преселат.

Изминатите неколку години биле многу значајни за владите на земјите членки затоа што успеале да постигнат одреден напредок во управувањето со миграциските процеси и им дозволиле многу работи на мигрантите кои им биле забранети или ограничени, но сепак тие луѓе требало да поседуваат различни услови со кои и тие лица ќе придонесат за развој на државата, а институциите на Унијата ја зголемат ефикасноста на нивната работа во однос на спречувањето на нелегалното движење на луѓе на сите гранични премини во сите земји. Доколку дојде до нелегално преминување или непочитување на законите на државата, доаѓа до враќање на нелегалните мигранти и со тоа ја развиваат алатката за елиминирање на главните причини за миграција, со што соработуваат со други земји и на некој начин воспоставуваат партнерства со земјите во Африка и Азија за координирање на регулирањето на миграциските текови од тие земји бидејќи најмногу мигранти доаѓаат од земјите каде нема многу можност за работа и услови за живот.

Секоја држава или со други зборови земјите членки се свесни за придобивките и потребата од развивање на нивната земја како дел од процесите да ги прифатат мигрантите за заштита на надворешните граници, заеднички принципи на миграциската политика, имаат придобивки за развојот на економијата и придобивки во работната сила, но сепак секоја држава е посебна за себе и секоја се штити себеси бидејќи таа ги штити луѓето кои се родиле во неа и кои пораснале на поинаков начин за разлика од другите луѓе кои мигрираат после своите 20 или 30 години од својот живот. Тоа е исто како толеранцијата која секој од нас ја има за брат или сестра за разлика од некој друг кој му е само сосед или познајник, и со тоа повеќе би го штител братот или сестрата наспроти соседот или познајникот кој не израснал со него и затоа со овој пример заклучуваме дека секоја земја си има право на заштита токму за населението кое се родило на таа територија и пораснало, наспроти некој кој ќе дојде по неговото раѓање само да работи таму.

Постојат многу проблеми со кои се соочила и се соочува Европската Унија, но како особено значаен се истакнува демографскиот проблем. Европските земји само растат, а сè повеќе миграциските текови ќе се користат за нивно решавање. Населението на Европа доживува демографска нерамнотежа, а со цел да се одржи високо ниво за да се зголеми конкурентноста, работните задачи се зголемуваат на многу фирми кои имаат потреба од работни позиции и затоа ЕУ мора да се погрижи да го реши овој проблем што е можно

побргу заради развојот на сите земји понатаму од причина што доколку не се спречи, може да дојде до зголемување на целокупното население со кое може да дојде до немање на домови, храна, облека и многу други основни потреби кои треба да се задоволат. Постојат многу причини зошто ЕУ не е во можност да ја достигне потребната стапка на наталитет во блиска иднина, бидејќи многу од луѓето како право на избор не сакаат деца или поради нивни лични причини не можат да добијат деца, што исто така се битен фактор понатаму во работната сила, а како главен фактор е миграцијата затоа што доколку мигрира младо население, ќе има зголемен број на население подоцна. Покрај тоа, мигрантите се користат како ресурси на работна сила и придонесуваат за зголемена продуктивност на работната сила во земјите домаќини и придонесуваат за развој на земјата. Во многу земји членки наместо деца, луѓето кои не сакаат да имаат деца или не можат да имаат поради свои лични причини или проблеми, се одлучуваат за чување на миленичиња, најчесто кучиња или мачки, кои за луѓето кои живеат во сиромашни држави е малку чудно, но не значи дека луѓето немаат право на избор. Ова е дополнителен проблем доколку лицата мигрираат и животните ги носат со себе од причина што истите животни треба да живеат во изнајмени станови или куќи каде сопствениците може нема тоа да го дозволат и поради ова животните може да се проблем доколку нивните сопственици мигрираат заради работа.

Другиот момент според кој може да се зголемат проблемите во земјите каде луѓето се населуваат е населението кое оди во пренаселени региони и со тоа таму населението расте со брзо темпо и побрзо од што ние како луѓе може да замислиме или да поверуваме. Се склучуваат бракови и имаат чудни обичаи во кои веруваат неизмерно, а најмногу вакви примери има во местата каде нема големи услови и каде живеат многу луѓе на едно место. Овие места се најчесто уште под водство на лидери или живеат во племиња, немаат никакви права и тешко може да се спасат од тие околини каде живеат и дури да сакаат, нема да смеат да ги напуштат нивните места на живеење и затоа често сакаат да отидат во пренаселени места каде нема да се препознаат, каде има поголема можност за работа и слично.

Во моментот постојат многу вакви места каде живее население кое брзо се размножува, а еден од тие примери е населението на Африка кое достигнало до 1,247 милијарди луѓе, а според американската владина агенција УСАИД, се зголемува за 24 милиони луѓе годишно. Доколку оваа бројка продолжи, тогаш до 2050 година населението на Африка ќе се удвои.

Во следните 40 години, 97 % од растот на светската популација ќе биде концентриран главно во Азија, Африка, Латинска Америка и Карибите. До 2050 година, се очекува населението на Азија да се зголеми за 1,5 милијарди луѓе, а Индија ќе ја надмине Кина по население. Денес, во светот живеат над 7,5 милијарди луѓе, а само 9,8 % од нив живеат во Европа. Но сето ова се претпоставки кои можеби и нема да се остварат, можеби ќе бидат други бројки кои останува подоцна да се видат и споредат за да се дојде до реалната слика за тоа како би се одвивале сите работи[94].

Населението кое брзо расте во смисла на ниски економски индикатори, во смисла на доволно неразвиени системи за тоа како да се справат со целото население кое мигрира, на политички и социјални немири, создава постојан миграциски притисок врз сите европски земји во кои луѓето мигрираат без никаков исклучок. Иако ги гледаме дека се поразвиени од нашата држава, сепак секоја држава има свои мали скриени недостатоци на кои работи, а миграцијата заедно со дополнителните проблеми го услужнуваат тој процес на побрз развој.

Истражувачите од Центарот за миграциска политика забележуваат дека мигрантите носат и надеж и вознемиреност во секоја држава кога одат во контекст на сериозни социјални и општествени проблеми, како што се напредокот, социјалната сигурност, безбедноста и човековите права, но и несигурност, многу неправилности, незнаења и многу други работи кои ги научиле од својата родена земја и од својот дом во кој порано живееле. Благодарение на многу организации кои се борат за своите права, а и самите луѓе кои мигрираат, го подобруваат својот животен стандард, а нивното вклучување во работната сила го зголемува трудот и производството насекаде во светот.

Главните проблеми на ЕУ во областа на миграциската политика вклучуваат:

- Опстојувањето на главните причини за интензивирање на миграциските текови;
- Политичка и социо-економска нестабилност во различни региони на светот;
- Војни, социо-економски кризи, прогон на поединци, кршење на политичките слободи и други човекови права;
- Демографски проблеми на европските земји;

[94] Stat.gov.mk.

- Проблемот со зачувување на националниот идентитет и социјалната кохезија поради влошувањето на противречностите меѓу локалното население и имигрантите кои не сакаат да се приспособат на новите услови за живот како што се локалната култура, социјалните, религиозните традиции и многу други работи, иако тоа треба да го направат без никакво противање;
- Проблемот со терористичките закани и јавната безбедност во контекст на терористичките напади во многу од државите како Франција и Германија од страна на мигранти кои користат миграциски канали за да навлезат во европските земји;
- Вознемирување на европски жени од страна на млади муслимански мигранти;
- Зголемување на противречностите меѓу членките на ЕУ во врска со принципите, нерамнотежата и пристрасноста на шемите за распределба на бегалци меѓу европските земји, одбивањето на поединечните земји да прифатат мигранти.
- Одржување на приоритетот на националните интереси на земјите од ЕУ во спроведувањето на миграциската политика;
- Проблемите на миграциската интеракција меѓу ЕУ и Турција за политички мотивираната миграција врз основа на договорот за билатерален процес на протерување, враќање и прием на мигранти[95].

Европските земји, покрај другите, мора да се справат и со овој проблем преку развивање на сеопфатна долгорочна миграциска политика. „Европската агенда за миграција“, предложена во април 2017 година од експерти од Европската комисија се смета за основа за универзална миграциска политика. Постоеле и предлози за сите главни компоненти на миграциската политика на ЕУ како што се: гранична контрола, процедури за азил, третман на легални и нелегални мигранти (вклучувајќи враќање и трансфер во соодветните земји доколку е нешто нелегално во престојот или документите за престој)[96].

Советот на ЕУ е потребно да има важна улога преку утврдување на основните принципи и стратешки приоритети на паневропската миграциска политика бидејќи на тој начин би се развиле сите европски држави дополнително и би им се овозможило на сите земји да се

[95] European Commission, EU-Turkey Statement, 18 March 2016.
[96] Европската агенда за миграција, предложена во април 2017 година.

развиваат како што е потребно, а не да се развиваат само по одредени несакани дејствија или проблеми со кои се соочуваат државите.

Неговите основни принципи за да има поголеми приоритети за развој на секоја држава, треба да вклучуваат:

- Солидарност, што подразбира единство во решавањето на заедничките миграциски проблеми врз основа на развој на заеднички поглед за формирање на миграциска политика на наднационално ниво[97];
- Финансиска солидарност, што подразбира оптимален удел на земјите членки на ЕУ во вкупните трошоци на миграциската политика и помагање за сите финансиски недостатоци со кои може да се соочат земјите;
- Флексибилност, што подразбира земање предвид на виталните интереси и специфичните околности на сите земји учеснички, и е насочена кон прогресивно проширување на интеграцијата во миграциската сфера;
- Интегритет и реализам на миграциската политика на ЕУ, врз основа на развој на такви насоки, методи и алатки кои се прифатени од сите земји и се дизајнирани за успешно решавање на прашања кои се важни за обичните граѓани.

Постојат и други компоненти на сеопфатната миграциска политика која треба да дејствува како стратешки приоритет на сите земји:

- Развој и имплементација на ефикасен систем за управување со миграциските текови и ограничување на нелегалниот шверц;
- Утврдување на оптималниот режим за доделување државјанство и азил врз основа на реформирање на одредбите од Даблинската конвенција;
- Подобрување на системот на квоти и создавање стимулации за негово спроведување од страна на сите земји членки на Европската Унија;
- Утврдување на условите за заедничка гранична контрола и на внатрешните и на надворешните граници, бидејќи земјите од ЕУ нема да можат да ги прифатат сите бегалци кои бегаат од војните во Авганистан, Ирак и Сирија;

[97] European Commission, 2015.

- Помош на финансискиот капацитет на земјите членки на ЕУ за прифаќање мигранти и помош во задоволувањето на нивните природни и социјални потреби;
- Градење ефикасен дијалог со трети земји и земји на потекло и транзит на миграциски текови во врска со легалната и нелегалната миграција;
- Развивање систем на финансиска помош за земјите донатори;
- Приспособување на нашата сопствена хуманистичка идеологија: како што е масовниот тек на бегалци кои го исповедаат исламот којшто покажа дека толеранцијата како идеалистички поглед на светот во оваа фаза од развојот на цивилизацијата е во конфликт со реалноста[98].

Исламизацијата се заканува да ги активира националистичките реакции во европските земји и создава многу други компоненти, а некои од тие се:

- Создавање стимулации за интеграција на мигрантите во општеството домаќин, признавање на неговите вредности и ставови;
- Создавање услови за социјална адаптација на мигрантите;
- Обезбедување дека европското општество е информирано за позитивните аспекти на миграцијата со цел да се создадат поволни проценки на населението за политиките што ги спроведуваат владите насочени кон прифаќање на мигрантите;
- Зајакнување на довербата во наднационалните структури на ЕУ, спротивно на воспоставената практика на скептицизам кон сè што доаѓа од Брисел[99].

Советот на ЕУ врз основа на сите овие работи воспоставува одредени водечки принципи за дејствување и дава мандати за преговори со трети земји, исто така Советот усвојува и законски акти за да си ги заштити своите земји членки, а со тоа воспоставува специфични програми кои ќе ја дефинираат улогата и местото на секоја земја на Унијата во системот на миграциска политика и можноста на секоја земја да си го прикаже своето мислење за тоа како би им помогнале на сите земји за да се справат на добар начин со европската миграција.

[98] Edvard Elgar, „Handbook on Migration and Development“, 2024.
[99] Emma Carmel, Alfio Carami, Thomas Papadopoulos, Policy Press, 2012.

За земјите од ЕУ кои треба да го пополнат недостигот на работна сила во одредени професии и кои се соочуваат со трудовата миграција како еден од поголемите проблеми во земјите и да ги елиминираат демографските нерамнотежи во рамките на политиката на „флексибилна солидарност“, соодветна е една од следните три форми на учество во заедничката миграциска политика или политиката на распределба на миграциски ресурси:

- еднаков придонес или еднаков прием;
- еднаков придонес или прием според потребите;
- придонес според можностите или прием според потребите[100].

На земјите од Европската Унија кои не сакаат да прифатат мигранти или работници од трудовата миграција поради отсуство на демографски проблеми или од други причини, треба да им се даде право да го компензираат своето одбивање со соодветни финансиски придонеси како помош од државата доколку нема соодветно работно место за нив. Тие земји треба соодветно да ги кажат своите проблеми со цел да бидат решени од страна на ЕУ и да се спречат несаканите последици од страна на луѓето кои се одлучуваат да мигрираат.

Многуте принципи кои секојдневно се спомнуваат од страна на ЕУ во земјите каде има најголем број на трудова миграција ги даваат еден вид главните насоки на реформирање на миграциската политика и со тоа имаат цел да се приспособат на условите на миграциската криза и да обезбедат решавање на примарните задачи, чиешто решавање ќе придонесе за формирање пристап базиран на принципите на солидарност и флексибилност, и со тоа се доаѓа до:

- Дефинирање јасни цели и обврски за нивото на политичка и економска миграција што е прифатливо и одговара на моменталната состојба за ЕУ;
- Избор на методи и алатки што ќе овозможат исполнување не само на усвоените, туку и на дополнителни обврски под променливи услови кои ги поседуваат државите;

[100] Форми на учество во заедничката миграциска политика или политиката на распределба на миграциски ресурси.

- Воспоставување внимателно партнерство со трети земји и матични за мигрантите и транзитни земји, без интеракција, со кои е невозможно да се спроведе ефикасна миграциска политика[101].

Како заклучок, може да се каже дека земјите од Европската Унија треба да спроведат голем број реформи што би обезбедиле контрола врз легалните и нелегалните миграциски текови, хуманитарните коридори, без да им наштетат ниту на мигрантите принудени да бегаат од војните, конфликтите, сиромаштијата, ниту на европското население кое страда од постојани терористички и други закани токму од лицата кои неконтролирано влегле во нивната земја. Најчесто овие напади се случуваат во големи трговски центри, училишта, на големи и прометни улици токму од такви лица кои доаѓаат и навидум се мирни и добри во многу развиени земји и за да се спречат вакви последици на кои сме сведоци секојдневно од социјалните мрежи, потребно е секоја држава буквално да знае за секое лице кое влегува и излегува од државата. Макар и да е лице кое нема криминално досие или да изгледа на добра личност, треба да се следи секое негово влегување и излегување и спречување на вакви лоши ситуации кои директно влијаат на развојот на младите генерации кои треба да земаат добри примери од успешни личности, а не лоши примери од лоши ситуации од лица кои се населелие или дошле да работат на одреден временски период.

2.2.1. Национална политика за интеграција на трудови мигранти во Сојузна Република Германија

Сојузна Република Германија знаеме дека е држава која се состои од 16 покраини и земја каде многу луѓе се одлучуваат да мигрираат токму поради големата потреба од работна сила, но и поради можностите кои ги дава законодавството и институционалните механизми во самата држава.

Сојузна Република Германија има склучено многу договори со многу неевропски земји за да може легално луѓето да се вработуваат и да може легално да престојуваат во државата. Република Северна Македонија е набљудувачка земја во европската миграциска мрежа преку административни договори потпишани со Европската комисија каде се овозможува

[101] European Commission, Pact on Migration and Asylum (Brussels: European Commission, 2024).

размена на податоци помеѓу институциите поврзани со миграцијата каде се намалува и спречува нелегалната миграција која постои денес.

Законодавството и институционалните механизми во Сојузна Република Германија им овозможува на лицата од земјите од поранешна Југославија да имаат еднакви можности да конкурираат за работни места како од сите други држави кои се развиле многу повеќе од земјите од поранешна Југославија, им овозможува да имаат пристап до пазарот на трудот, до условите за работа, можноста за престој во државата и на луѓето кои немаат свои лични европски документи, туку само треба да ја приложат понудата за работа која ја добиле од својот работодавач и свои лични документи како пасош од земјата од која доаѓаат заедно со чисто криминално досие и одлична здравствена состојба.

Во 2023 година е вклучен нов систем за миграција со кој се добива виза многу побрзо доколку личноста или некои од неговите предци порано биле или имаат блиска поврзаност со Сојузна Република Германија или доколку има одредени квалификациски способности како лице од кое има потреба на пазарот на трудот. Сепак, за да работи на подобри работни позиции, се бара одлично владеење на германскиот јазик.

Според германската влада, многу луѓе мигрираат заради трудовата миграција и големината на пазарот кој има избор на многу повеќе работни позиции од која било друга држава, па вклучувајќи ја и нашата земја каде има можност за работа, но сепак дел од населението смета дека има можност да оди и да работи во друга земја поради тоа што секој има право да прави што сака и каде сака, па оттаму доаѓаме до заклучок дека многу влади во многу европски земји дозволуваат луѓето слободно да се движат без никаки ограничувања. Но, во последните неколку години многу држави увиделе дека доаѓа до поголем број на луѓе и затоа ним им е потребно да стават одредени законски ограничувања со цел да го заштитат нивното насление кое веќе ги има тие работни квалификации и работно искуство како и оние кои би дошле од друга држава да работат.

Германската влада во 2025 година ја намалила годишната квота дозволи за престој со која се дозволува престој на граѓани кои не се европски државјани и со ова многу луѓе не успеале да мигрираат. Многумина сметаат дека ова е лошо ограничување кое не треба да се случува денес кога многу држави се развиени и во држава која се смета како држава заштитничка за граѓаните, но сепак ова е одлука која ја донесува владата и овозможува

заштита на своето население да има можност за работа, а со тоа да го заштити својот буџет од дополнително финансирање на невработените и вложување во многу други работи како што се образование за своето население, здравство и сето она што е потребно. Ова ограничување има и лоши и добри страни, но сепак е потребно да се почитува бидејќи тоа го одлучува самото законодавство во државата согласно со своите потреби на пазарот, потребите од домување, својот здравствен и економски систем, Доколку би се дошло до пренаселување, тоа би довело до други лоши последици од нефункционирање на целата држава. Овие квоти може да се прошират или намалат согласно со потребите на самата држава и одлуките кои ги донесуваа законодавството на истата, па затоа од големо значење е секој кој сака трудово да мигрира, да се информира за работната позиција, да се информира за дозволите за престој и дозволата за работа за да нема дополнителни проблеми доколку се одлучи за некоја од работните позиции во иднина.

Во 2020 година Сојузна Република Германија го олеснила доаѓањето на лицата, но во 2023 и 2024 година вовела дополнителни олеснувања за лицата кои се физички работници да мора да бидат здравствено и пензиско осигурани и да ја земаат минималната плата, а во 2024 година се овозможува забрзан процес на лицата кои се веќе во државата и сакаат да ги донесат своите брачни партнери и деца за да го обединат своето семејство.

Сојузна Република Германија како европска држава мора да биде сигурна за населението кое мигрира и затоа соработува со останати институции како што се германските амбасади и конзулати, федерално министерство за труд и социјална политика, федерални агенции за вработување кои помагаат да пронајдат стручни кадри кои недостасуваат во Сојузна Република Германија и сл.

Во Сојузна Република Германија има недостиг од доктори, инженери, луѓе кои се занимаваат со технологијата, но и со многу физички работници како што се работници во градежништво, во продажниот сектор во продавниците, дадилки за деца, негувателки на стари лица и многу вакви слични професии за кои има потреба од работна сила.

2.2.2. Национална политика за интеграција на трудови мигранти во Република Словенија

Република Словенија е држава која е членка на Европската Унија и затоа своето законодавство и своите институционални механизми ги има усогласено со Европската

Унија бидејќи секога земја членка е должна да се придржува кон сето она што го поддржува и она што е дозволено од Европската Унија.

Едно лице за да сака да се вработи во Република Словенија е потребно да ги исполнува условите за вработување кои доаѓаат согласно со „Законот за вработување и самовработување и работа на странци“[102].

„Законот за вработување и самовработување и работа на странци“[103] ги појаснува правата и обврските на лицата кои сакаат да се вработат во Република Словенија, а тоа значи дека лицата кои се потенцијални работници за некоја работна позиција за која изразиле желба дека сакаат да ја работат, треба да бидат способни за таа работа, треба да имаат соодветно образование за работната позиција, да го познаваат словенечкиот јазик за работни позиции кои бараат комуникација со луѓе, решавање на одредени проблеми на работа, комуникација со други институции и слични работи за да може да ја работат својата работа професионално, но јазичните вештини може да бидат и олеснителна околност доколку потенцијалните работници би работеле работни вештини каде не се бара директна комуникација со луѓе или доколку не работат во одредена институција каде е потребно одлична комуникација со јазикот, туку може да го познаваат јазикот и да не го владеат одлично, а сепак да бидат вработени со услови понатаму да го научат преку дополнителни курсеви кои ги овозможува државата или самото претпријатие со цел луѓето да се усовршат, да напредуваат и да останат да работат на тоа работно место подолг временски период. Лицата за да останат подолг временски период во Република Словенија, пример да работат таму подолго од една година, законската регулатива не им дозволува да престојуваат и работат без да имаат дозвола за престој и дозвола за работа. Секое лице може да дојде во Република Словенија и да остане најмногу три месеци, без да работи, туку само да престојува како турист или лице кое сака да престојува само поради рекреација, прошетка, одмор и слични работи, а лицето без дозвола за престој не смее да престојува повеќе од три месеци доколку тоа лице не поседува европски лични документи[104] или да работи без

[102] Zakon o zaposlovanju, samozaposlovanju in delu tujcev-ZZSDT. Овој Закон е изгласан од Словенечкиот парламент на 16 јуни 2015, објавен во „Уредни лист“ на Република Словенија бр. 47/2015 (стр. 5131).
[103] Ibid. Стр. 79, 2015.
[104] Да поседува лична карта и пасош од некоја земја која е членка на Европската Унија.

дозвола за работа во рок од неговиот престој кој е наменет за одмор, рекреација или прошетка.

Националното законодавство и институционалните механизми во Република Словенија на лицата кои не се европски државјани и со цел да ја регулираат миграцијата, им го овозможува визниот режим преку вадење виза за да престојуваат и да работат во земјата.

Лицата имаат можност да престојуваат преку:

- можноста прво лицата да добијат привремен престој, па подоцна да добијат постојан престој преку дозвола;
- семејното обединување.

Привремениот престој во Република Словенија во согласност со законската регулатива најчесто се издава со важење од една година во вид на дозвола за престој на лица кои не се од Европската Унија, со можност кога ќе истече таа година, да им се продолжи. Најчесто тој привремен престој се однесува за образовниот процес на деца, за студирање, работа или семејни врска. Покрај едногодишна дозвола, постојат и други видови дозволи за престој во Република Словенија, а една од тие е сината картичка на ЕУ, што најчесто се однесува за квалификувани кадри со работа минимум од една или две години, со можност од продолжување кое води до траен престој по пет години во Република Словенија[105].

Привремениот престој во Република Словенија согласно со законската регулатива може да е и со ICT-дозвола за вработените кои се префрлиле од матичната своја фирма во друга локација во рамките на компанијата.

Дозволата за престој најчесто одзема време, но не со години како во одредени други земји, туку најчесто процесот од поднесувањето на документацијата е во рок од два до три месеци до издавањето на дозволата, а потребно е да се плати и одредена такса за издавање на дозволата. Таксата зависи од видот на дозволата, местото на апликацијата дали се работи за амбасада или конзулат или во општината во градот каде лицата живеат во Република Словенија, па затоа е различно за секој тип и вид дозвола за престој.

[105] Pravno-informacijski sistem Republike Slovenije (PISRS).

Семејното обединување е исто така еден вид до поголема можност за добивање на дозволата за престој и дозволата за работа. Тоа го добиваат лицата кои се во брачна состојба со лице кое веќе престојува и работи во Република Словенија или може да докаже дека е во врска со лице кое се наоѓа во Република Словенија, без да се во брак. Тоа може да го докаже преку заедничко живеење на иста адреса, да имаат деца, иако не се во брак и слично. Семејното обединување може да го добијат и малолетни деца чии родители веќе работат и живеат, но децата е потребно образованието да го продолжат таму, или деца кои веќе се полнолетни, но ќе продолжат да студираат таму. Не се дозволува на деца кои веќе се полнолетни, не го продолжиле образованието и не сакаат да работат, а доколку сакаат да работат и се полнолетни, дозволата за престој ја поднесуваат посебно од своето семејство и лично одговараат за својата постапка во врска со добивањето на дозволата за престој и подоцна врз основа на дозволата за престој ќе може да побараат работа, со што автоматски ќе добијат и дозвола за работа во државата[106].

Дозволата за престој, па и дозволата за работа не може да ја добијат лицата кои не се способни да живеат сами во таа држава, да работат, а претходно имаат аплицирано за работно место на кое физички или здравствено не се во можност да работат, биле осудувани за тешки кривични дела или за какви било дела во државата од каде доаѓаат, претставуваат лица кои веќе биле одбиени за дозвола за работа и дозвола за престој поради направени кривични дела во Република Словенија или некоја друга европска држава, поради достава на лажни лични документи и многу други вакви слични работи со кои ќе се доведе во заблуда некој од органите во Република Словенија.

Олеснувањето на процесот на добивање дозвола е од големо значење доколку лицата покрај јазикот ја познаваат културата на луѓето кои веќе живеат таму, а многу е битно кога го познаваат лицата пазарот на трудот како важен фактор за оние кои бараат работа, а директен контакт ова има со Управата за труд во Република Словенија која одобрува вработување на странците и ја проценува ситуацијата на пазарот на трудот кој бара поддршка од домашниот пазар на труд за да се види дали има квалификуван кадар кој веќе престојува во Република Словенија.

[106] Ibid. Стр. 80, 2011.

Министерството за труд, семејство и социјална политика и еднакви можности благодарејќи на развиениот систем, им помага на семејствата да се навикнат да се обединат, да бидат социјално заштитени, а за лицата кои имаат дозвола за престој, а немаат работа, да пронајдат своја соодветна работа која долго ја барале. Помагањето на лицата да пронајдат соодветна работа води и кон можноста потенцијалните работници да имаат пропусти во работните места, а за да се намалат непосакуваните неправилности, потребно е да се врши контрола од страна на Инспекторатот за труд на Република Словенија, кој врши контрола дали работодавачите ги почитуваат прописите кои се донесени во врска со работното време, платите на работниците, нивната безбедност на работа, спречување на експлоатирање на вработените и многу други работи кои се поврзани со вработените.

Министерството за надворешни работи на Република Словенија помага многу со координација на Министерството за надворешни работи на многу други земји преку дипломатските претставништва со издавањето на дозволите на престој и дозволи за работа.

Дозволата за работа е посебна дозвола со која се покажува дека лицето е способно да ја извршува работната задача која сака да ја работи. Таа се дава на лице кое е психички и здравствено во одлична состојба, лице кое не направило никаков прекршок или некое кривично дело во државата во која доаѓа или во некоја друга држава, лице кое не е осудувано за какво било сторено кривично дело или лице кое има соодветно образование или соодветни квалификации за работата за која конкурира. Не смее да биде вработено лице кое немаа соодветно образование[107], пример: доколку во некоја болница се бара доктор по општа медицина, лицето кое ќе конкурира за работа во таа болница треба да има завршено медицински факултет со насока општа медицина, да го познава јазикот на таа држава бидејќи работи пред сè со пациенти кои имаат потреба да ги искажат своите проблеми со здравјето и потребно е и очекувано од докторот да им даде одреден совет како да го заштитат своето здравје. Исто така, потребно е тоа лице да има искуство во својата работа, но честопати во многу болници конкурираат доктори кои немаат претходно работно искуство, но одлично си ја работат својата работа и со ова заклучуваме дека доколку се бара доктор, потребно е да има одредени квалификации, образование и вештини, а не да конкурира друго лице кое има завршено, пример, економски факултет и работи во

[107] Republic of Slovenia, Employment and Work of Foreign Nationals.

канцеларија со сметководствени работи; иако го знае јазикот на кој би зборувале пациентите, тоа е не е дозволено од причина што го нема соодветното образование, квалификациски вештини и способности да ја работи таа работна позиција и поради ова потребно е лицето кое конкурира за кое било работно место и за работна дозвола, конкретно во Република Словенија, според законските регулативи да ги запази сите работни задачи, образование, вештини за да може да ја добие работната дозвола[108].

Работната дозвола се издава на тој начин што работодавачот прво објавува работна позиција и ги опишува сите работи кои се бараат од лицата кои би се пријавиле на тоа работно место. Лицето кога веќе согледува дека е соодветно за работната позиција, ги поднесува лично своите документи кои ги поседува со кои докажува дека е соодветно за таа работна позиција, како што се диплома за тоа образование кое е преведена и признаена претходно од Министерството за образование во Република Словенија, доколку лицето нема студирано во некоја друга европска земја, ги доставува своите лични документи како што се пасош, здравствено осигурување, доказ за сместување, чисто криминално досие, финансиска моќ и некои други дополнителни работи, доколку бара самата позиција, како што се сертификати за познавањето на јазикот или слични работи во зависност од работната позиција. Сите потребни документи на лицето кое ќе конкурира на тоа работно место со цел да добие работна дозвола е потребно да ги преведе и завери кај нотар.

Откако ќе ги среди своите документи, најчесто за работната дозвола, како и за дозволата за престој се поднесуваат во словенечка амбасада или во локален административен центар, во некоја од општините каде лицето престојува во Република Словенија.

Првата дозвола за работа на лицето важи максимум една година и може да се обновува сè додека трае работниот однос на лицето, а по пет години од обновувањето може да аплицира за траен престој во државата. Најчесто постапката за обновување е многу полесна за разлика од постапката за повторно вадење или првично вадење на дозволата бидејќи дел од документите лицето веќе ги има во словенечка амбасада, во локален административен центар или во некоја од општините каде лицето престојува во Република Словенија и треба да достави нови доколку има одредени промени, како што се на пример: промена на презиме

[108] Пример за работна позиција.

поради брачен статус, усовршување на образованието, документ за здравствената состојба во моментот и слично. Најчесто продолжувањето на дозволата трае од два месеци, но не повеќе од шест месеци.

Постои најнов услов за лицата кои сакаат да ја продолжат својата дозвола за престој кој го има од месец ноември од 2024 година, а условот е познавање на словенечкиот јазик, и со тоа се утврдува дали лицето го владее словенечкиот јазик со А1 ниво доколку сака да ја продолжи својата работна дозвола која траела една година, а за лицата кои веќе сакаат да ја продолжат работната дозвола за трајно да престојуваат во државата, треба да го владеат словенечкиот јазик со А2 ниво. Државата на лицата кои работат и сакаат да ја продолжат својата работна дозвола или самите фирми, институции каде лицата работат им дава бесплатни курсеви за да може да ги усовршат јазичните способности и да останат на своите работни места, а притоа и да им се продолжи дозволата за работа, а со тоа и дозволата за престој.

2.3. Проблеми на европската миграциска политика и начини за нивно надминување

Проблемите на европската миграциска политика и начините за нивно надминување се едно од најчестите прашања кои се поставуваат кога се зборува за трудовата миграција во европските земји затоа што секоја од нив е развиена земја и има многу поголеми одговорности, очекувања, можности, за разлика од земјите кои се во развој или воопшто не се дел од развиените земји и честопати овие земји се соочуваат со недостигот на заедничка политика бидејќи во секоја земја живее различно население коешто има своја различна култура; секоја земја има различна потреба од работна сила која недостасува, секое население има различна возрасна граница, различни потреби и токму поради овие работи многу земји не се согласуваат една со друга во врска со европската миграција поради фактот дека во некоја европска држава е потребно младо насление, во друга е потребно постаро насление, во трета има недостиг на работна сила од високообразовано население и многу вакви примери кои може да се сретнат и од кои зависи европската миграција, а секако дека секоја држава ќе сака да си ги задовли своите потреби без разлика на некоја друга држава.

Поради тоа што некои држави прифаќаат поголем број на трудови мигранти за разлика од други кои не сакаат да прифаќаат толкава бројка, се прави и нееднаквост, дополнителни

тензии и притисоци врз самата држава, а како најчеста европска држава која се соочува со многу проблеми од европската миграциска политика е Сојузна Република Германија.

Проблемите од европската миграциска политика во последните години се многу изразени во нелегалната миграција и неуспешната распределба на мигранти која ја загрозува директно безбедноста на секоја европска земја и поради тоа секоја европска земја се залага за легалната европска миграција токму поради огромната безбедносна политика која ја поседува. Во последните години многу европски земји се соочуваат со терористички закани, терористички напади кои ги прават луѓе кои немаат чисто криминално досие, но се навлезени благодарејќи на трудовата миграција нелегално, најчесто прво како туристи, па подоцна многу од нив прават лажни документи за да останат во државата што во никој случај не е дозволено за која било личност и во која било држава тоа да се прави и најчесто ги бираат европските земји заради големината на градовите во таа земја, можноста луѓето каде би се вработиле да не ги познаваат, можноста од поголеми плати поради тоа што многу од нив доаѓаат од сиромашни земји и често се соочувани со насилство доколку не заработуваат. Секако не е решение на нелегален начин да одат во некои европски земји да живеат, да работат без потребна документација бидејќи доколку работат нелегално и тие луѓе и државата се соочуваат со сериозни проблеми, а реално државата не може да контролира сè и секого, како на пример најмалите продавници кои работат со еден вработен, најчесто сопственикот кој е во своја куќа, кои често се и затскриени во мали подруми каде никој не би се ни посомневал дека таму се крие некоја продавница. Тоа е многу чест пример во европските земји каде е развиен туризмот, да се продава храна, пијалаци и разни украси од државата и слични работи, а често кога ќе им дојде полиција или некаков вид на контрола, велат дека тоа им се подруми каде ја чуваат својата храна за во зима или дека со тие луѓе се познаваат и дека им ја даваат храната, украсите или пијалаците од благодарност. Многу луѓе доаѓаат и преку нелегални канали, со помош на мрежи на криумчари, со што се зголемува притисокот врз граничните служби и системот за азил во европските земји, но иако има притисок, сепак тоа е единственото нешто со што би се решило нелегалниот престој на тие луѓе.

Проблем од европската миграциска политика претставуваат и демографските и економските предизвици со кои се соочува секоја европска држава бидејќи се плаши дека

трудовите мигранти ќе го зголемат товарот на социјалните системи и затоа тие честопати за да го решат овој проблем полека ги интегрираат трудовите мигранти. Се трудат прво да се приспособат на средината, да видат дали во таа држава ќе им се допадне, дали ќе сакаат да живеат, ги разгледуваат нивните документи за да не дојде повторно до нелегална трудова миграција, а често се случува многу од европските земји да немаат голема потреба од работна сила на одредени позиции и често им дозволуваат на трудовите мигранти да се интегрираат, да не си одат од таа земја, бидејќи можно е во секој момент да има недостиг, а за тоа време им дозволуваат да работат на слични работни места, да го учат јазикот, да бидат дел од многу организации каде ќе ја почувствуваат еднаквоста.

Решението за надминување на проблемите на европската миграциска политика е многу едноставно, но мора да се признае дека е многу тешко за земјите кои имаат многу голема територија, за земји кои имаат милионска бројка на жители во еден град, за земји кои постојано се во многу поголем развој, иако се доста развиени, бидејќи тие земји, буквално кажано, не застануваат, но секогаш сакаат да помогнат на лица кои трудово се одлучуваат да мигрираат поради тоа што во нивната земја нема доволна развиеност или не ја пронашле својата соодветна работа, а проблемите се неминовно нешто со што ќе се соочи секоја земја, но институциите кои се дел од државата помагаат директно да се решат тие проблеми во врска со европската миграциска политика, кои се навидум различни во многу земји, но имаат еднаква цел, а тоа е успешна европска миграција за уште поголем развој на земјите.

III. Правно регулирање на трудова миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија

Правно регулирање на трудова миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија се заснова на законодавството кое го имаат двете држави, нивните билатерални договори, регулативи кои се донесени од Европската Унија, бидејќи Сојузна Република Германија и Република Словенија се дел од Европската Унија и со тоа се залагаат за поголема безбедност, подобри услови за живот на луѓето, но кога се работи за трудовата миграција, Европската Унија се залага за нејзиното регулирање, за безбедноста на луѓето кои мигрираат, подобриот живот и многу други работи кои се дел од една силна економија. Многу држави се соочуваат со стареење на населението, недоволна работна сила, немање на ново и младо население и затоа тие се приморани на некој начин да дозволуваат друго население да се населува во нивните држави.

Правното регулирање на трудова миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија се заснова на неколку работи, и тоа на:

- Безбедносна и законска трудова миграција;
- Интеграција и заштита на луѓето кои мигрираат;
- Партнерство и соработка со други земји од Западен Балкан;
- Економски развој и стабилност;
- Заштитата на правата на работниците[109].

Безбедносната и законската трудова миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија укажуваат на тоа дека во овие држави се прави сè за да се избегне, спречи и надмине можноста луѓето нелегално да може да престојуваат во државите, да се спречи престој со лажни документи, да се спречи со лажни дозволи за престој или лажни дозволи за работа да работат и да им се даде можност на лицата кои се способни, кои имаат вистинска потреба од трудова миграција, а не одредени лица кои направиле некои кривични дела или имаат криминално досие да работат на места каде е тоа строго забрането. Поради овие проблеми кои денеска може да се случат, многу од државите, меѓу кои и овие две, се

[109] AufenthG and Skilled Immigrations Act, 2019-2020; Mipping and evaluating migration and integration policies: The case of Slovenia, 2009.

залагаат за безбедносната и законската трудова миграција според која има услови кои лицата кои сакаат да мигрираат треба прво да ги проучат, добро да се информираат, да се сигурни дека истите услови тие ги исполнуваат и да може да мигрираат, а не да не ги исполнуваат условите и да сакаат да мигрираат бидејќи на тој начин понатаму може да се соочат со одредени забрани за престој, забрани за повторно враќање во државата, забрана за работа во државата во која нелегално имаат останато и работено без разлика дали е тоа Сојузна Република Германија и Република Словенија. Во двете држави има протоколи, има услови за лицата кои трудово мигрираат и истите тие услови не треба свесно, со волја или претходен план или со умисла од лицата кои сакаат таму да живеат и работат да бидат прекршувани, бидејќи самите држави се залагаат за безбедноста на трудовата миграција.

Интеграција и заштита на луѓето кои мигрираат е втората битна работа кога станува збор за правно регулирање на трудова миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија затоа што овие држави се грижат за здравственото и социјалното осигурување на работниците, се залагаат работниците кои работат во каква било организациска поставеност да имаат еднаков третман, еднакви услови за работа, се залагаат да го заслужат своето работно место без да ја воочуваат националноста, вероисповедта, полот на луѓето кои работат, се залагаат да го научат германскиот и словенечкиот јазик и одлично да се вклопат во средината која не им е многу позната, но со тек на време им станува место кое го нарекуваат свој втор дом и затоа заштитата на луѓето, можноста тие да ја имаат помислата дека ќе имаат помош од некого кој не постоел претходно или некој кој за нив не е физички жив, сепак им дава надеж за тоа да се борат за нивните соништа кои сакаат да ги остварат. Честопати немале такви можности во земјата од каде доаѓале или, пак, имале можност, но едноставно се откажале. Во овие европски земји најчесто луѓето се навикнуваат да не се откажуваат токму поради интеграцијата и заштитата која им е дозволена.

Партнерство и соработка со други земји од Западен Балкан претставува трета и битна работа за правното регулирање на трудовата миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија бидејќи секоја држава мора да соработува, да си помага со други држави заради можноста да се развива целиот свет и можноста да им се даде мотивација на луѓето за да успеат во своите професии, да им се даде можност на луѓето кои мигрираат сами да одлучат каде им е подобро за живот и често се случува да дојде до размена на

работници од Сојузна Република Германија и Република Словенија со други земји од Западен Балкан, но сето тоа е на регулиран, легален начин со волја на работниците кои веќе работат со цел да ги усовршат квалификациите, да го потполнат недостигот на работни места во други земји, а со тоа да ја намалат невработеноста и пренатрупаноста на вработени во одредени сектори и со намалувањето на вработеноста државата од каде мигрираат, во овој случај тоа се Сојузна Република Германија и Република Словенија, ја намалува можноста на луѓето да им дава помош државата токму поради тоа што тие се без работа или можноста да не пронајдат работа поради презаситеност од таа работна позиција. На овој начин државите со соработката со други држави од Западен Балкан вршат подобрување на целокупната економија, на целокупниот пазар насекаде во светот.

Економскиот развој и стабилноста се дел од правното регулирање на трудовата миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија бидејќи стабилноста ја подобрува и регионалната стабилност, не само стабилноста на земјите каде има развиена економија. Многу е битно да се знае дека секоја држава кој има развиени соседни држави околу себе, има можност за многу луѓе да се вработат и во соседните држави, со цел да ги зголемат економскиот развој и стабилноста на целиот регион.

Заштитата на правата на работниците во Сојузна Република Германија и Република Словенија е дел од правното регулирање на трудова миграција затоа што секој работник покрај свои обврски на работното место, има и права на тоа работно место. Заштитата на работниците доаѓа и од страна на многу други организации како што се синдикатите на работниците и многу други кои ги има на самото работно место помеѓу вработените или организациите од државата.

Во Сојузна Република Германија работниците имаат право на надоместок за својата работа, а тоа е платата која се пресметува по часови кои ги работи вработениот на работното место. Најчесто во Сојузна Република Германија минималната плата изнесува околу 12,41 евро на час, а во денари тоа изнесува 744 денари. Работниците треба да работат максимум осум часа на ден, со можност да се продолжи на десет часа или по потреба; доколку се работи за дејности кои се со клиенти, и работното време се приспособува согласно со клиентите и работните способности. Најчесто ова е кај салоните за убавина каде клиентите

имаат соодветни термини со претходен договор со вработениот и потребно е тие да се почитуваат, но не треба да надминат 48 часа во една недела.

Доколку вработениот има потреба од отсуство на работа, има право на тоа најмалку 20 работни дена годишен одмор за петдневна работна недела; доколку вработениот има право на боледување, секако дека тоа треба да го направи без страв дека ќе биде заменет со друг вработен или дека ќе биде отпуштен од работното место бидејќи во Сојузна Република Германија работодавачот е обврзан да го плаќа боледувањето на лицето во рок од шест работни недели.

Доколку вработениот има страв од необјасниво отсуство, не треба да се грижи бидејќи во Сојузна Република Германија постојат токму организациите кои ги штитат правата на вработените и колективните договори каде се заштитува правото на вработениот во организацијата, бидејќи сметаат дека без вработениот не би постоела ниту една организациска структура во државата, па ниту еден производ, затоа што Сојузна Република Германија е државата која е најголем производител на многу производи на храна и производи за лична хигиена кои се извезуваат насекаде низ светот.

Заштитата на правата на работниците е многу битен фактор и во Република Словенија бидејќи таа е држава која како и многу други држави се труди да оствари некој посебен белег на пазарот на трудот и за работниците кои најчесто мигрирале или, пак, веќе се во државата како државјани. Секој од работниците кој работи има право на просечна месечна бруто-плата која изнесува околу 1 253 евра, што во денари изнесува 75 180 денари.

Неделната работа изнесува 40 часа, со можност да биде скратена или врз основа на договорот кој го склучуваат работодавачот и работникот, а годишниот одмор изнесува 20 дена, но може и повеќе врз основа исто така на договорот помеѓу работодавачот и работникот, но може и според потребите на работникот.

Работникот има право на здравствено и пензиско осигурување, но има право и на заштита при работа и доколку се случи некој вид на повреда на работното место, има право на заштита на болни и повредени работници кои се обезбедуваат преку Здравственото и пензиското осигурување на Република Словенија.

Инспекторатот за труд на Република Словенија ги штити правата на работниците во целост и покрај организациите и синдикалните друштва кои исто така ги поддржуваат работниците во потполна смисла на зборот и со сето ова доаѓаме до заклучок дека правното регулирање на трудовата миграција во Сојузна Република Германија и Република Словенија е многу слично и прават сè за да ги заштитат своите работници и се стремат само кон легалната трудова миграција со цел да се развие економијата, но и целокупниот пазар на труд во целиот свет.

3.1. Национално законодавство и институционални механизми во Сојузна Република Германија

Националното законодавство во Сојузна Република Германија е многу развиено со базирање на уставно, законско и подзаконско регулирање каде сите работници ги имаат сите права како останатите вработени кои се веќе населени и кои веќе работат во таа држава. Со тоа што веќе тоа население ги има истите права, луѓето се сигурни дека доколку би се вработиле, би имале еднакви права и можности на своето работно место и нема да се чувствуваат како лица кои доаѓаат од трети, непознати земји, а затоа институционалниот механизам игра голема улога бидејќи самите институции треба своеволно без никаков притисок и предрасуди да овозможат на лицата кои трудово мигрираат во Сојузна Република Германија да се чувствуваат безбедно и пред сè сигурно.

Кога станува збор за институционални механизми во Сојузна Република Германија, тие се состојат од државни и независни тела кои заеднички се залагаат и ја следат поврзаноста на вработените во многу други земји и како тоа влијае на вработувањето во други држави кои се поврзани со самата држава.

Како клучни институции кои имаат посебно место во Сојузна Република Германија во врска со трудовата миграција се сметаат:

- Федералното министерство за внатрешни работи и заедница (BMI);
- Федерална канцеларија за миграција и бегалци (BAMF);
- Федерална агенција за вработување (BA);
- Германски конзулати и германски амбасади во странство;
- Сојузна канцеларија за контрола на странци;

- Сојузно министерство за труд и социјални прашања (BMAS)[110].

Федералното министерство за внатрешни работи и заедница, или уште наречено (BMI)[111], претставува клучна институција која влијае на трудовата миграција во смисла дека донесува многу одлуки за имиграцијата, донесува одлуки за престој, донесува одлуки за кои лица имаат право на визи и престој во државата.

Федералната канцеларија за миграција и бегалци (BAMF)[112] е главна институција за спроведување на миграциската и интеграциска политика. Овде најчесто се обезбедуваат курсеви каде луѓето кои се потенцијални работници, но не го познаваат јазикот и потребно е да одат на курсеви за да го усовршат јазикот и да може да ја работат професијата бидејќи вработените и да работат физички работи кои не се многу комплицирани, сепак тие ќе треба да комуницираат со своите претпоставени или менаџери за да им се кажат основните услови, да им се покажат работните задачи. А познавањето на јазикот е потребно пример и за работно место чистач каде што вработениот треба да има основна комуникација за да знае каде треба денес да чисти, како тоа да го изведе, кога треба да оди на пауза за ручек и слично за да може да биде упатен во основните задачи за неговата работа. Многумина велат дека јазикот е потребно да го знае само висококвалификуваниот кадар кој треба да комуницира само со луѓе како што се докторите, професорите, економистите во фирма, но сепак секој од тие вработени треба и има право да се потруди да го научи јазикот, а во сето ова дополнително помага Федералната канцеларија за миграција и бегалци.

Федералната агенција за вработување (BA)[113] е многу важна за процесот за добивање на дозволите за работа на луѓето кои немаат свои сопствени европски документи, но и лицата кои доаѓаат од земји за кои е потребно дозвола за работа. Таа исто така издава согласност дека тие лица треба да работат, им помага да пронајдат информации за своите работни места кои можеби претходно ги немаат дознаено од своите работодавачи бидејќи понекогаш многу компании имаат мали тајни кои не ги откриваат, како на пример, зошто претходниот вработен го напуштил своето работно место на кое сега доаѓа друг вработен, кои се неговите

[110] Labor Migrations Policy in the Germany - OECD Report, 2022.
[111] Ibid. Стр. 92, 2022.
[112] Ibid. Стр. 92, 2022.
[113] Ibid. Стр. 92, 2022.

колеги со кои ќе работи, зошто склучуваат договори само со одредени фирми од други земји, а одредни други добри компании се одбиени, дали постојат монополски договори и многу други работи кои треба да бидат откриени на потенцијалните вработени бидејќи секој треба да знае на какво работно место ќе работи, со какво опкружување ќе биде соочен поради тоа што секој е посебен карактер и можеби нема да ги поднесе сите видови на притисоци, темпо на работа, смените на работното место и многу други клучни работи кои овие агенции најчесто се трудат да ги откријат на вработените. Ваквите агенции соработуваат со сите компании и понекогаш знаат кои вработени се способни за одредени работни места и може да се случи да предложат некои вработени во некои компании или, пак, да им помогнат на луѓето кои првпат мигрираат и одат на работа да не бидат измамени од кои било лица на работа или од самите работодавачи во смисла дека нема да им бидат дозволени сите права, нема да им биде дозволена целата плата, да бидат оставени подолго време на работа од потребното и слично, што реално отпосле може да прераснат во поголеми проблеми и за вработените и за работодавачите, а многу поголем проблем за компанијата во која ќе работат и со ова се доаѓа до заклучок дека Федералната агенција за вработување помага да се надминат сите видови на проблеми кои би можеле да се појават помеѓу потенцијалните вработени лица, кои трудово мигрирале, и нивните работодавачи.

Германски конзулати и германски амбасади во странство[114] најчесто има во поголемите градови од секоја држава кои се надлежни да го регулираат престојот на лицата, а исто така да издаваат дозволи за престој на тие лица или, доколку е потребно, да го продолжат престојот на лицата ако исполнуваат одредени услови. Луѓето кои сакаат да мигрираат во Сојузна Република Германија треба да отидат во германски конзулат или германска амбасада за да ги достават своите документи, да се изјаснат зошто сакаат таму да мигрираат, и сите останати работи таму ќе им се објаснат со цел луѓето кои сакаат да мигрираат, да бидат опуштени во својата одлука и да се осмелат да го направат тој чекор без присила на никого и со своја сопствена волја. Најважно е да осознаат како е да се работи во друга земја и подоцна да донесуваат разни заклучоци за тоа во која земја е подобро да се работи.

[114] Претставништва кои се водени од страна на амбасадор и ги претставувва германската држава политички и дипломатски во најдоброто нејзино светло за луѓето кои мигрираат.

Сојузната канцеларија за контрола на странци[115] е институција која врши локална служба која го регулира престојот најчесто по градови и најчесто им дава дозвола за престој и најчесто го следи престојот бидејќи многу вработени сакаат да им се продолжи со услови кои не им се дозволени или не ги исполнуваат, сè со цел да престојуваат во државата. Ова најчесто се случува со лица од многу сиромашни земји кои доаѓаат и некое време работат, но по одреден временски период не сакаат да работат бидејќи некои од нив не се навикнати да работат, некои од нив здравствено не се добри, а им требаат пари и слични случаи каде сепак престојот на лицата треба да биде контролиран бидејќи државата не ги познава лицата за да биде сигурна дека тие имаат само намери да работат и живеат и доколку работат како што е дозволено, и доколку работодавачот е задоволен, а се разбира и работникот, секако дека на тоа лице ќе му биде дозволен престој или, пак, продолжен. Доколку прави одредени прекршоци, стори некое кривично дело, секако дека ќе биде санкциониран и нема да му биде дозволен или продолжен престојот, па затоа Сојузната канцеларија за контрола на странци е институција која помага сè да биде исконтролирано за лицата кои ќе работат на почетокот како странци, а со тек на време доколку исполнат одредени услови, да бидат и дел од домашното население.

Сојузното министерство за труд и социјални прашања (BMAS)[116] најчесто се труди да ја креира трудовата политика во државата. Преку координација тоа е институција која ја креира трудовата политика бидејќи оваа канцеларија се труди да ги регулира сите работнички права и се труди сите странци кои трудово сакаат да мигрираат, да имаат еднаков третман заедно со домашните работници. Исто така овде се врши контролата на странците кои реално се непознати лица за Сојузна Република Германија, и се труди да го истражи претходното нивно образование, да истражи каде претходно имаат работено и престојувано, и на кој начин. Исто така, да дознаат какво криминално досие имаат и сето тоа се прави на легален начин бидејќи лицето кое сака да се вработи мора да си ги каже и приложи од патната документација своите лични податоци, исто така од приложената диплома се гледа образованието, од приложената потврда за осудуваност, и на тој начин

[115] Канцеларија каде одат странци кои сакаат да живеат или се краток период таму; најчесто тоа е на локално ниво, не на ниво на држава и одат луѓе кои мигрирале во земјата.

[116] Се наоѓа во Сојузна Република Германија, со седиште во Берлин, и се грижи за социјалната политика, вработувањата и сè останато што е поврзано со работните задачи на странските државјани.

државата согледува каква личност доаѓа да работи и дали токму таа личност е соодветната секако со координација на компанијата или институцијата каде лицето ќе работи.

3.2. Национално законодавство и институционални механизми во Република Словенија

Националното законодавство во Република Словенија е важно бидејќи благодарејќи на развиеното законодавство се заштитува трудовата миграција, а со тоа се развива и пазарот на трудот во државата.

Националното законодавство со неколку закони придонесува за регулирањето, овозможувањето, развивањето на трудовата миграција, и тие се[117]:

- Законот за странците[118];
- Законот за вработување[119].

Законот за странци е еден од најзначајните закони во законодавството во Република Словенија затоа што се утврдува влезот, престојот, работата и депортацијата на странци кои не ги почитуваат условите за работа или оние лица кои немаат дозвола за работа. Со Законот за вработување се регулира работниот однос на лицата односно странците од други држави кои имаат право да престојуваат и работат и во други земји освен во својата земја доколку ги исполнуваат условите.

Покрај овие два закона кои се многу битни во законодавството во Република Словенија, исто така битен е и Законот за интеграција на странците поради фактот дека доколку секој странец се третира како да е дел од населението, уште од првиот ден во таа држава тие ќе добијат убав впечаток за таа земја и ќе сакаат да живеат и работат таму без да се плашат за својот живот.

Институционалните механизми во Република Словенија се директно вклучени во трудовата миграција поради можноста сите тие институции кои имаат помеѓу себе поврзаност заеднички да делуваат на одредени подрачја каде се смета дека постојат многу поголеми миграци, на места каде се смета дека има трудова миграција која е недозволена

[117] Kogovšek Šalamon, N. „Migration Law in Slovenia“, 2nd Edition, 2018.
[118] Zakon o tujcih, ZTuj-2, донесен во 2011 год., Uradni list RS, број 50/11 од 30.6.2011.
[119] Ibid. Стр. 95, 2011.

или нерегуларна со органите каде луѓето на своја рака преземале различни недозволени постапки за кои сепак органите би требало да одлучат, а не луѓето кои сакаат да мигрираат.

Министерството за внатрешни работи ги следи дозволите кои се издаваат и ја утврдува целокупната трудова миграција. Инспекторатот е исто така орган кој врши инспекциски надзор дали работодавачот ги врши сите оние работи кои се во согласност со договорот кој е потпишан помеѓу двете страни, а тие две страни се работникот и работодавачот. Секогаш е потребно да бидат задоволни двете страни, но со голема почит кон работничките права кои се значајни бидејќи доколку не се почитуваат работничките права, не се почитува и самото работно место кое е битно за целокупниот развој на целиот пазар на труд.

Центарот за социјални работи во Република Словенија е дел од законодавниот систем поради тоа што овде се поддржува социјалната и економската интеграција – на сите мигранти во државата им се дозволуваат правата кои ги имаат сите луѓе во таа држава.

3.3. Употреба на правните пристапи: сличности и разлики

Употребата на правните пристапи ни овозможува да ги видиме сличностите и разликите помеѓу овие две земји, односно разликите во Сојузна Република Германија и Република Словенија во смисла на правните пристапи и механизми кои ги поседуваат овие две европски држави, а луѓето за подобро да ги согледаат сличностите и разликите на правните пристапи, потребно е да ги разграничат. Подолу во самата табела се прикажани сличностите и разликите на правниот пристап и со тоа луѓето согледуваат каде би било подобро за нив според дадените услови од двете држави.

Табела 1: Правен пристап – сличности и разлики меѓу Република Словенија и Сојузна Република Германија

Правен пристап во:	Република Словенија	Сојузна Република Германија
Се бара соодветно образование и квалификација	За некои професии може и со средно образование	Бара признати дипломи и дава предност на образовен кадар
Закони кои треба да се почитуваати и	Нема посебни закони кои бараат големи очекувања,	Има специфичен Закон за трудовата миграција кој

дополнително даваат правен пристап	туку општ Закон за вработување на странците	треба да се почитува дополнително за разлика од други држави
Документација и процедури	Полесна процедура и не бара многу документација за трудовата миграција	Подетална процедура и одзема многу време бидејќи има многу поголема густина на население и со тоа има оптоварување врз администрацијата за обработка на податоци
Услови за совладување на јазични вештини	Јазикот е многу полесен за народите кои знаат барем еден од јазиците од истата јазична група и државата дава бесплатни курсеви за странци	Јазикот е од друга јазична група и има специфичности кои луѓето треба да ги совладаат преку курсеви кои понекогаш, доколку се дополнителни, луѓето сами ги плаќаат
Институции и правна заштита	Има правна заштита, но не е толку силна, често има прекршување и на одредени закони неправилности во одредени професии како што се сезонската работа за берба на овошки или, пак, градежништвото.	Има силна законска регулатива и доколку не успева одреден закон, тие го менуваат веднаш со цел да не доаѓа до неправилности

Од табелата може да забележиме дека Република Словенија е држава која е развиена, но сепак има одредени пропусти во правниот систем, има многу побрз и послободен пристап за разлика од Сојузна Република Германија каде се бараат соодветни услови како образование, има многу посложена документација каде луѓето е потребно да ги приложат до одредени датуми и слични работи со кои се заклучува дека оваа земја многу повеќе се заштитува и има посовремен правен пристап до трудовата миграција токму поради причината дека во минатото и со самата историја гледаме дека се соочиле со многу неправилности кои довеле до распаѓање на системот и затоа денес тие се трудат на секој можен начин да си ја заштитат својата држава. Сепак, помеѓу овие две држави постојат сличности и може да кажеме дека имаат најразвиени системи помеѓу европските држави кога станува збор за употребата на правниот систем.

ЗАКЛУЧОК

Трудовата миграција претставува многу важен феномен во нашето општество бидејќи секој од нас сака да живее во друга држава доколку не може да пронајде во својата земја работа, доколку не се пронаоѓа во сопствената држава, во смисла дека сака да живее на поинаков начин или да зборува друг јазик, да се дообразува во друга држава и сето тоа луѓето имаат право да го прават бидејќи секој од нас поседува право да живее според своите желби и очекувања.

Трудовата миграција со други зборови ни е всушност приказ во какво општество секој од нас живее и кога веќе ни го покажува општеството, гледаме дека на тој начин ги покажува условите за живот, развиениот пазар, развиеноста на економијата, развиеноста на институциите во државата, развиеноста на образованието, социјалниот живот на луѓето и многу други нешта кои директно влијаат на сите нас.

Процесот на трудовата миграција силно влијае врз државите, а најмногу врз оние кои не се толку развиени или се сметаат за држави во развој, како и за европските држави каде директно мигрираат голем број на работници кои честопати се соочуваат со безброј проблеми од кои некои брзо се снаоѓаат, а многумина од нив не се ни пронаоѓаат или тешко се пронаоѓаат затоа што станува збор за голема бројка на луѓе кои мигрираат и по многу години не се ни враќаат од таму од каде што потекнуваат.

Трудовата миграција носи со себе многу позитивни, но и негативни страни, носи многу предности и недостатоци, но важно е секоја земја да се труди тие негативности да ги потисне со цел да оствари успех на секое поле во внатрешноста на државата. Секоја европска земја се труди трудовата миграција да ја покаже во најдобро светло токму поради развојот на државата, но и развојот и напредокот на луѓето.

Многу од европските земји ја поддржуваат трудовата миграција бидејќи меѓу себе ја имаат меѓународната политика, меѓународната соработка која овозможува подобри услови за земјата, но и подобар живот на луѓето.

Трудовата миграција има економско влијание во многу европски земји, а едни од тие земји се Сојузна Република Германија и Република Словенија бидејќи тие се две од најпосакуваните земји за миграција, особено за луѓето кои доаѓаат од сиромашни земји

поради тоа што познато им е дека токму во тие земји има работа за многу луѓе – и за тие кои студирале и имаат високо образование и за оние на кои високото образование не им било многу важно кога биле млади, и поради тоа секој од нив се надева дека ќе добие соодветна работа.

Многу е битно да се знае дека двете држави пристапуваат на многу добар начин кон луѓето кои мигрираат и имаат многу добра развиена правна регулатива. Иако Сојузна Република Германија и Република Словенија се две различни држави кои имаат различни цели, сепак имаат економско влијание на трудовата миграција и соодветен пристап во контекст на меѓународните економски односи, имаат развиени стратегии за тоа како да ја одржат трудовата миграција, како да ја развијат земјата и, со еден збор, како тие економски пристапи и цели да придонесат за развојот на иднината на овие две земји.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ана Никодиновска Крстевска, проф. д-р Олга Кошевалиска. „Миграција и азил: Национални, меѓународни и европска рамка“ – Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (2021).
2. Анкета за работна сила, Државен завод за статистика на Република Македонија, Статистички преглед: население и социјални статистики, октомври 2012, Скопје.
3. Договор од Амстердам од 1997.
4. Договор за интеграција во Италија од 2004.
5. Европската агенда за миграција, предложена во април 2017.
6. Истражувања од Центарот за истражување и креирање политики (2004 и 2018), Група 484, Центар за миграција (2013), Институт за стратешки истражувања и едукација (2017), Платформа за мултикултурализам (2017), УСАИД и Наванти Група (2019).
7. Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука и Државен завод за статистика на РСМ.
8. Никола В. Димитров. „Демографија“ – авторизирани предавања, Штип (2022).
9. Според податоците од Обединетите нации (ОН) и Меѓународната организација на трудот (2023).
10. A Concise Encyclopedia of the United Nations (2010).
11. Anna McKeever Imigrations Policy and Right-Wing Populism in Western Europe (2021).
12. Anna Triandafyllidou, „The Europian Migration and Asylum Policy Cristis“ (2018).
13. Anne Green, Ian Shuttleworth (2015).
14. Anna K. Boucher and Justin Gest, “The Classification of Immigration Regimes” in Crossroads: Comparative Immigration Regimes in a World of Demographic Change, ed. Christian Joppke (Cambridge: Cambridge University Press, 2018).
15. AufenthG и Skilled Immigrations Act, 2019-2020; Mipping and evaluating migration and integration policies:The case of Slovenia (2009).
16. Bettween Mobility and Migration: The Multy-level Governance of Intra-European movment. Charm: Springer (2018).
17. Center for Research and Policy Making, Migration and Development: Creating Regional Labor (2018).
18. Christian Dustmann, Frank Fastani, “Migration and the Welfare State“ (2016).

19. Christian Joppke and Hein de Haas, “The Classification of Immigration Regimes” in Crossroads: Comparative Immigration Regimes in a World of Global Flows, ed. Christian Joppke (Cambridge: Cambridge University Press, 2016).
20. Cas Mudde, Nationalism and Immigration: Why the Reactionary Right Has Gained Ground in Western Europe (2019).
21. Christian Joppke, Selectiong by Origin: Ethnic Migration in the Liberal State (2005).
22. Diane Coyle-GDP, “A Brief but Affectionate History“ (2016).
23. David Cook-Martin, David Scott FritzGerlad, How Their Laws Affect Our Laws: Mechanisms od Imigrations Policy Diffusion in the Americas (1790-2010).
24. Edvard Elgar – Publishing Globalizatons and Inguality (2012).
25. Engin F. Isin, Migrations and Citizenship: Legal Status, Rights and Political Participation (2008).
26. Edward Elgar Publishing, “Migrations and Nationalism: Theoretical and Empirical Perspectives“ (2024).
27. European Commission, “Commission Recommendations on Asylum, Relocation, and Return in the Context of COVID-19”, 16 April 2020.
28. European Commission, EU-Turkey Statement, 18 March 2016.
29. European Commission (2015).
30. Edvard Elgar, “Handbook on Migration and Development“ (2024).
31. Emma Carmel, Alfio Carami, Thomas Papadopoulos, Policy Press (2012).
32. Hannes Weber, “Highter acceptance rates of asylum seekers lead to slightly more asylum applications in the future“ (2018).
33. Hans-Joachim Diesner, The Great Migrations: The Movment of Peoples Across Europe (1982).
34. Hein de Haas et al., International Migration: Trends, Determinants, and Policy Effects, IMI Working Paper Series (Oxford: International Migration Institute, 2011).
35. Irina Molodikova, Transformation of Migrations patterns in post-Soviet space: Russian new migration policy od open doors and its effect on European migration flow (2007).
36. James Hampshire, The Politics of Immigrations: Contradictions of the Liberal State (2013).
37. Johnson R., Salti J., Labour Migrations The Internal Geographical Mobility of Labour in the Develop World (2018).

38. John Bonner, Economic Efficiency and Social Justice: The Development of Utilitarian Ideas in Economics from Bentham to Edgeworth (London: Routledge, 1993).
39. Kogovšeк Šalamon, N., "Migration Law in Slovenia", 2nd Edition (2018).
40. Labor Migrations Policy in the Germany - OECD Report (2022).
41. McKeever, A., Imigration Policy and Right-Wing Populism in Western Europe (2011).
42. Nafis Sadikis, An Agenda for People: The UNFPA Through Three Decades (2002).
43. Pravno-informacijski sistem Republike Slovenije (PISRS).
44. Rachael Dickson Migration Law, Policy and Human Rights: The Impact of Crisis in Europe (2022).
45. Raul Bosniak, The Internacional Boundary Regime Typology (2006).
46. Republic of Slovenia, Employment and Work of Foreign Nationals.
47. Roger Blanpain, Michele Colucci „Europian Labour Law" (2014).
48. Springer Cham, "Between Mobility and Migration: The Multi-Level Governance od Intra-Europian Movement" (2018).
49. Statisticks on migration to Europe (2020).
50. Stat.gov.mk.
51. Tiziana Caponio, Peter Scholten, Ricard Zapata-Barrero, Migration and Multi-level Governance: The Missing Link in Migration Studies (2019).
52. Vincente Chetail, Phillippe de Bruycker, Francesco Maiani, "Reforming the Common European Asylum System: The New Europian Refugee Law" (2016).
53. Zakon o zaposlovanju, samozaposlovanju in delu tujcev-ZZSDT.
54. Zakon o tujcih, ZTuj-2, донесен во 2011 год., Uradni list RS, број 50/11 од 30.6.2011.
55. http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/about_eurostat/introduction.
56. http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/about_eurostat/introduction.
57. https://worldmigrationreport.iom.int/wmr 2022-interactive/.
58. https://uis.unesco.org.